# ПОВЕРЕНИЧКО УПРАВУВАЊЕ ЗА ГОСПОДА – ДОДЕКА ТОЈ НЕ ДОЈДЕ

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
јануари, февруари, март 2023

**ПОВЕРЕНИЧКО УПРАВУВАЊЕ ЗА ГОСПОДА – ДОДЕКА ТОЈ НЕ ДОЈДЕ**

Автор: *Г. Едвард Рид*

Број 1/2023

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

Цитатите од Светото писмо се преземени од Стандардната верзија на македонската Библијата, издадена од United Bible Societies (UBS) во 1990 и од преводот на Душан Константинов. Сите права се задржани.

*Издава:*

**АИК „Знаци на времето“**

Одделение за саботна школа

*Подготовка:*

**Мелита Томовска**

*Коригирал:*

**Томе Трајков**

*Одговара:*

**Томе Трајков**

*За издавачот:*

**Михајло Гурев**

**За интерна употреба**

# СОДРЖИНА:

1. Дел од Божјото семејство ........................................................ 7

2. Божјите завети со нас ........................................................ 14

3. Договор за давање десеток ........................................................ 21

4. Приноси за Исуса ........................................................ 28

5. Справување со долговите ........................................................ 35

6. Собирање богатство на небото ........................................................ 42

7. „На еден од овие мои најмали браќа“ ........................................................ 49

8. Планирање за успех ........................................................ 56

9. Чувајте се од алчноста ........................................................ 63

10. Возвраќање ........................................................ 70

11. Повереничко управување во тешки времиња ........................................................ 77

12. Награди за верноста ........................................................ 84

**Додаток**

Утрински стихови – јануари ........................................................ 92

Утрински стихови – февруари ........................................................ 93

Утрински стихови – март ........................................................ 94

Секојдневно читање на Библијата ........................................................ 96

Текстови за вечерно богослужение ........................................................ 97

Табели за почеток на саботата во Македонија ................ 98-100

# ПОВЕРЕНИЧКО УПРАВУВАЊЕ ЗА ГОСПОДА – ДОДЕКА ТОЈ НЕ ДОЈДЕ



Тешко ни е во потполност да го сфатиме односот што нашиот Бог, Создателот на универзумот, сака да го има со нас луѓето. (И самата помисла на тоа восхитува!) „Гледајте колку голема љубов ни дал Отецот – да бидеме наречени чеда Божји, а тоа и сме!“ (1. Јованово 3,1). Или, како што напишала Елена Вајт: „Може ли кое било човечко достоинство да се спореди со ова? Можеме ли да заземеме повисока позиција од таа да се нарекуваме деца на бесконечниот Бог? … Може ли некоја световна чест да се изедначи со оваа?“ (Елена Вајт, *Божјата неверојатна благодат*, стр. 341 оригинал). Само темнината на овој свет оптоварен од гревот нè спречува целосно да го цениме статусот што ни е даден во Исуса.

Сепак, ако не внимаваме, примамливоста на овој свет и работите во светот ќе нè оддалечат од Христа. За среќа, Божјата реч нè запознава со искушенијата и стапиците на сатаната. „А оние што сакаат да се збогатуваат, паѓаат во искушение, во стапици и во многу неразумни и штетни страсти, што го потопуваат човекот во пропаст и погибел. Зашто коренот на сите зла е среброљубието, на што некои му се предадоа, се отклонија од верата и си навлекоа многу маки“ (1. Тимотеј 6,9.10).

Меѓутоа, Господ ни дава насоки како да заработиме пари и како да ги користиме мудро, не дозволувајќи тоа да стане нешто што, како што предупредува Павле, може да ни донесе „пропаст и погибел“. Во повеќе од 2.000 библиски стихови кои се занимаваат со парите, имотот и нашиот однос кон нив, Бог ни дава практични упатства за тоа како да се издигнеме над животните притисоци и да управуваме со она што ни е дадено на финансиски одговорен начин.

Во лекциите за ова тримесечје ќе го проучуваме Божјиот идеал кога станува збор за нашиот однос со Него и јасно ќе видиме како да развиеме доверба во Него, доволно длабока за да му останеме верни, дури и кога веќе не ќе можеме да купуваме и продаваме. (Видете Откровение 13,17.) Меѓутоа, таквата вера не се стекнува преку ноќ. Сепак, со верно

управување со она што Бог ни го дал, можеме да бидеме подготвени, дури и сега, за сѐ што ќе ни се случи.

Бог ги поседува ресурсите и, кога соработуваме со Него, Тој ни дозволува да управуваме со нив за Него. Намерата на Спасителот е човечките суштества, очистени и осветени, да бидат Негова десна рака. За оваа голема привилегија, да му ја изразиме нашата благодарност на Оној што „нѐ избави од власта на темнината и нѐ воведе во царството на Својот возљубен Син, во Кого имаме откуп; и простување на гревовите“ (Колошаните 1,13.14).

Советот што Бог им го упатил на своите деца преку мудриот Соломон гласи: „Давај Му принос на Господ од имотот твој и од првините на плодовите од твоите придобивки“ (Мудри изреки 3,9). Тој совет е сосема соодветен, бидејќи е напишано: „Достоен си, Господи, да ја примиш славата, честа и силата, зашто Ти си создал сѐ, и според Твојата волја постои сѐ и е создадено!“ (Откровение 4,11)

Од чисто секуларна перспектива, живееме во многу предизвикувачки и стресни времиња. Меѓутоа, нашиот христијански светоглед ни дава сигурност и надеж додека ги набљудуваме знаците што ни ги дал Исус за да знаеме дека големата кулминација на човечката историја, второто Христово доаѓање, е многу блиску, така да се каже, пред вратата. Наша молитва е овие практични лекции да ја продлабочат вашата вера и доверба во Бога и да ве поттикнат да бидете Негови верни управители.

*Г. Едвард Рид е ракоположен проповедник и лиценциран адвокат кој служел многу години како водач на Повереничката служба во Северноамериканската дивизија.*

.

**Лекција 1**
**31 декември до 6 јануари 2023**

# ДЕЛ ОД БОЖЈОТО СЕМЕЈСТВО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Галатјаните 3,26, 29; Псалм 50,10-12; 1. Дневникот 29,13.14; Филипјаните 4,19; 1. Јованово 5,3; Матеј 6,19-21.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Гледајте колку голема љубов ни дал Отецот – да бидеме наречени чеда Божји, а тоа и сме!“ (1. Јованово 3,1)**

Неверојатна карактеристика на односот што ние како христијани го имаме со Бога е тоа што Тој ни доверува да управуваме со Неговите работи на земјата. На самиот почеток на човечката историја, Бог изречно ги овластил Адам и Ева да се грижат за беспрекорните дела на Неговото создавање. (Видете 1. Мојсеева 2,7-9,15.) Од давањето имиња на животните, до чувањето на Градината и населувањето на земјата со раѓање деца, Бог ни ставил јасно до знаење дека треба да работиме овде во Негово име.

Тој навистина нè благословува со потребните средства, но нам ни доверил да управуваме со нив – да собираме пари, да пишуваме чекови, да вршиме електронски трансфери на пари, да правиме буџети и да ги носиме нашите десетоци и дарови во црква во сабота наутро. Бог нè поттикнува да ги трошиме средствата што ни ги дал за наши потреби, за потребите на другите и за унапредување на Неговото дело. Колку и да изгледа неверојатно, ние сме тие на кои Бог им доверил да ги воспитуваат своите деца, да ги градат Неговите згради и да ги образуваат следните генерации.

Во лекцијата за оваа седмица ќе ги разгледаме привилегиите и одговорностите поврзани со тоа што сме дел од Божјето семејство.

## НИЕ СМЕ ДЕЛ ОД БОЖЈОТО СЕМЕЈСТВО

**„Затоа ги преклонувам колената свои пред Отецот на нашиот Господ Исус Христос, од Кого се именува секој род на небесата и на земјата“ (Ефесјаните 3,14.15). Какви слики оживуваат овие стихови и каква надеж наоѓаме во нив?**

___

___

Веќе на почетокот на својата служба, Исус изјавил: „Туку молете се вака: Оче наш, Кој си на небесата, да се свети името Твое“ (Матеј 6,9). Подоцна, насамо им ја повторил истата молитва на своите ученици (Лука 11,2-4). Исус ни кажал да го нарекуваме Неговиот Отец „Оче наш, Кој си на небесата“. Кога се сретнала со Исуса по Неговото воскресение, Марија сакала да го прегрне. Меѓутоа, „Ѝ рече Исус: ’Не допирај се до Мене, зашто уште не сум се вратил кај Мојот Отец; туку отиди кај браќата Мои и кажи им: се враќам кај Својот Отец и вашиот Отец, кај Својот Бог и кај вашиот Бог‘“ (Јован 20,17).

Бидејќи имаме ист Отец со Исуса, Тој е наш брат, а сите ние сме браќа и сестри во Господа. Исус станал член на земното семејство за да можеме ние да станеме членови на небесното семејство. „Небесното семејство и земното семејство се едно“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 835 оригинал).

**Прочитајте ги следните текстови: 2. Мојсеева 3,10; 2. Мојсеева 5,1 и Галатјаните 3,26.29. Што кажуваат овие стихови за тоа како Бог се однесува кон нас? Зошто ова треба да биде толку охрабрувачко?**

___

За разлика од учењето кое делата на создавањето ги смета како обичен производ на студените, нечувствителни закони на природата, Светото писмо учи не само дека Бог постои, туку и дека Тој нѐ љуби нас и дека се однесува кон нас на начин кој е толку проникнат со љубов, што често, за да се прикаже тој однос, се користи сликата на семејството. Без разлика дали Исус го нарекува Израел „мој народ“, или нас „синови Божји“ или го нарекува Бога „наш Отец“, значењето е секогаш исто: Бог нѐ сака така како што членовите на семејството треба да се сакаат еден со друг. Колку добра вест е тоа среде овој свет кој, сам по себе, знае да биде многу непријателски!

**Замислете свет во кој сите се однесувавме како кон членови на едно семејство. Како можеме да научиме кон сите луѓе да постапуваме како кон наши браќа и сестри?**

## БОГ Е СОПСТВЕНИК НА СЀ

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 50,10-12; Псалм 24,1; 1. Летописи 29,13.14 и Агеј 2,8. Каква е нивната порака, и што треба да значи таа вистина за нас и за нашиот однос кон она што го поседуваме?**

---

---

Првата книга Летописи, почнувајќи од 17. глава, известува за желбата на царот Давид да изгради куќа за Бога. Таа желба му ја доверил на пророкот Натан, кој му одговорил: „Прави сѐ што ти е на срце, зашто Господ е со тебе“ (1. Летописи 17,2). Но таа ноќ Натан прима порака од Бога во која му било наложено да му пренесе на царот дека, бидејќи е воин, тој нема да може да го изгради Божјиот дом. Неговиот син ќе ја заврши таа работа наместо него. Давид потоа прашал дали може барем да ги направи плановите и да ги подготви градежните материјали. Кога му било одобрено ова барање, Давид го поминал остатокот од својот живот собирајќи огромни количини делкан камен, кедар, железо, злато, сребро и месинг „без мерка“. Кога целиот градежен материјал бил собран и распореден на градилиштето, Давид ги повикал водачите на Израел на заедничка церемонија на прославување и благодарност.

Што вели царот Давид во текстот 1. Летописи 29,13.14, во својата јавна молитва, за тоа кој е вистинскиот извор на сиот тој градежен материјал за кој тој и неговиот народ вложиле време и пари за да се собере? Се разбира, тој во основа вели: „Навистина, не можеме да си припишеме никаква заслуга за сиве овие посебни материјали, бидејќи ние само ти го враќаме она што е веќе твое“.

Оваа порака е важна за сите нас, без разлика дали сме богати или сиромашни (но особено ако сме богати). Бидејќи Бог создал сѐ на почетокот (види 1. Мојсеева 1,1; Јован 1,3; Псалм 33,6.9), Тој, всушност, е вистинскиот сопственик на сѐ што постои, вклучувајќи го и сето она што го поседуваме, што и да е – без оглед колку напорно, вредно и чесно сме го заработиле тоа. Да не е Бог и Неговата благодат, ние не би имале ништо и би биле ништо – всушност, не би ни постоеле. Затоа, мора да живееме со сознанието дека, во крајна линија, Бог поседува сѐ што постои, и славејќи го и благодарејќи му за Неговата добрина кон нас, секогаш можеме да ја имаме на ум оваа важна вистина.

**„Зашто, кој сум јас, и кој е мојот народ, та можеме да жртвуваме толку? Но од Тебе е сѐ, и добиеното од Твојата рака Ти го дадовме?“ (1. Летописи 29,14) Кои возвишени принципи се сумирани во тие зборови, и како тие ги одразуваат ставовите што треба да ги имаме кон Бога и кон сето она што го поседуваме?**

## РЕСУРСИ ДОСТАПНИ ЗА БОЖЈОТО СЕМЕЈСТВО

Најголемиот Божји дар за Неговите деца е Исус Христос, кој ни простува и со тоа ни влева мир, ни дава благодат за секојдневниот живот, духовен раст и надеж во вечниот живот.

„Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот" (Јован 3,16). „А на сите што Го примија – на сите што веруваа во Неговото име – им даде моќ да станат чеда Божји" (Јован 1,12).

Според тоа, спасението е темелен дар бидејќи, без тој дар, што друго би можеле да добиеме од Бога што би било навистина важно на долги патеки? Што и да имаме овде, еден ден ќе умреме и ќе нè нема, како и сите оние што ќе се сеќаваат на нас, и што и да правиме ќе биде заборавено. Затоа, прво и најважно е дарот на евангелието, односно Христос, и тоа распнатиот (1. Коринќаните 2, 2), секогаш да ни биде во центарот на вниманието.

А сепак, заедно со спасението, Бог ни дава многу повеќе. А на оние кои се загрижени за својата храна и облека, Исус им дава утеха со следниве зборови: „Но барајте го најнапред царството на Бога и Неговата правда, и сè ова ќе ви се придодаде" (Матеј 6,33).

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 23,1; Псалм 37,25 и Филипјаните 4,19. Што ни кажуваат овие стихови за Божјата грижа за нашите секојдневни потреби?**

---

Исто така, кога им зборувал на учениците за своето заминување, Исус, за да ги утеши, им го ветил дарот на Светиот Дух. „Ако Ме љубите, пазете ги Моите заповеди. Јас ќе Го помолам Отецот, и Тој ќе ви даде друг Утешител за да биде со вас довека, Духот на вистината, Кого светот не може да Го прими, зашто не Го виде, ниту Го познава; а вие Го познавате, зашто во вас е и во вас ќе биде" (Јован 14,15-17). „А кога ќе дојде Тој, Духот на Вистината, ќе ве упати во сета вистина" (Јован 16,13).

Тогаш самиот Дух ќе им даде на Божјите деца неверојатни духовни дарови (Види 1. Коринќаните 12,4-11.)

Накратко, Бог во кој „зашто ние преку Него живееме, се движиме и постоиме" (Дела 17,28), Бог кој „Сам на сите им дава живот, здив и сè" (Дела 17,25), ни овозможил егзистенција, ни го дал ветувањето за спасение, ни обезбедил материјални благослови и духовни дарови за да бидеме благослов за другите. И повторно, што и да поседуваме во материјална смисла, без оглед на даровите или талентите со кои сме благословени, ние сме должни во секој поглед да му дадеме сметка на Дародавецот за тоа како ги користиме.

# ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА БОЖЈОТО СЕМЕЈСТВО

Сите ние уживаме во духовните и во телесните благослови и дарови што ни ги дава Бог. Колку е утешно и тоа што знаеме дека ние сме „дел од Неговото семејство“.

**Прочитајте 5. Мојсеева 6,5 и Матеј 22,37. За што се зборува овде и како можеме да го постигнеме тоа?**

______________________________________________________________

Како можеме да го сакаме Бога „со сето свое срце, и со сета своја душа, и со сиот свој разум“ (Матеј 22,37)? Интересно е што Библијата ни дава одговор на ова прашање, но тоа не е одговорот што повеќето луѓе го очекуваат.

**Прочитајте ги текстовите 5. Мојсеева 10,12.13 и 1. Јованово 5,3. Од библиска перспектива, каков треба да биде нашиот одговор на меѓусебниот однос полн со љубов што го имаме со нашиот небесен Татко?**

______________________________________________________________

Држење на законот? Послушност на заповедите? За многу христијани, за жал, мислата за држење на законот (особено на четвртата заповед) претставува легализам и тие тврдат дека ние сме едноставно повикани да го сакаме Бога и ближните како себеси. Меѓутоа, Бог е јасен – нашата љубов кон Бога и кон нашите ближни ја откриваме токму преку послушноста кон Неговите заповеди.

„Бидејќи љубовта кон Бога се состои во ова: да ги пазиме заповедите Негови“ (1. Јованово 5,3). Навикнати сме да гледаме на овој стих во смисла дека ние го сакаме Бога и затоа ги држиме Неговите заповеди. И тоа е во ред. Но, можеби треба да го сфатиме и во смисла дека „љубовта кон Бога се состои во ова“, односно дека ја спознаваме и ја доживуваме Божјата љубов токму на тој начин што ги држиме Неговите заповеди.

Во текстот Матеј 7,21-27, Исус вели дека оние што ги слушаат и ги извршуваат Божјите зборови можат да се споредат со мудар градител кој ја изградил својата куќа на цврста карпа. Оние кои слушаат, но не извршуваат, можат да се споредат со неразумниот градител кој ја изградил својата куќа на песок – со катастрофални последици. И двајцата ја слушнале Речта. Едниот послушал, другиот не, а последиците се состоеле во разликата – живот или смрт.

**Размислете за поврзаноста која постои меѓу љубовта кон Бога и покорувањето на Неговиот закон. Зошто љубовта кон Бога се изразува на овој начин? Што е тоа во држењето на заповедите што, всушност, ја открива таа љубов? (Навестување: Размислете до што доведува непослушноста кон Неговиот закон.)**

## БОГАТСТВО НА НЕБОТО

**„Не собирајте богатства на земјата, каде што ги јаде молецот и рѓата, и каде што крадците ги поткопуваат и крадат; но собирајте си богатства на небото, каде што ни молец, ниту рѓа ги јаде, и каде што крадци не ги поткопуваат, ниту крадат. Зашто, каде што е богатството ваше, таму ќе биде и срцето ваше“ (Матеј 6,19-21). За кои клучни вистини зборува Исус овде?**

---

Кој не прочитал една од многуте приказни за луѓе кои стекнале големо богатство, но набрзо го изгубиле на овој или оној начин? Нашиот свет е многу нестабилно место – војни, злосторства, насилство, природни катастрофи – сето тоа може да настапи ненадејно и да го одземе сето она за што сме работеле, а сме го заработиле чесно и верно. Освен тоа, за миг може да ни се случи и смрт, а така сите овие работи да ни станат бескорисни.

Секако, во ниту еден момент Светото писмо не ни кажува дека е погрешно да се биде богат или да се стекнува богатство. Во тие стихови, всушност Исус нè предупредува на сè да гледаме од соодветна перспектива.

Но, што значи да се собира богатство на небото? Ова значи дека Бог и Неговото дело мора да ни бидат на прво место во нашиот живот, наместо заработувањето пари да биде пред сè. Тоа, меѓу другото, значи дека она што го имаме треба да го користиме за Божјото дело, за унапредување на Неговото царство, за работа во полза на другите и за благослов на другите.

На пример, кога го повикал Аврам, Бог планирал да го употреби него и неговото семејство за да ги благослови сите семејства на земјата. Бог му рекол на Аврама, кој се нарекол „пријател Божји“ (Јаков 2,23): „А од тебе ќе направам голем народ, и ќе те благословам, и името твое ќе го прославам и ти ќе бидеш благословен. Ќе ги благословам оние, што тебе ќе те благословуваат, и ќе ги проколнам оние, што тебе ќе те проколнуваат и преку тебе ќе бидат благословени сите народи на земјата“ (1. Мојсеева 12,2.3).

„И така, оние што веруваат, се благословени заедно со верниот Аврам“ (Галатјаните 3,9). Затоа, се соочуваме со истиот предизвик со кој се соочил и самиот тој.

„Парите имаат голема вредност зашто можат да направат многу добра. Во рацете на Божјите деца тие се храна за гладните, вода за жедните, облека за голите. Тие се одбрана за угнетените, средство за помош на болните. Меѓутоа, парите сами по себе немаат поголема вредност од обичен песок ако не се употребат за намирување на животните потреби, за помагање на ближните и за унапредување на Христовото дело“ (Елена Вајт, *Христовите параболи*, стр. 351 оригинал).

**„Зашто, каде што е богатството ваше, таму ќе биде и срцето ваше“ (Матеј 6,21). Што ви кажува вашето срце за тоа каде се наоѓа вашето богатство?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Божјето срце копнее за своите деца на земјата со љубов која е посилна од смртта. Давајќи го својот Син, во тој еден дар, Тој ни го подарил целото небо. Животот на Спасителот, неговата смрт и посредување, службата на ангелите, молитвите на Духот, севкупното залагање на Отецот, постојаната активност на небесните суштества сето тоа е ставено во служба за откуп на човекот“ (Елена Г. Вајт, *Патот кон Христа*, стр. 21 ориг.).

„Ако сте се откажале од себеси и сте му се предале на Христа, вие сте станале член на, Божјето семејство, и затоа ви стои на располагање сѐ што се наоѓа во Татковата куќа. Пред вас се отворени сите Божји богатства, и во сегашниот и во светот што ќе дојде.

Службата на ангелите, дарот на неговиот Дух, трудот на неговите слуги – сето тоа ви стои на располагање. Светот, со сето она што е во него, е ваш сѐ дотогаш додека може да ви послужи за добро.“ (Елена Г. Вајт, *Мисли од Горага на блаженсшваша*, стр. 110 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Имајќи ги на ум сите тие неверојатни дарови што Бог им ги дава на своите деца, принудени сме да се запрашаме како псалмистот: „Што да Му дадам на Господ за сите негови добрини што ми ги направи мене?“ (Псалм 116,12). Направете список на благословите и даровите што Бог ви ги дал во вашиот духовен и овоземен живот и бидете подготвени да ги споделите во вашата класа. Што можеме да научиме за тоа колку навистина треба да му бидеме благодарни на Бога?**

**2. Иако ние со право размислуваме за Бога како наш Творец, Светото оисмо постојано и одново учи дека Тој нас и нѐ одржува во живот (Видете Евреите 1,3; Јов 38,33-37; Псалм 135,6.7; Колошаните 1,17; Дела 17,28; 2. Петрово 3,7). Од галаксиите во космосот, чукањето на нашето срце, до силите што ги поврзуваат атомските структури кои ја сочинуваат целата позната материја, само Божјата сила ги одржува во постоење. Како оваа библиска вистина треба да ни помогне да разбереме кои се нашите обврски кон Бога, во однос на тоа како го користиме сето она што Тој ни го дал? Како овој факт ни помага да го одржуваме нашиот живот и целта на нашето постоење во вистинската перспектива?**

**3. Во оваа лекција се зборуваше за тоа зошто, од сето она што Бог ни го дал, Исус и планот на спасение се најголемиот дар од сите. Зошто е тоа вистина? Што би имале ако го немавме тој дар и големата надеж што ни ја нуди? Еден писател атеист ги прикажал луѓето како обични „парчиња расипано месо на коски што се распаѓаат“. Зошто тој, ако го нема дарот на евангелието, всушност би бил во право?**

**Лекција 2**
**Од 7 до 13 јануари 2023**

# БОЖЈИТЕ ЗАВЕТИ СО НАС



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 10,22; Јован 6,29; 5. Мојсеева 28,1-14; Мудри изреки 3,1-10; Малахија 3,7-11; Матеј 6,25-33.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ако навистина го послушаш гласот на Господа, својот Бог, пазејќи ги и вршејќи ги сите негови заповеди што ти ги наредувам денес, Господ, твојот Бог, ќе те возвиши над сите народи на земјата. Сите овие благослови ќе слезат над тебе и ќе те стигнат ако го слушаш гласот на Господа, својот Бог“ (5. Мојсеева 28,1.2).**

Неверојатно, Бог склучува договори (или завети) со нас. Повеќето од нив се билатерални, што значи дека двете страни (и Бог и луѓето) имаат своја улога. Пример за билатерален договор е: „Ако ти го направиш ова, тогаш јас ќе го направам она“. Или: „Ќе го направам ова ако ти го направиш она“.

Поретки видови се унилатералните или еднострани завети. „Јас ќе го направам тоа, без разлика дали ти ќе направиш нешто или не.“ Неколку Божји завети со човештвото се еднострани. На пример: „Тој го остава Своето сонце да грее и над лошите и над добрите, и им праќа дожд и на праведните и на грешните“ (Матеј 5,45). Што и да правиме или да не правиме, можеме да сметаме на тоа дека Бог ќе ни дава сонце и дожд. По потопот, Бог склучил завет со човештвото и „со сите земни ѕверови“, според кој никогаш нема да има друг потоп што ќе ја поплави целата земја (видете го текстот од 1. Мојсеева 9,9-16), без разлика на нашите постапки. Тој исто така ветил:

„Отсега, па сè дури постои земјата, нема да престанат сеењето и жнеењето, студот и горештината, летото и зимата, деновите и ноќите“ (1. Мојсеева 8,22). Што и да правиме, годишните времиња ќе доаѓаат и ќе си заминуваат.

Оваа седмица ќе проучуваме некои мошне значајни билатерални (обострани) завети меѓу Бога и Неговите деца. Се молиме, според Божјата благодат, да го „одржиме својот дел од договорот“.

## ЗАВЕТОТ НА СПАСЕНИЕТО

Христовата смрт на Голгота овозможила спасение за секој човек што некогаш живеел или некогаш ќе живее на земјата. Меѓутоа, за разлика од ветувањето за промена на годишните времиња, заветот на спасението не е еднострано – тоа не се дава секому, без разлика што прави. Верувањето дека сите ќе бидат спасени се нарекува „универзализам“.

Но Исус, наспроти тоа, јасно учел дека, и покрај фактот што Тој умрел за целото човештво, многу луѓе сè уште одат по широкиот пат, кој ги води во уништување и вечна смрт (Матеј 7,13.14).

**Што имаат да кажат следните текстови за тоа како луѓето го добиваат дарот на спасението во Исуса?**

**1. Јованово 5,13**________________________________________

______________________________________________________

**Матеј 10,22**__________________________________________

______________________________________________________

**Јован 6,29** ___________________________________________

______________________________________________________

**2. Петрово 1,10.11**______________________________________

______________________________________________________

Павле ја разбрал билатералната природа на заветот на спасението. Знаејќи дека наскоро ќе биде погубен, тој самоуверено му кажува на својот драг пријател Тимотеј дека, и покрај тоа што многу од неговите сопатници го напуштиле, тој со целосна доверба вели дека го исполнил својот дел на договорот. „Зашто јас веќе се изливам како жртва леаница, а времето за моето заминување настапи. Добро се борев, патот го завршив, верата ја запазив. Понатаму ме очекува венецот на правдата, што ќе ми го даде во оној ден Господ, праведниот Судија; но не само мене, туку и на сите кои се радуваат на Неговото појавување“ (2. Тимотеј 4,6-8).

Всушност, Павле вели: „Подготвен сум затоа што добро се борев, го истрчав својот пат, верата ја сочував.“ Меѓутоа, тој секогаш многу јасно тврдел дека човекот се спасува само со вера, а не со делата на законот, па и овде не гледа на сопствените дела и достигнувања како на свои заслуги пред Бога. Оттука, „венецот на правдата“ што го чека е всушност Исусовата праведност, на која Павле се повикувал со вера и се држел за неа до крајот на својот живот.

**Иако спасението е незаслужен дар, која е разликата меѓу оние кои го прифаќаат тој дар и оние кои не го прифаќаат? Какви барања поставува пред нас прифаќањето на тој дар?**

## „АКО СЛУШАШ ВНИМАТЕЛНО...“

Петтата книга Мојсеева претставува пишана верзија на прошталните пораки на Мојсеј упатени до другата генерација Израелци по четириесетгодишното талкање по пустината. Тие пораки биле изговорени на моавските рамнини источно од Ерихон. Затоа 5. Мојсеева е соодветно наречена „Книга на сеќавањето“.

Во таа книга, Мојсеј зборува за верното постапување на Бога со Израел. Тој се навраќа на патувањето од планината Синај до Кадиз Варнија на работ на Ветената земја, како и на нивниот бунт и 40-годишното талкање низ пустината. Тој ги повторил Десетте заповеди, барањето за давање десеток и создавање на централно складиште. Меѓутоа, примарниот фокус на 5. Мојсеева е советот да се покоруваме на Бога и да ги примаме Неговите благослови. Мојсеј го прикажува Бога како Оној кој има способност и желба да се грижи за својот народ.

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 28,1-14. Кои големи благослови му биле ветени на народот? Но, што требало да прават за да ги примат тие благослови?**

---

Мојсеј многу сакал луѓето да сфатат дека Бог има на ум прекрасни, па дури и чудесни благослови за нив. Неговите зборови: „Ако навистина го послушаш гласот на Господа, својот Бог“, им ставиле до знаење дека во прашање била нивната вечна судбина. Колку моќен израз на реалноста на слободниот избор! Тие биле Негов избран народ, приматели на големи благослови и ветувања, но тие благослови и ветувања не биле безусловни. Требало да ги прифатат, да ги применат и според нив да постапуваат.

Ништо од она што Бог барал од нив не било премногу тешко да се исполни. „Зашто оваа заповед, што денес ти ја давам, не е тешка за тебе, ниту е далеку од тебе. Таа не е на небото, за да може да се каже: ’Кој од нас би се воздигнал на небото и би ни ја зел и донел да ја чуеме, та да ја исполниме?’; ниту е преку море, за да може да се каже: ’Кој од нас би отишол преку море и би ни ја зел и дал да ја чуеме, та да ја исполниме?‘ Но оваа заповед е многу блиску до тебе: таа е во устата твоја и во срцето твое, за да ја исполнуваш“ (5. Мојсеева 30,11-14).

Секако, покрај благословите, тука е и предупредување за проклетствата што ќе ги снајдат доколку не послушаат (5. Мојсеева 28,15-68), односно какви последици ќе донесе нивниот грев и бунт.

**Што значи за нас денес навистина „да го послушаме“ она што Бог ни кажува Бог да го правиме?**

## ПОЧИТУВАЈ ГО ГОСПОДА

Книгата Муздри изреки Соломонови не се занимава толку со прашањето за она што е исправно или погрешно, колку што зборува за мудроста и безумноста. Додека ја читате оваа книга, ќе ги видите придобивките од мудроста и стапиците на безумноста.

**Прочитајте го текстот Мудри изреки 3,1-10. Кои прекрасни ветувања се дадени таму? И што значи изразот „првините на сиот свој приход“?**

---

Бог бара од нас да го ставиме на прво место, кога станува збор за управување со нашиот имот, признавајќи дека Тој е сопственик на сѐ и покажувајќи со нашата вера дека Тој се грижи за нас. Но, и уште повеќе од тоа, Тој вели дека ако го ставиме на прво место, ќе го благослови она што ни преостанало. Да го правиме тоа – односно, да го ставиме Него на прво место – за нас претставува чин на вера и доверба, показател дека се надеваме на Господа со сето свое срце и дека навистина не се потпираме на сопствениот разум (што е особено важно, затоа што мошне често се случува нешто што не го разбираме и во кое не гледаме некоја смисла).

Меѓутоа, ништо не може да ја поттикне нашата доверба во Бога и Неговата љубов посилно од крстот. Кога ќе сфатиме што ни е дадено на сите нас во Исуса, не само како наш Творец (Јован 1,1-4) и Старател (Евреите 1,3), туку и како наш Откупител (Откровение 5,9), враќањето на Бога првината од плодовите на сѐ она што го имаме, навистина е најмалку што можеме да направиме.

„Не само што Господ упатува на тоа дека десетокот е нешто што Нему му припаѓа туку ни кажува и како треба да го одвоиме за Него. Тој ни порачува: ‚Почитувај Го Господа со својот имот и со првините на сиот свој приход‘ (Мудри изреки 3,9). Тоа не значи дека нашите средства можеме да ги трошиме на себе, и остатокот да му го принесеме на Господа, иако и тоа би било чесно одвоен десеток. Според тоа, најпрво нека се издвои Божјиот дел“ (Ellen G. White, *Counsels on Stewardship*, p. 81.).

Бог вели дека, ако го ставиме Него на прво место, ќе имаме „преполни житници“ (Мудри изреки 3,10). Сепак, тоа нема да се случи на некој чудесен начин. Односно, нема да се разбудите едно утро и да откриете дека вашите каци и житници одеднаш се полни.

Наместо тоа, Библијата содржи принципи на добро управување со средствата, внимателно планирање и финансиска одговорност, а притоа верноста во она на што Бог нѐ повикува треба да биде наша прва и основна должност.

**Меѓутоа, како да научиме да се потпираме на Бога и на Неговите ветувања во финансиски тешки времиња кога, и покрај тоа што настојуваме да бидеме верни, нашите „житници и каци“ не се полни?**

# ДОГОВОР ЗА ДЕСЕТОК

Постои тесна духовна врска меѓу обичајот да даваме десеток и нашиот однос спрема Бога. Израелците напредувале кога му биле послушни на Бога и верни во давањето десеток. Наспроти тоа, поминувале низ тешки времиња кога не постапувале така. Се чинело како да следат образец на циклично менување на периоди на послушност и изобилство, со периоди на непослушност и проблеми. Во еден од тие периоди на неверство, Бог, преку пророкот Малахија, му понудил на својот народ билатерален договор.

**Прочитајте го текстот Малахија 3,7-11. Кои ветувања и обврски се споменуваат во тие стихови?**

---

Бог ветил дека ќе се врати кај Својот народ, ако тие се вратат кај Него. Кога го прашале што сакал да каже со тоа дека треба да се вратат кај Него, Тој изречно рекол: „Смее ли човек да Му задржува на Бога? А вие Ми задржувате Мене, и прашувате: 'Во што Ти задржуваме?' Во десетокот и во приносот." Причината за нивното проклетство била во тоа што задржувале (или краделе, според преводот на МПЦ; заб. на прев.) од она што му припаѓа на Бога. И еве го Божјото решение за тој проблем: „Донесете ги сите десетоци во ризницата" (Малахија 3,10). И кога ќе го сторите тоа, Бог вели да го испитаме, „Не ќе ли ви ги отворам небесните брани и не ќе ли излеам врз вас благослов со полна мерка." Ако немаме доволно простор за да го примиме сето тоа, ќе имаме вишок со кој ќе можеме да им помогнеме на другите и да го унапредиме Божјото дело.

„Оној што го дал Својот Единороден Син да умре за вас, склучил завет со вас. Тој ви ги дава Своите благослови, а за возврат бара од вас да му ги донесете своите десетоци и приноси. Никој нема ни да се осмели да тврди дека не го разбрал тоа прашање. Божјиот план во врска со десетокот и приносите е јасно изложен во третата глава од Книгата на пророк Малахија. Бог ги повикува луѓето да бидат верни на заветот што Тој го склучил со нив" (Ellen G. White, *Counsels on Stewardship*, стр. 75).

Еден од позитивните периоди на послушност е забележан за време на владеењето на добриот јудејски цар Езекија. Во Јудеја дошло до вистинска преродба и луѓето почнале верно да ги принесуваат своите десетоци и приноси во храмската ризница. Донеле толку многу што се насобрале купишта во храмот. Текстот 2. Летописи 31,5 зборува за тоа што се случило кога „синовите израелски издонесоа многу големи количества: жито, вино, масло, мед и секакви полски производи; донесоа уште десеток од сè во изобилство".

**Што кажува вашиот десеток (или недавањето десеток) за вашата духовност и вашиот однос спрема Бога?**

# „ПРВО БАРАЈ...“

За Исуса се вели дека „многу народ Го слушаше со задоволство“ (Марко 12,37). Поголемиот дел од луѓето во толпата што Го следела и го слушала припаѓале на класата обичен народ. Тоа биле оние кои биле нахранети на планинската падина и кои ја слушале Проповедта на гората. Исус, всушност, им рекол: *Знам дека се грижите како да ги обезбедите за вашите семејства. Се грижите за секојдневната храна, за пиењето и облеката што ви е потребна за да се загреете и заштитите. Но, еве што ви предлагам...*

**Прочитајте го текстот: Матеј 6,25-33. Што се ветува тука и што мора да направат луѓето за да ги примат тие ветувања?**

___

Многу од Божјите ветувања имаат елементи на билатерален договор. Односно, за да го добиеме благословот, треба и ние да го извршиме нашиот дел од работата.

**Прочитајте го текстот од Исаија 26,3. Што се бара од нас за да го имаме Божјиот мир?**

___

___

**Прочитајте го стихот 1. Јованово 1,9. Што ќе направи Исус ако ние ги признаеме нашите гревови?**

___

___

**Прочитајте го текстот 2. Летописи 7,14. Што претставуваат „ако“ и „тогаш“ во рамките на таа Божја понуда?**

___

___

Сите овие стихови, а и многу други, се занимаваат со важниот факт дека, и покрај тоа што Бог е суверен, што Тој е наш Творец и Хранител, а нашето спасение е дар на милоста кој не може да се заслужи, ние сепак имаме свој удел во драмата на големата борба овде на земјата. Користејќи го светиот дар на слободната волја, слободниот избор, ние мора да избереме да ги следиме поттиците на Светиот Дух и да го послушаме она што Бог нè повикува да го правиме. Иако Тој ни нуди благослови и живот, наместо тоа, ние можеме да избереме проклетство и смрт. И не треба да се чудиме што Бог вели: „Затоа, избери го животот, за да живееш ти и твоето потомство“ (5. Мојсеева 30,19).

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Секогаш кога Божјиот народ, во кој било период од земската историја, радосно и доброволно го спроведувал Неговиот план за систематско добродетелство (десеток), со своите дарови и приноси, можел да се осведочи во непоминливоста на ветувањето дека благосостојба ќе ги следи сите нивни напори токму во онаа мера во која тие му се послушни на Неговите барања. Кога го признавале Божјото право и ги исполнувале Неговите барања, укажувајќи му чест со она што го поседувале, нивните амбари се полнеле со изобилство. Но, кога тие му задржувале на Бога во десетокот и приносите, увидувале дека не задржуваат само од Него, туку и од самите себе, зашто Тој потоа им ги скусувал Своите благослови во истата мера во која тие ги скусувале нивните приноси наменети за Него“ (Елена Г. Вајт, *Сведоштва за црквата*, кн. 3, стр. 395).

Библијата многу јасно кажува дека се спасуваме само со вера, која е дар на Божјата милост. Нашата послушност кон Божјите заповеди е одговор на Неговата благодат. Таа не се заработува (впрочем, ако се заработува, не би била благодат – видете Римјаните 4,1-4).

Навистина, кога ја разгледуваме таа билатерална спогодба што Бог ја склучил со нас, тука ги согледуваме и нашите благослови и нашите должности. Со нашиот одговор на она што Бог ни го нуди, ние градиме однос со Него и, во голема мера, ја одредуваме нашата судбина. Послушноста – службата и посветеноста од љубов – е првиот знак на ученииштвото. Наместо да нè ослободи од послушноста, верата и само верата, нè прави носители на Христовата благодат, која ни овозможува да ја покажуваме послушноста што Бог ја бара од нас.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Некој рекол дека, кога секој адвентист би бил верен во враќање на десетокот, нашата црква би имала повеќе од доволно пари да го направи сè што е потребно за ширење на својата порака. Што правите вие, во однос на десетоците и даровите, за да ѝ помогнете на црквата да го направи она што е повикана да го прави?**

**2. Размислете повнимателно колку нашите одлуки и дела се важни за нашиот однос со Бога. Како можеме секогаш да го имаме на ум прашањето за добрите дела и послушноста, вклучително и давањето десеток и доброто повереничко управување, без да западнеме во стапицата на легализмот?**

**3. Разговарајте во класата за прашањето поставено на крајот од проучувањето за вторник, во врска со тоа дека тешки времиња доаѓаат, дури и ако сме биле верни. Како да го разбереме тоа а да не се обесхрабриме ако ни се случи такво нешто?**

**Лекција 3**
**Од 14 до 20 јануари 2023**

# ДОГОВОР ЗА ДАВАЊЕ ДЕСЕТОК



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 14,18-20; Малахија 3,10; 5. Мојсеева 12,5-14; 3. Мојсеева 27,30; 1. За царевите 17,9-16; 1. Коринќаните 4,1.2.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Донесете ги сите десетоци во ризницата, за да има храна во Мојот Дом. Тогаш испитајте Ме – зборува Господ над Војските – не ќе ли ви ги отворам небесните брани и не ќе ли излеам врз вас благослов со полна мерка“ (Малахија 3,10).**

Во текстот 1. Мојсеева 14, Аврам се враќа од успешна мисија на спасување на заробениците, во која го ослободил својот внук Лот, неговото семејство и другите луѓе што биле одведени од Содом. Содомскиот цар бил толку благодарен за ова спасение, што му го понудил на Аврама сиот плен од битката. Меѓутоа, Аврам не само што ја одбил понудата туку на Мелхиседек му дал десеток од сè што поседувал.

Веднаш по искуството на Аврам во давање десеток, Господ рекол: „Не бој се, Авраме! Јас Сум твој штит; а твојата награда ќе биде многу голема“ (1. Мојсеева 15,1). Бог, всушност, му рекол: „Не грижи се. Јас ќе бидам твој заштитник и хранител.“ Потоа, многу подоцна, кога сакале да влезат во Ханаан, Мојсеј им рекол на Израелците: „Одвојувај десеток од приходот секоја година сè што ќе роди твоето посеано поле… за да се научиш така да се боиш секогаш од Господа, твојот Бог“ (5. Мојсеева 14,22.23).

Елена Г. Вајт напишала: „Уште пред да му биде на Мојсеја даден еден утврден систем, од луѓето се барало да му принесуваат дарови на Бога за религиозни цели, дури и во времето на Адам“ *(Сведоштва за Црквата*, кн. 3, стр. 393).

Што значи сето ова за нас денес?

## ДЕСЕТОКОТ Е ДЕСЕТТИ ДЕЛ

Речниците го дефинираат десетокот како „десетти дел“ или „десет проценти“ од нешто. Таа дефиниција веројатно е преземена од библискиот наратив. Десетокот едноставно значи да му вратиме на Бога 10 проценти од нашите приходи или добивка. Нам ни е јасно дека сè што имаме на прво место му припаѓа Нему. Декретот за десетокот што му бил даден на Израел на горага Синај нагласува дека десетокот е свет и му припаѓа на Бога (видете 3. Мојсеева 27,30.32). Бог ги бара тие 10 проценти што му припаѓаат само Нему. Нашите дарови на благодарност се одвоени од десетокот и претставуваат дополнителни давања. Десетокот е минимална сума која сведочи за нашата христијанска посветеност. Никаде во Библијата не наоѓаме никакви назнаки дека Божјиот дел е помал од една десетина.

**Прочитајте ги текстовите 1. Мојсеева 14,18-20 и Евреите 7,1-9. Каква била реакцијата на Аврам при средбата со Мелхиседек? Врз основа на овие текстови, колку далеку назад во минатото оди таа практика?**

---

Првото спомнување на десетокот во Библијата се наоѓа во текстот 1. Мојсеева 14 глава, кој известува за средбата на Мелхиседек со Аврам. Последното спомнување на десетокот во Библијата се однесува на истата средба (видете Евреите 7,1-9). Во извештајот од посланието до Евреите, забележете дека ниту Мелхиседек ниту Христос не биле од Левиевото племе, така што десетокот ѝ претходи на посебната служба на Левитите, а продолжува и по неа. Според тоа, давањето десеток не е исклучиво еврејски обичај и не настанал од Евреите на Синај.

**Прочитајте ги стиховите 1. Мојсеева 28,13.14.20-22. Што ветил Бог дека ќе направи за Јаков, и што му одговорил Јаков на Бога?**

---

Откако заминал од дома, бегајќи од својот лут брат Исав, Јаков една ноќ сонувал скала што се протегала од земјата до небото. По неа се качувале и слегувале ангели. А Бог, кој стоел на нејзиниот врв, ветил дека ќе биде со Јакова и дека еден ден ќе го врати дома. Тој осамен млад човек доживеал вистинско преобратување и рекол: „Господ ќе биде мој Бог... А од сè што ќе ми даваш, за Тебе ќе одвојувам десеток“ (1. Мојсеева 28,21.22).

**Зошто е важно да разбереме дека десетокот, како и саботата, не е нешто што потекнува од древниот израелски правен систем, па дури ни од религиозниот систем? Каква порака од тој факт треба да извлечеме ние, кои живееме по крстот?**

## КАДЕ Е РИЗНИЦАТА?

**Прочитајте го стихот Малахија 3,10. Што можеме да научиме од тој стих за тоа каде треба да се насочи нашиот десеток?**

___

Иако во самиот текст не се дадени конкретни упатства, сепак е јасно дека Божјиот народ знаел што се подразбира под зборот „ризница“. Затоа што Бог вклучил напомена во својот налог: „Да има храна во мојот дом“. Неговиот народ разбрал дека „Божји дом“ првично било светилиштето – шатор направен според конкретни упатства дадени на Мојсеја на планината Синај. Подоцна, кога Израел живеел во Ветената земја, неговата главна локација била прво во Сило, а потоа, потрајно, во храмот во Ерусалим.

**Прочитајте 5. Мојсеева 12,5-14. Тие стихови не укажуваат дека Божјите деца биле слободни да одлучуваат за тоа во што ќе се вложи нивниот десеток. Кои начела од тие стихови можеме да ги преземеме за нас денес?**

___

Како членови на Божјото семејство, ние сакаме да ја разбереме и да ја извршуваме Неговата волја во врска со тоа што треба да правиме со нашиот десеток. Од библискиот наратив дознаваме дека Божјиот народ требало да патува во Ерусалим три пати годишно – во времето на Пасха, Педесетница и празникот Сеници (2. Мојсеева 23,14-17), за да му се поклонат на Бога, да Го слават и лично да ги приложат своите десетоци и дарови. Потоа Левитите им го разделувале десетокот на своите браќа низ целиот Израел (видете ги текстовите 2. Летописи 31,11-21; Немија 12,44-47; Немија 13,8-14). Во согласност со тој библиски принцип на централна ризница, адвентистичката црква на седмиот ден ги одредила локалните црковни области, мисиските полиња и униите како благајни во име на светската црква, од кои се плаќа проповедничката служба.

За погодност на верниците, десетокот се носи во локалната црква, чии членови, како дел од своето богослужбено искуство, ги носат своите десетоци и дарови, иако некои ги уплатуваат и преку интернет. Потоа благајниците на локалните цркви го проследуваат десетокот до благајната на областа. Овој систем на управување со десетокот, одреден и пропишан од самиот Бог, ѝ овозможува на Адвентистичката црква на седмиот ден да има сè поголемо влијание низ целиот свет.

**Замислете секој да реши да го даде својот десеток на кого сака, на сметка на самата Адвентистичка црква. Што би се случило со нашата црква тогаш? Зошто таа практика би била нешто многу лошо и спротивно на Светото писмо?**

## ЦЕЛТА НА ДЕСЕТОКОТ

**Прочитајте ги текстовите 3. Мојсеева 27,30 и 4. Мојсеева 18,21-24. Што предлага Бог да се прави со десетокот?**

_______________________________________________

_______________________________________________

Бидејќи Бог поседува сè (Псалм 24,1), очигледно не му требаат пари. Но, бидејќи десетокот му припаѓа Нему, Тој ни кажува што да правиме со него, а тоа е да го искористиме Неговиот десеток за поддршка на евангелската служба. Затоа, потребите на проповедникот се задоволуваат од Божјиот десеток.

На припадниците на Левиевото племе – свештеничките сили на Стариот завет – не им биле дадени големи имоти како на другите племиња. Тие добиле одредени градови, вклучително и градовите засолништа, околу кои имало доволно земја за да засадат бавчи за лична употреба. Се издржувале од десетоците од други племиња, а и самите давале десеток од своите приходи.

**Прочитајте го текстот Дела 20,35. Која порака јанаоѓаме тука и како таа е поврзана со прашањето за десетокот?**

_______________________________________________

Десетокот е важен затоа што ни помага да воспоставиме однос на доверба со Бога. Да се земе десеттиот дел од нашиот приход и да го „даделе“ (иако, технички, тој му припаѓа на Бога) навистина претставува чин на вера, а верата може да расте само тогаш кога се изразува.

Сетете се, на пример, дека во последно време, оние што ќе бидат верни нема да можат ниту да купуваат ниту да продаваат, како што е прикажано во 13-тата и 14-тата глава на Откровението (видете ја 11. Лекција). Да се има развиена доверба во Бога, во Неговото провидение, моќ и љубов, ќе биде од најголема важност кога ќе се чини дека целиот свет е против нас. А верноста во давањето десеток сигурно може да придонесе за развојот на таа доверба. Дури и пред тоа време, колку е важно сите ние да научиме да се потпираме на Бога, каква и да е нашата ситуација.

Друга важна причина за верност во финансиски поглед е пристапот до ветените Божји опипливи благослови. Како дел од договорот за десеток, Бог ни ветил благослови кои се толку големи што нема да имаме доволно простор да ги примиме. И тогаш, од тој вишок, ќе можеме да им помагаме на другите и да ја поддржуваме Божјата работа со нашите прилози.

**На кои сè начини сте искусиле дека навистина е „поблажено е да се дава, отколку да се прими“?**

## ДЕСЕТОК ОД БРУТО ИЛИ НЕТО-ПРИХОД?

Десетокот го пресметуваме од нашите „приходи“ ако работиме за плата или од „добивката“ ако сме самовработени и имаме сопствен бизнис. Во многу земји, владата одбива даноци од платите на работниците за да ги покрие трошоците за услугите кои се вршат за народот, како што се безбедносни работи, изградба на патишта и мостови, надомест за невработени итн. Кога станува збор за бруто и нето приходите, клучното прашање е дали го пресметуваме десетокот пред или по одбивањето на таквите даноци. Оние кои се самовработени имаат целосно право да ги одбијат деловните трошоци при утврдување на нивната реална добивка пред да им се одбијат личните даноци.

Истражувањата за навиките за давање на верниците откриваат дека повеќето адвентисти на седмиот ден даваат десеток од нивниот бруто-приход, односно пред да се одбијат даноците.

**Прочитајте 1. Царевите 17,9-16. Каква била ситуацијата на таа вдовица пред да дојде Илија кај неа? Што најпрво побарал пророкот од неа, пред да се погрижи за себе и за својот син? Што можеме да научиме од тој извештај во врска со прашањето за десетокот?**

---

Бог ѝ рекол на вдовицата од Сарепта дека Божјиот човек ќе дојде да ја види (1. Царевите 17,9). Кога пристигнал Илија, таа му ги опишала своите тешки околности. Илија нанапред побарал да му даде вода, а потоа додал: „Не плаши се; оди и направи го она што го рече; но најнапред направи од тоа мала пресна питка за мене и донеси ми; а за себе и за синот свој ќе направиш после; зашто вака вели Господ, Бог Израелов: ‚брашното во ноќвите нема да сврши, и маслото во масларникот, нема да се намали до оној ден, во кој Господ ќе даде дожд на земјата‘“ (1. Царевите 17,13.14).

Дали тоа била себичност од негова страна или тој едноставно ја тестирал нејзината вера — односно ѝ дозволил да ја изрази верата? Одговорот е сам по себе очигледен.

На секој од нас останува да одлучи дали ќе одвојува десеток од бруто или од нето-приходот. Црквата не ни одредува што треба да правиме, и тоа со причина. На крајот на краиштата, секој треба да направи личен избор, но што и да направиме, не смееме да ги судиме оние што прават поинаку. Секој од нас поединечно ќе мора да одговара пред Бога, и само пред Бога, за своите одлуки. „Секој треба да се преиспита себеси, а препуштено му е да дава онака како што наумил во своето срце“ (Елена Вајт, *Сведоштва за црквата*, кн. 4, стр. 469).

**Како, на некој што никогаш не дал десеток, би му ги опишале благословите што доаѓаат од неговото давање? Кои се тие благослови и како десетокот ја зајакнува вашата вера?**

## ИСКРЕНОСТ И ВЕРНОСТ ВО ДАВАЊЕТО ДЕСЕТОК

**Прочитајте 1. Коринќаните 4,1.2. Како Божји деца и управители на Неговите добра, какви луѓе сме повикани да бидеме?**

---

Што воопшто значи да се биде верен во давање десеток? Оваа седмица разгледавме неколку составни елементи на десетокот:

1. Износ – десетти дел или 10 проценти од нашиот приход или добивка.
2. Донесување во ризница – место од каде што се плаќаат проповедниците на евангелието.
3. Укажување почит кон Бога со одвојување на првиот дел од нашите приходи.
4. Употреба за исправна цел – да се поддржи проповедничката служба.

Нашата одговорност како членови на црквата е да ги исполниме првите три работи. Одговорност на управителот на ризницата е да обезбеди дека средствата од десетокот се правилно искористени.

Освен тоа, за разлика од доброволните дарови, десетокот не е нешто што е оставено на нашиот слободен избор. Десетокот и ризницата се дел од нашите должности. Тие параметри не ги поставуваме ние, туку Бог. Ако не вратиме цели 10 проценти од нашата „добивка“, ние всушност не даваме десеток. И ако не ги донесеме тие 10 проценти во „ризницата“, впрочем, ние тогаш не даваме десеток.

**Прочитајте го текстот Матеј 25,19-21. Кога ќе бидеме повикани да дадеме сметка за тоа како сме управувале со Божјите средства? Што ќе им биде кажано на оние кои биле верни во финансиска смисла?**

---

„’Донесете ги сите десетоци во ризницата‘ (Малахија 3,10) – тоа е Божја заповед. Од друга страна, не е упатен повик за благодарност и дарежливост. Тоа е едноставно прашање на лична чесност. Меѓутоа, десетокот е Господов и Тој ни заповеда да Му го вратиме она што е Негово“ (Елена Вајт, *Воспитување*, стр. 138 оригинал). Повереничкото управување за Бога претставува единствена привилегија, но и одговорност. Тој нѐ благословува и нѐ одржува, а од нас бара само десетти дел. Потоа, Тој го користи својот десеток за да се погрижи за оние што работат во проповедничката служба, како што правел за Левиевото племе во деновите на древниот Израел.

**Некои тврдат дека не им се допаѓа како се користат нивните пари од десетокот, па затоа не даваат десеток или ги насочуваат своите пари на друго место. Меѓутоа, каде Бог рекол: „Донесете ги десетоците во ризницата, но само ако сте сигурни дека таму ќе бидат употребени правилно“?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте го најсеопфатниот спис на Елена Вајт на темата за давање десеток во 9. книга *Сведоштва за црквата (Testimonies for the Church, кн. 9, стр*. 245-252 оригинал). Проучете го Отсекот III од книга *Совети за управување (Counsels on Stewardship)*, стр. 65-107.

„Кога сите десетоци на нашиот народ би се слевале во Господовата ризница како што би требало, тие би примиле толку изобилни благослови што даровите и приносите за свети цели ќе се умножат десеткратно, и така тој канал меѓу Бога и човекот постојано ќе се одржува отворен" (Елена Вајт, *Сведоштва за црквата*, кн. 4, стр. 474). Тоа е неверојатна изјава. Кога сите би биле верни во давањето десеток, Бог толку би нè благословил со средства што нашите приноси би се зголемиле за 1000 проценти.

„Во третата глава од Книгата на пророк Малахија се спомнува договорот што Бог го склучил со човекот. Овде Господ многу конкретно зборува за тоа каква улога ќе игра, излевајќи ги изобилните дарови на оние кои верно ќе Му возвратат давајќи ги своите десетоци и приноси" (Ellen G. White, *Review and Herald, December* 17, 1901).

„Сите треба да имаме на ум дека она што Бог го бара од нас лежи во основата на секое друго барање. Тој ни дава изобилни дарови, а договорот што го склучил со човечкиот род предвидува човекот да му врати на Бога десеток од сè што поседува. Господ милостиво им го доверува своето богатство на своите повереници, но за десетокот вели: тоа е Мое. Човекот треба верно да Му врати на Бога десеток од целокупниот свој имот во оној сооднос во кој Бог му го доверил Својот имот. Ова јасно уредување го одредил Самиот Исус Христос" (Ellen G. White, *Testimonies for the Church*, vol. 6, p. 384).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Задржете се повеќе на идејата дека обичајот да се дава десеток не потекнува од древниот Израел. Како овој факт ни помага да ја согледаме трајната природа на нашата обврска кон Бога?**
2. **Разговарајте како класа за прашањето поставено на крајот од проучувањето предвидено за понеделник. Замислете што би се случило кога луѓето би одлучиле својот десеток да го испратат на друго место. Што би се случило со нашата црква? Дали сè уште би имале црква? Што е погрешно во размислувањето од типот: И онака мојот десеток е премал во споредба со сè друго, така што не е ни важен? Што ако сите мислат така?**
3. **Споделете го со другите она што сте го научиле и искусиле благодарение на тоа што давате десеток. Што можете да ги научите другите во врска со овој обичај?**

**Лекција 4**
**Од 21 до 27 јануари 2023**

# ПРИНОСИ ЗА ИСУСА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Коринќаните 9,6,7; 5. Мојсеева 16,17; Псалм 116,12-18; 1. Дневникот 16,29; Марко 12,41-44; Марко 14,3-9.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Што да Му дадам на Господ за сите негови добрини што ми ги направи мене? Ќе ја земам чашата на спасението и името на Господ ќе го повикам. Заветите ќе Му ги упатам на Господ пред целиот Негов народ“ (Псалм 116,12-14).**

Покрај десетокот, тука се и приносите, кои се издвојуваат од оние 90 проценти што ни остануваат откако ќе му го вратиме десетокот на Бога. Тука почнува великодушноста. Божјиот народ давал различни видови на приноси, како што се жртвите за грев како одговор на Божјата милост, или жртвите на благодарност за Неговата заштита, за благословите за здравје, благосостојба и секогаш присутна помош. Се давале и прилози за сиромашните, како и за изградба и одржување на богослужбеното место.

Кога ќе ја земеме предвид големината на Божјите дарови за нас, тогаш нашето дарување почнуваме да го гледаме како нешто повеќе од собирање средства за асфалтирање на паркингот пред црквата или купување хорски униформи. Ние ги принесуваме нашите дарови како одговор на она што Бог го направил за нас, особено преку Исусовата жртва. „Ние Го љубиме, бидејќи Тој отпрвин нѐ возљуби“ (1. Јованово 4,19). И тогаш црквата, без разлика дали е на локално, обласно или светско ниво, ги користи нашите дарови за да го унапреди Божјото дело. Оваа седмица ќе разгледаме што има да каже Библијата за приносите како еден вид на управување со Божјите работи на земјата.

## ПОБУДИ ЗА ДАВАЊЕ

Ние го сакаме Бога затоа што Тој прв нѐ засакал нас. Нашето давање е одговор на неверојатниот дар што Тој ни го дал во Исуса. Всушност, се вели дека: „На Господа не му требаат нашите прилози. Не можеме да Го збогатиме со нашите дарови. Како што вели псалмистот: ‚Но од Тебе е сѐ, и добиеното од Твојата рака Ти го дадовме.‘ Сепак, Бог ни дозволува да покажеме колку ги цениме Неговите дарови на тој начин што ќе вложуваме самопожртвувани напори да ги прошириме и на другите луѓе. Тоа е единствениот начин да ја изразиме нашата благодарност и љубов кон Бога. Тој не ни оставил некоја друга можност“ (Ellen G. White, *Counsels on Stewardship*, стр. 18).

Кога му ги предаваме „нашите“ пари на Исуса, тоа всушност ја зајакнува нашата љубов кон Него и кон другите. Според тоа, парите можат да бидат вистинска сила за добро. Исус поминувал повеќе време зборувајќи за парите и богатството отколку за која било друга тема. Секој шести стих во Матеј, Марко и Лука се занимава со пари. А добрата вест на евангелието е дека Бог може да нѐ ослободи од љубовта кон парите и од склоноста да ги злоупотребуваме.

**Прочитајте ги текстовите Матеј 6,31-34 и 5. Мојсеева 28,1-14. Што ветува Бог дека ќе направи за нас ако Му бидеме послушни? Дали е себично од наша страна да се повикуваме на Божјите ветувања?**

---

Нашите приноси се доказ за нашата подготвеност да се жртвуваме за Бога. Тие можат да претставуваат длабоко духовно искуство, израз на фактот дека целосно сме му го предале животот на Бога како наш Господар. За нас, како што буквално вели англискиот идиом, тоа значи „ставање на парите таму каде што ни е устата“ (т.е. давање за она за што зборуваме – заб. на прев.). Вие може да кажувате дека го сакате Бога, но вашите великодушни придонеси помагаат таа љубов да се обелодени (па дури и да зајакне).

Дарот доаѓа од срце кое верува во еден личен Бог – Оној кој постојано се грижи за нашите потреби на начин кој Тој го гледа како најдобар. Нашите приноси почиваат на уверувањето дека сме ја нашле сигурноста на спасението во Христа. Тоа не е обид да се умилостиви Бог, ниту, пак, да се бара негово прифаќање. Напротив, нашите приноси потекнуваат од срце кое со вера го прифатило Христа како единствено и доволно средство за благодат и спасение.

**Прочитајте го текстот 2. Коринќаните 9,6.7. Што ни кажува Господ овде? Што значи „секој да дава како што одлучил во срцето“? Како да научиме да даваме радосно?**

## КОЛКУ ДА СЕ ОДВОИ ЗА ПРИНОСИТЕ?

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 16,17. Наместо процент, кој критериум Бог го поставува како основа за одредување на износот на нашите приноси?**

---

---

Нашите приноси претставуваат признание и израз на благодарност кон Бога за изобилниот дар на животот, спасението, храната, водата и постојаните други најразлични благослови. Затоа, како што забележавме во претходниот пасус, износот на нашите приноси се заснова на она со што сме благословени.

„Кому му е многу дадено, многу и ќе се бара од него“ (Лука 12,48).

**Прочитајте Псалм 116,12-14. Како треба да одговориме на прашањето поставено во 12. стих? Како се вклопуваат парите во тој одговор?**

---

---

Како би можеле воопшто да му се оддолжиме на Бога за сите благослови што Тој ни ги дава? Едноставно кажано, не можеме да го направиме тоа. Се чини дека најдоброто што можеме да го направиме е да бидеме великодушни во приложувањето за Божјото дело и помагањето на нашите ближни. Кога ги испратил своите ученици на мисионерско патување, Исус им рекол: „Бесплатно добивте, бесплатно давајте“ (Матеј 10,8). Нашите прилози првенствено придонесуваат во самите нас да развиеме карактер сличен на Христовиот. На овој начин, од себични поединци се менуваме во оние кои пружаат љубов. Ние треба да водиме сметка за Божјето дело и за другите луѓе, како што го правел тоа Христос.

Секогаш да имаме на ум дека „Бог толку го возљуби светот, што го даде...“ (види Јован 3,16). Спротивно на тоа – со иста сигурност со која денот ја следи ноќта – колку повеќе натрупуваме за себе, толку посебични стануваме во нашите срца, а и сѐ полошо се чувствуваме.

Наше е да одредиме колкав износ ќе дадеме и кој ќе ги прими нашите дарови. Но давањето прилози на Господа секако е христијанска должност со јасни духовни и морални последици. Да го занемариме тоа, значи да си нанесеме штета на духовен план, можеби дури и поголема отколку што сме свесни.

**Што ви кажуваат вашите прилози и вашиот став за нивно давање за вашиот однос спрема Бога?**

# ПРИНОСИТЕ И БОГОСЛУЖЕНИЕТО

Библијата не ни дава некој строго зацртан редослед на активностите за време на богослужението. Сепак, се чини дека најмалку четири детали се секогаш присутни во богослуженијата. Во Новиот завет тој список вклучува проучување/проповедање, молитва, музика и давање десеток и приноси.

Три пати годишно сите Израелци (и нивните семејства) требало да се појават пред Господа во Ерусалим. И јасно било речено: „И никој не смее да се јавува пред Господ со празни раце“ (5. Мојсеева 16,16). Со други зборови, дел од богослужбата се однесувал на враќањето на десетокот и давањето приноси. На Пасха, Педесетница и на празникот Сеници, Божјите деца ги донесувале своите десетоци и приноси. Тешко е да се замисли некој да дојде на тие празници со празни раце.

Според тоа, за древниот Израел, давањето десеток и приноси претставувало централен дел од искуството на богослужението. Обожавањето, вистинското обожавање, подразбира изразување на пофалба и благодарност кон Бога, но не само со зборови, песни и молитви, туку и со донесување приноси во домот Господов. Тие гиноселе во храмот, а ние ги носиме во црква во сабота (барем како еден од начините да ги вратиме нашите десетоци и приноси), што претставува чин на богослужение.

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Летописи 16,29; Псалм 96,8.9 и Псалм 116,16-18. Како можеме, начелата што се изнесени тука, да ги примениме на нашето сопствено искуство на богослужение?**

___

___

___

Како Божји деца, задолжени да управуваме со Неговите работи на земјата, имаме привилегија, можност и одговорност да му ги носиме нашите приноси. Ако Господ ни дал деца да ги воспитуваме за Него, тогаш радоста од давање десеток и приноси треба да ги поделиме со нив за време на саботната школа и црковните служби. На некои места, луѓето враќаат десеток преку интернет или на некој друг начин. Како и да го правиме тоа, давањето на десетокот и приносите претставуваат дел од нашето искуство на прославување на Бога.

**Какво е вашето лично искуство во врска со улогата што ја има враќањето на десетокот и приносите во рамките богослужението? Како тој обичај влијае на вашиот однос со Бога?**

## БОГ ВОДИ СМЕТКА ЗА НАШИТЕ ПРИНОСИ

**Прочитајте го текстот Марко 12,41-44. Без разлика дали сме богати или не, каква порака можеме да извлечеме од тој запис? Кој принцип ни е претставен овде и како можеме да го примениме на сопственото искуство на богослужение?**

___

___

Исус и Неговите ученици се наоѓале во дворот на храмот каде што било сместено местото за дарови, „сокровиштето" – ризниците, и Тој ги набљудувал оние што ги носеле своите дарови. Бил доволно блиску за да ја види вдовицата како дала две бакарни монети. Приложила сѐ што имала. „Но Исус ја разбрал нејзината побуда. Верувала дека службата во Храмот ја одредил Бог и сакала да стори најмногу што може за да ја поддржи. Сторила сѐ што можела и нејзиното дело требало да стане споменик што ќе го сочува сеќавањето на неа низ сите векови, и ќе биде нејзина радост во вечноста. Нејзиното срце одело со нејзиниот дар, а неговата вредност е проценета не според вредноста на паричката, туку со љубовта кон Бога и со интересот за Неговото дело што го поттикнал овој чин" (Ellen G. White, *Counsels on Stewardship*, стр. 175).

Друга мошне значајна работа е фактот што тоа бил единствениот дар што Исус некогаш го пофалил – дар за црквата што се подготвувала да го отфрли, црква која многу отстапила од својот повик и мисија.

**Прочитајте го текстот Дела 10,1-4. Зошто римскиот капетан го посетил ангел од небото? Кои две негови дела се запишани на небото?**

___

___

Очигледно е дека не само што нашите молитви се слушаат на небото туку дека се бележат и побудите за нашите дарови. Во споменатиот текст е забележано дека Корнелиј бил великодушен дарител. „Зашто, каде што е богатството ваше, таму ќе биде и срцето ваше" (Матеј 6,21). Срцето на Корнелиј ги следело неговите дарови. Тој бил подготвен да дознае повеќе за Исуса. Молитвата и милостината се тесно поврзани и ја покажуваат нашата љубов спрема Бога и нашите ближни – двата големи принципи на Божјиот закон: „Возљуби Го Господ, твојот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, со сета своја сила и со сиот свој разум; и својот ближен како себеси" (Лука 10,27). Првото се открива преку молитвата, второто преку милостината.

## ПОСЕБНИ ПРОЕКТИ – ДАВАЊЕ ОД ГОЛЕМИ ТЕГЛИ

Истражувањата покажаа дека само околу 9 отсто од она што луѓето го поседуваат се ликвидни и дека можат веднаш да се дадат како придонес. Готовината, чековите, заштедите, вложувањата на пазарот на пари итн., генерално се сметаат за ликвидни поседи, барем за оние што ги поседуваат. Најголем дел од нашите средства, околу 91 процент, се „вложени“ во недвижен имот, како што се нашите домови, добиток (ако сме на село) и други неликвидни поседи.

Разликите во процентите на ликвидните и неликвидни средства можат да се илустрираат со ставање на 1.000 монети во две различни стаклени тегли, при што 10 монети го претставуваат секој процент. Значи, би имале 90 монети во малата тегла што претставува 9 отсто од ликвидните имоти и 910 монети во огромната тегла што претставува 91 отсто од неликвидните поседи.

Повеќето луѓе ги даваат своите прилози или придонеси од малата тегла – од нивните ликвидни средства. Тоа е она што тие го имаат на нивната тековна сметка или во нивниот паричник. Меѓутоа, кога некој навистина ќе се одушеви за нешто, тогаш дава од големата тегла. Библијата изнесува многу такви извештаи.

**Прочитајте ги текстовите Марко 14,3-9 и Јован 12,2-8. Кои биле главните ликови на гозбата на Симон? Која била вредноста на дарот на Марија? Зошто таа извршила помазание на Исуса токму во тој момент?**

---

---

Дарот на Марија вредел 300 денари, што била цела годишна плата. Тоа било, најверојатно, подарок од „големата тегла“. По тој настан, Јуда го предал Исуса за нешто повеќе од една третина од таа сума – подарок од „малата тегла“, 30 сребреници (Матеј 26,15). Потребна е вистинска љубов и посветеност за да даваме дарови од големата тегла – од нашите вложувања. Меѓутоа, ако станеме алчни, како Јуда, може да се случи да си ја продадеме душата за ништо.

Работата и посветеноста на Варнава се спомнати 28 пати во Новиот завет. Го познаваме првенствено како сопатник на апостол Павле и голем мисионер. Но, темелот за сето тоа веќе бил поставен во првиот текст во кој се споменува тој. Во текстот Дела 4,36.37 читаме за неговото давање, за дарот од навистина „големата тегла“. Колку моќен пример на Христовите зборови: „Зашто, каде што е богатството ваше, таму ќе биде и срцето ваше“ (Матеј 6,21).

**Зошто пожртвуваното давање е исто толку важно за давателите колку што е важно и за примателите?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во небесната „книга за спомен“ се запишува и финансиската верност на членовите на Божјото семејство. „Ангелот записничар прави белешка за секој прилог посветен на Бога и положен во ризницата, како и за конечниот резултат од вака собраните средства. Божјото око ја набљудува секоја паричка што е посветена на Неговото дело и гледа дали дарителот го направил тоа од срце или безволно. Се бележи и мотивот за давање. Оние кои се самопожртвувани и посветени, кои на Бога му го враќаат она што е Негово, како што Тој бара од нив, ќе бидат наградени според нивните дела. Дури и ако така посветените средства погрешно се користат, па целта што давателот ја имал на ум не е постигната – на Божја слава и за спасение на душите – оние што принеле жртва со искреност во својата душа, имајќи ја на ум само Божјата слава, нема да остане без својата награда“ (Ellen G. White, *Testimonies for the Church*, vol. 2, стр. 518).

„Бог сака луѓето да се молат и да прават планови за напредување на Неговото дело. Меѓутоа, како Корнелиј, ние треба да ги здружиме молитвите со давање. Нашите молитви и милостини треба да излегуваат пред Бога како спомен. Верата без дела е мртва, а без жива вера не е возможно да му се угоди на Бога. Додека се молиме, треба да правиме сѐ од наша страна, вложувајќи и труд и средства за исполнувањето на нашите молитви. Ако постапуваме согласно нашата вера, нема да бидеме заборавени од Бога. Тој го забележува секој чин на љубов и самооткажување. Тој ќе ги отвори патиштата за да можеме да ја покажеме нашата вера преку дела“ (Ellen G. White, *Atlantic Union Gleaner,* June 17, 1903, 17 јуни 1903 година).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Во која смисла молитвата и давањето одат заедно? Односно, како молитвата може да ни помогне да знаеме што треба да дадеме, кога и колку да дадеме?**

**2. Едно добро познато списание во САД објави сторија за млади професионалци од Волстрит кои заработуваат огромни суми на пари, а сепак се несреќни, празни, исплашени и загрижени. Еден од нив, портфолио менаџер, изјави: „Какво значење ќе има по мојата смрт тоа што успеав да додадам во моето портфолио уште еден процент од профитот? Какви поуки можеме да извлечеме од оваа сторија кога станува збор за тоа како давањето, дури и самопожртвуваното давање, може да биде од голема духовна корист за давателот, бидејќи ни помага да се ослободиме од „примамливото богатство“ (Матеј 13,22)?**

**3. Во гореспоменатиот цитат на Елена Г. Вајт, забележете ја забелешката за средствата што „погрешно се користат“. Зошто е важно ние, како даватели, да ја имаме на ум нејзината крајна порака?**

**Лекција 5**
**Од 28 јануари до 3 февруари 2023**

# ИЗЛЕГУВАЊЕ НА КРАЈ СО ДОЛГОВИТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 5. Мојсеева 28,1.2.12; Матеј 6,24; 1. Јованово 2,15; Мудри изреки 22,7; Мудри изреки 6,1-5; 5. Мојсеева 15,1-5.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Богатиот господар над сиромашните, а кој позајмува, му станува слуга на оној што дава“ (Мудри изреки 22,7).**

Една дефиниција за долгот е: „Денес живееш според она што очекуваш да го заработиш во иднина“. Се чини дека задолжувањето денес стана начин на живот, но тоа не би требало да важи за христијаните. Библијата го обесхрабрува задолжувањето. Должењето се споменува најмалку 26 пати во Светото писмо и тоа секогаш во негативна смисла. Не се вели дека позајмувањето пари е грев, но се зборува за честите лоши последици од задолжувањето. Разгледувајќи ги финансиските обврски, апостол Павле советувал: „Дајте му секому она што сте му должни: кому данок – данок; кому царина – царина; кому страв – страв; кому чест – чест! Не должете му никому ништо, освен да се љубите еден друг, зашто кој го љуби другиот, го исполнува Законот“ (Римјаните 13,7.8).

Зошто задолжувањето стана, така да се каже, меѓународно зло на сите нивоа – лично, корпоративно и државно? Секое општество отсекогаш имало барем мал процент од оние кои биле во долгови. Меѓутоа, денес многу поголем број луѓе се задолжуваат, а тоа речиси никогаш не им оди во прилог.

Оваа недела ќе ги разгледаме причините за задолжување и како да се справиме со долговите. Можеби не сте во долгови вие лично, но би можеле да ги споделите овие вредни информации со семејството и пријателите кои би имале корист од тоа.

## ПРОБЛЕМИ СО ЗАДОЛЖУВАЊЕТО

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 28,1.2.12. Кој е Божјиот идеал за Неговите деца кога станува збор за долговите? Како можат да го достигнат тој идеал? И иако околностите во древниот Израел биле доста поинакви од нашите, кои принципи можеме да ги извлечеме од нивните околности и да ги примениме на оние во кои се наоѓаме ние денес?**

---

Истражувањата покажуваат дека постојат три главни причини поради кои луѓето запаѓаат во финансиски тешкотии. Ги наведуваме овде според редоследот на зачестеноста.

*Првиот е незнаењето.* Многу луѓе, дури и оние образованите, се финансиски неписмени. Тие едноставно никогаш не биле поучени за библиските, па дури и световните принципи за управување со парите. Сепак, има надеж! Оваа поука ќе им даде едноставен преглед на тие принципи и предлози за нивна примена.

*Втората причина за финансиски тешкотии е алчноста или себичноста.* Следејќи ги рекламите и личните желби, луѓето едноставно живеат над своите можности. Тие не се подготвени да живеат, да се возат и да се облекуваат во она што навистина можат да си го дозволат. Многу од овие луѓе исто така чувствуваат дека се премногу сиромашни за да дадат десеток. Како резултат на тоа, тие го живеат својот живот без ветената Божја мудрост и благослови (видете Малахија 3,10.11; Матеј 6,33). Има надеж и за нив, но бара промена на срцето – и дух на доволност.

*Третата причина поради која луѓето запаѓаат во финансиски тешкотии се нивните лични несреќни околности.* Можеби доживеале сериозна болест без соодветно здравствено осигурување. Можеби биле напуштени од расипнички брачен другар. Можеби некоја природна катастрофа го збришала нивниот имот. Или се родени и израснати во крајна сиромаштија. Има надеж и за тие луѓе. Иако нивниот пат е потежок, нивните неволји можат да се надминат. Промената може да дојде во вид на поддршка од христијански пријатели, насочување и помош од побожни советници, напорна работа во комбинација со добро образование или Божја промисла и Неговите благослови.

Сепак, која и да е причината за нашето задолжување, дури и да дошло до тоа поради наша вина, долгот може да се ублажи. Но, оние кои се во долгови ќе мора да направат некои промени во својот живот, трошењето и финансиските приоритети.

**Прочитајте го текстот 1. Тимотеј 6,6-9. Што вели Павле овде, на што треба сите да внимаваме? Што значат тие зборови за вас, и на кој начин можете подобро да го следите она на што нè учи Божјата реч?**

# ДА СЕ СЛЕДИ ПОБОЖНИОТ СОВЕТ

Ние сме материјални суштества и живееме во материјален свет – свет кој понекогаш може да биде многу примамлив. Би требало да бидете направени од челик и синтетичко масло, а не од месо и крв, за никогаш да не ја почувствувате привлечноста на материјалните добра и желбата за богатство. Кој од нас во еден или друг момент не мечтаел за тоа да биде богат или да добие пари на лотарија?

Иако сите се соочуваме со тоа, и иако нема ништо само по себе погрешно во напорите да заработиме добро, па дури и да станеме богати, сепак никој од нас не треба да подлегне на стапицата да прави идоли од парите, богатството и материјалните добра. Нам ни е ветена божествената сила за да останеме верни на она за кое знаеме дека е правилно. Ова е многу важно, бидејќи желбата за богатство и материјални добра доведе до пропаст на многу души.

**Прочитајте ги текстовите Матеј 6,24 и 1. Јованово 2,15. Иако е различно изразена, која е заедничката тема на овие два текста?**

______________________________________________________________________

За жал, љубовта кон светот може да биде толку силна што луѓето западнаат во долгови за – како што се надеваат – да ја задоволат таа љубов. (Меѓутоа, тоа никогаш не успева; видете Проповедник 4,8.) А бидејќи долгот е една од стапиците на сатаната за душите, логично е дека Бог би сакал неговите деца да бидат без долгови. Низ целата Библија и преку пророчкиот дар, Тој ни дава совети кои ќе нè доведат до финансиска слобода.

**Прочитајте ги стиховите Псалм 50,14.15. Каков животен став треба да заземе Божјиот народ? Што значи „исполни ги своите завети“?**

______________________________________________________________________

Влегуваме во членството на Црквата со славење и благодарност кон нашиот Бог, кој нè создал и нè откупил. Во точката 9 (од 13) од нашиот завет при крштевањето, се поставува прашањето: „Дали веруваш во црковната организација. Дали твојата цел е да му служиш на Бога и да ја поддржуваш Црквата со своите десетоци и приноси, како и со својот личен труд и влијание?“ Како адвентисти на седмиот ден, сите сме одговориле потврдно. Според тоа, тој текст (Псалм 50,14.15) е ветување за оние кои покажуваат благодарност кон Бога и верно ги исполнуваат своите завети.

**Што кажуваат вашите одлуки за тоа колку добро се справувате со привлечностите на овој свет? Зошто вложувањето труд за добро да заработите за живот не е нужно исто како и правењето идол од богатство и пари? Како можеме да научиме да ја препознаеме разликата?**

# КАКО ДА СЕ ОСЛОБОДИМЕ ОД ДОЛГОВИТЕ

**Прочитајте Мудри изреки 22,7. Во која смисла се наоѓаме во власта на нашиот заемодавач?**

Што можеме да преземеме за да излеземе од оваа несреќна ситуација? Ако сте во долгови, следниот преглед ќе ви помогне да го започнете процесот на ослободување. Планот е едноставен. Се состои од еден предуслов и три чекори.

*Предуслов* е да му бидеме посветени на Бога и верни во враќањето на Неговиот свет десеток, за да имаме пристап до Неговата мудрост и благослови. Затоа што Бог копнее да ги благослови оние што Му се покоруваат.

*Првиот чекор* е да се прогласи мораториум на дополнително задолжување – нема повеќе трошење на кредит. Ако не позајмувате пари, не можете да се задолжите. Ако не позајмувате сè повеќе пари, не можете да навлезете во дополнителни долгови.

*Вториот чекор* е да склучите завет со Бога дека од овој момент, како што Тој ќе ве благословува, ќе ги отплатувате вашите долгови што е можно поскоро. Кога Бог ќе ве благослови финансиски, употребете ги парите за да ги намалите долговите – а не да купувате повеќе работи. Овој чекор е веројатно најважниот. Повеќето луѓе, кога ќе добијат неочекувани пари, едноставно ги трошат. Не правете го тоа, туку употребете ги тие средства за да го остварите вашиот план за намалување на долгот.

*Третиот чекор* е исклучително практичен. Направете листа на сите ваши долгови, од најголеми до најмали, според опаѓачки редослед. За повеќето семејства, станбената хипотека е на врвот на листата, а кредитната картичка или личниот долг на дното. Започнете така што редовно ќе го уплатувате барем минимален износ на долгот што достасува за плаќање на месечна основа. Потоа двојно или колку што знаете и умеете зголемете ги вашите отплаќања на долгот од дното на листата. Ќе бидете пријатно изненадени колку брзо ќе успеете да се ослободите од тој најмал долг. Потоа истата сума што сте ја уплатувале за најмалиот долг додајте ја на основната уплата за следниот долг на листата. Како што ќе се ослободувате од помалите долгови со високи камати, ќе ви останува изненадувачки голема сума на пари за да ги исплатувате следните највисоки долгови.

Бог очигледно не сака да бидеме во долгови. Кога склучуваат завет со Бога, многу семејства откриваат дека Тој ги благословува на неочекувани начини, а нивниот долг се намалува побрзо отколку што очекувале. Следејќи ги овие три едноставни чекори, многу семејства се ослободиле од долговите. И вие можете да го сторите тоа! Кога ќе го ставите Бога на прво место, ќе ја добиете Неговата мудрост и благослов за да управувате со она што Тој ви го доверил.

**„Нека вашето однесување биде слободно од среброљубие. Бидете задоволни со она, што го имате, зашто Тој рече: ’Никогаш нема да те напуштам, ниту ќе те оставам!‘“ (Евреите 13,5). Како може примената на тие зборови да им помогне на луѓето да го избегнат задолжувањето?**

## ГАРАНЦИЈА И ШЕМИ ЗА БРЗО БОГАТЕЊЕ

Библијата е многу јасно дека Бог не сака кога Неговите деца прифаќаат одговорност за туѓи долгови. Во книгата Мудри изреки Соломонови Господ нè предупредува за залогот – односно Тој е против тоа ние да се обврзуваме да бидеме гаранти (жиранти) за другите.

**Прочитајте Мудри изреки 6,1-5; Мудри изреки 17,18 и Мудри изреки 22,26. Каква порака се наоѓа тука?**

---

До гаранција обично доаѓа кога лице со лоша кредитна способност бара заем од кредитна институција, но не ги исполнува условите за да го добие. Тогаш службеникот на таа институција го известува својот неквалификуван клиент дека кредитот ќе му биде одобрен доколку убеди некој пријател со добра кредитна способност да го потпише заемот заедно со него, при што банката ќе го смета за одговорен тој сопотписник во случај на неисполнување на обврските.

Понекогаш некој член на црквата ќе ви пријде и ќе ве замоли да го потпишете неговиот договор за заем (да му бидете жирант). Вашиот одговор треба да биде: „Библијата ми вели никогаш да не го правам тоа." Библијата нè охрабрува да им помагаме на оние на кои им е потребна, но не и да ја прифатиме одговорноста за нивните долгови.

Тинејџерите понекогаш бараат од своите родители да бидат жиранти за нивното прво купување автомобил. А возрасните деца можат да побараат од родителите да го потпишат нивниот деловен заем. И во тој случај важи истото правило. Соодветно е да им помагате на другите кога постои реална потреба, но не треба да бидете гарант за туѓите долгови. *Истражувањата покажуваат дека 75 отсто од оние кои се потпишале како жиранти, на крајот морале да го платат туѓиот долг!*

**Прочитајте Мудри изреки 28,20 и 1. Тимотеј 6,9.10. Какво предупредување наоѓаме таму?**

---

Шемите за брзо збогатување претставуваат уште една финансиска стапица; речиси гарантирано доведуваат до финансиска пропаст на оние кои ќе се фатат во неа. Кога нешто звучи премногу добро за да биде вистинито, сигурно е така. На тој начин, многумина се оштетени емоционално и финансиски. Дополнителна трагедија во врска со таквите подмолни планови е тоа што, во многу случаи, луѓето мораат да позајмуваат пари за воопшто да се вклучат во нив. Многу животи и семејства се уништени од плановите за брзо богатење, кои на крајот ги збогатуваат само измамниците кои ги осмислиле, на сметка на оние кои паѓаат во нивната стапица. Ако некој пријател, па дури и сакаќата личност, се обиде да ве вовлече во една од овие шеми, бегајте. И тоа не со лежерно темпо. Трчајте најбрзо што можете.

## РОКОВИ ЗА ОТПЛАТА И УСЛОВИ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 15,1-5. Што барал Господ од својот народ, како што ни откриваат овие стихови?**

---

Во согласност со другите седумгодишни прописи (2. Мојсеева 21,2; 3. Мојсеева 25,3.4), биле регулирани не само обврските кон робовите, слугите и земјата, туку и кон заемодавците. Бидејќи заемодавците не биле подготвени да ги простуваат долговите, најдолгиот рок за отплата бил седум години. Што и да заклучиме од овие стихови, тие јасно покажуваат дека Господ се грижел за таквите финансиски прашања, особено кога станувало збор за односите спрема другите Израелци. Тие стихови покажуваат и дека Господ ја признавал реалноста на долгот, колку и да бил долгот лош. Тој нагласувал и дека долгот треба да се избегнува што е можно повеќе.

Денес, наспроти ова, во многу делови од светот се земаат кредити за купување стан или куќа на 30 и 40 години. Се чини дека една од причините што становите и куќите чинат толку е токму поради тоа што се достапни кредити за нивно купување.

Освен тоа, многу родители и студенти се прашуваат дали да позајмат пари за школување. По правило, стекнувањето факултетски дипломи ја зголемува способноста на поединецот да има повисока заработувачка до крајот на својот живот. Некои можеби ќе треба да позајмат пари за да го платат своето школување, но треба да ги имаат на ум следните фактори. Ќе мора да го вратат со камата. Подобро е да конкурирате за сите стипендии што можат да се добијат. Треба да работите и да штедите за школувањето што е можно повеќе. Треба да ги посетувате само оние предмети кои ќе доведат до вработување. Треба да помогнат и родителите. Во библиско време, родителите им давале на своите деца обработливо земјиште за да можат да заработуваат за живот. Денес тоа „наследство“ веројатно треба да биде образованието, за да можат да станат независни возрасни луѓе.

Во идеален свет не би имало задолжување и долгови. Но, бидејќи не живееме во таков свет, понекогаш можеби ќе биде потребно да земеме заем. Во тој случај, водете сметка да ја добиете најдобрата можна понуда и најдобрата расположлива каматна стапка. Потоа позајмете го минимумот што ви е потребен и исплатете го што е можно поскоро за да заштедите на каматните трошоци. Во принцип, треба да се трудиме да ги избегнуваме долговите колку што е возможно, а со примена на библиските финансиски принципи во секојдневниот живот, можеме во голема мера да го избегнеме непотребниот долг и ужасниот притисок што тој го врши врз нас и нашите семејства.

**Ако вие сте позајмиле пари некому, колку сте искрени, фер и љубезни во вашето однесување кон таа личност? Како би поминале пред Бога ако треба да одговарате за тие постапки? (Видете Проповедник 12,14)**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Процесот на ослободување од долгот во три чекори, всушност, се наоѓа на една страница од списите на Елена Вајт. Додадени се закосени букви за да се нагласат важните мисли.

„*Донеси цврста одлука никогаш повеќе да не се задолжуваш*. Подобро е да се откажеш од илјада работи наместо да се задолжиш. Тоа беше проклетство на твојот живот, задолжувањето. Избегнувај го како да се работи за сипаници.

*Направи свечен завет со Бога дека ќе си ги отплатиш своите долгови во согласност со Неговите благослови* и дека никому ништо нема да му должиш, дури да живееш на каша и леб... Не се откажувај, не се обесхрабрувај и не се враќај на старото. Не си угодувај на својот вкус и апетит, штеди го секој денар и отплати ги своите долгови.

*Направи го тоа што е можно поскоро*. Кога ќе можеш повторно да станеш слободен човек, никому ништо да не должиш, ќе извојуваш голема победа“ (*Counsels on Stewardship*, стр. 257).

Ако ви треба дополнителна помош за да се ослободите од долгот, обидете се со следново:

*Воспоставете буџет*. Направете едноставен план на тој начин што ќе водите евиденција за сите ваши приходи и расходи/купувања во период од три месеци. Многу луѓе се изненадени кога ќе сфатат колку пари трошат на непотребни работи.

*Уништете ги кредитните картички.* Кредитните картички се една од главните причини за задолжување на семејството. Толку лесно се употребуваат, но толку тешко се исплаќаат. Ако сфатите дека не можете да ги исплатувате вашите картички во целост секој месец или да ги користите за да купите работи што вообичаено не би ги купиле, треба да ги уништите вашите кредитни картички пред тие да ве уништат вас, или вашиот брак, или и двете.

*Воведете мерки за штедење.* Најчесто не сме ни свесни колку можеме да заштедиме на месечните трошоци срамно ако внимаваме на некои ситници што ги купуваме. А тие брзо се натрупуваат.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Износот на долгот што го презеле на себе многу нации, како и поединци, е едноставно запрепастувачки. Какво е вашето искуство со задожувањето и проблемите што долгот ви ги предизвикал вам или на другите луѓе?**

**2. Што би можела да направи вашата локална црква за да им помогне на своите членови да научат да управуваат со долговите и со финансиските прашања воопшто?**

**3. На кои библиски ветувања можеш да се повикаш за да ти помогнат да се заштитиш од привлечноста на светот и финансиските опасности што може да ти ги создаде алчноста?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 6**
**Од 4 до 10 февруари 2023**

# СОБИРАЊЕ БОГАТСТВО НА НЕБОТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 6,5-14; Евреите 11,8-13; 2. Коринќаните 4,18; 1. Мојсеева 13,10-12; 1. Мојсеева 32,22-31; Евреите 11,24-29.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто каква полза има човек, ако го придобие целиот свет, а на душата своја и напакости? 37 Или каков откуп ќе даде човек за својата душа?“ (Марко 8,36.37).**

Исус ни ја дал најдобрата инвестициска стратегија на светот кога изјавил: „Не собирајте богатства на земјата, каде што ги јаде молецот и ’рѓата, и каде што крадците ги поткопуваат и крадат; но собирајте си богатства на небото, каде што ни молец, ниту ’рѓа ги јаде, и каде што крадци не ги поткопуваат, ниту крадат“ (Матеј 6,19.20). А потоа заокружил велејќи: „Зашто, каде што е богатството ваше, таму ќе биде и срцето ваше“ (Матеј 6,21). Со други зборови: покажи ми на што ги трошиш парите, а јас ќе ти покажам каде ти е срцето. Бидејќи, каде и да ги вложите вашите пари, вашето срце сигурно ќе ве следи, ако веќе не ве престигнало.

Дали сакате вашето срце да биде подготвено за Божјето царство? Ако е така, тогаш вложете ги вашите пари таму каде што ќе жнеат вечни награди. Вложувајте го вашето време, вашите пари и вашите молитви во Божјото дело. Ако го правите ова, наскоро ќе станете уште позаинтересирани за тоа дело, а и вашето срце ќе ве следи. Оваа седмица ќе ги разгледаме оние текстови и илустрации кои ни покажуваат како да собираме богатство на небото и, на крајот, да ја пожнееме вечната награда.

# НОЕ НАЈДЕ МИЛОСТ

Важно е да се забележи дека оние што трагаат по небесни богатства, Бог честопати ги повикува да направат големи промени во нивниот живот овде на земјата. Затоа, бидете подготвени да се соочите со таков повик доколку е потребно.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 6,5-14. Какви радикални промени ги направил Ное како резултат на послушноста кон Бога? Кои принципи можеме да ги најдеме тука за себе, во овој свет кој треба да биде предупреден за претстојната пропаст?**

---

Ное можел да ги искористи времето и ресурсите за да си изгради куќа за себе, но тој решил да направи драстична промена во својот живот и да ги помине следните 120 години одговарајќи на Божјиот повик да изгради арка.

Многу скептици денес го прогласуваат извештајот за Потопот за мит, честопати засновајќи го тој став на научни шпекулации за досега познатите закони на природата. Ова не е ништо ново. „Претпотопниот свет докажал дека природните закони не се менувале со векови. Годишните времиња секогаш се менувале според утврдениот редослед. Дотогаш никогаш не врнело; земјата е облеана во магла и роса. Реките никогаш не се излеале од коритата, туку водите мирно ги носеле кон морето. Непроменливите наредби ги спречуваа водите да се излеат од бреговите“ (*Патријарси и пророци*, стр. 96 ориг.). Пред Потопот, луѓето, врз основа на погрешно разбирање на реалноста, тврделе дека потопот никогаш не би можел да се случи. И по Потопот, повторно врз основа на погрешно разбирање на реалноста, тие тврдат дека тоа никогаш не се случило. Како што вели Библијата: „Нема ништо ново под сонцето“ (Проповедник 1,9).

Од друга страна, Библијата исто така вели дека луѓето ќе бидат скептични кон настаните на последното време, како што некогаш биле кон Потопот (види 2. Петрово 3,3-7). Па, тогаш како можеме да се подготвиме за претстојното уништување? Постои нешто што се нарекува „одложено задоволување“, а што мора да биде наша свесна одлука. Ова во основа значи дека треба трпеливо да ја извршуваме работата на која Бог нè повикал, со надеж дека ќе добиеме пославна награда во иднина. Не знаеме кога Христос ќе се врати. Во извесна смисла, тоа и не е важно. Она што е важно е дека во меѓувреме, како Ное, го правиме она што Бог го бара од нас, дури и ако, како во случајот со Ное, тоа бара некои радикални промени во животот.

**Колку би биле подготвени да направите некоја крупна промена во животот за Бога кога, како Ное, би биле повикани да го направите тоа? (Навестување: види Лука 16,10)**

## АВРАМ, ТАТКО НА ВЕРНИТЕ

Бог го повикал Аврама да ги напушти роднините и татковината и да оди во земјата што Тој ќе му ја покаже. Така започнала крвната лоза на Месија. Иако не ни се дадени детали, Аврам морал да ја напушти земјата во која бил роден и во која ги поминал првите години од својот живот. Секако, тоа не била лесна одлука и несомнено морал да се откаже од некои овоземни задоволства и погодности за да го направи тоа.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 12,1-3. На кој начин биле „благословени сите племиња на земјата“, како резултат на тоа ветување и на неговото прифаќање?**

---

За Аврам и за неговото семејство, тоа бил значаен настан што им го променил животот. „Со вера Аврам, кога беше повикан, послуша да појде во местото што требаше да го добие во наследство, и тргна, не знаејќи каде оди“ (Евреите 11,8). „Несомнената послушност на Аврам е еден од највпечатливите докази за верата што може да се најде во целата Библија“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 126 оригинал).

Многумина од нас можеби не би биле подготвени да ја напуштат својата татковина, своите пријатели и членовите на семејството. Но, Аврам го направил тоа. Доволно му било да биде таму каде што Бог сакал да биде. И колку и да изгледа чудно, Аврам, Исак и Јаков никогаш не ја добиле таа земја во својот живот – но сепак му останале верни на Бога.

**Прочитајте Евреите 11,8-13. Која важна порака се наоѓа тука за нас?**

---

---

Аврам бил познат како кнез меѓу оние што живееле околу него. Тој бил познат како великодушен, храбар, гостопримлив и како слуга на Севишниот Бог. Неговото сведочење за Бога може да послужи како пример. И според Божјата благодат, ние сме Аврамови сонаследници. „Авраам Му поверува на Бога, и тоа му се сметаше за праведност. Знајте, пак, дека оние што се потпираат на верата, се синови Авраамови“ (Галатјаните 3,6.7). „А, ако сте, пак, вие Христови, тогаш сте Авраамово семе, и по ветување наследници“ (Галатјаните 3,29).

Во случајот со Аврам, како и Ное, гледаме некој што, како резултат на послушноста кон Бога, донесува крупна одлука што му го променила животот.

**Прочитајте 2. Коринќаните 4,18. Како пораката на тој стих треба да влијае на видот на духовните одлуки што ги донесуваме? На кој начин Мојсеј и Аврам го следеле истиот тој принцип?**

## ПОГРЕШНИТЕ ОДЛУКИ НА ЛОТ

Кога Аврам, како одговор на Божјиот повик, ја напуштил својата татковина, неговиот внук Лот решил да појде со него на тој пат. Во текстот 1. Мојсеева 13 пишува дека Бог го благословил Аврама до таа мера што „Аврам беше многу богат со добиток (главното мерило за богатство во таа култура), со сребро и со злато“ (1. Мојсеева 13,2). Лот, исто така, „имаше ситен и крупен добиток и шатори“ (1. Мојсеева 13,5). И двајцата станале толку богати што не можеле да живеат заедно со нивните големи стада. За да избегне кавга меѓу нивните сточари, Аврам му понудил на Лот да избере каде би сакал да живее. Се разбира, Лот требало да му го препушти изборот на Аврам, како постар, и меѓу другото, затоа што својата благосостојба му ја должел на поврзаноста со него. Меѓутоа, тој не покажал никаква благодарност кон својот добротвор и себично го посакал она што тој го сметал за најдобро расположливо земјиште.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 13,10-12. Кои рационални причини го навеле Лот да ја донесе одлуката што ја донел?**

---

Колку и да му било лесно на Лот да ја оправда својата одлука да се пресели во градот, околностите таму не се покажале баш најдобро за него. Од друга страна, Аврам, кога слушнал што му се случило, не рекол: „Па, штета, Лоте, ти го жнееш она што го посеа“, туку веднаш отишол да му помогне (видете 1. Мојсеева 14).

Меѓутоа, понекогаш во нашето настојување да стекнеме што е можно повеќе, не успеваме добро да ги научиме нашите животни лекции. Лот се вратил во Содом веднаш по тој настан! А сепак, Бог, во Неговата голема милост, испратил гласници да го предупредат Лот и неговото семејство, објавувајќи го претстојното уништување на тие градови.

**Прочитајте 1. Мојсеева 18,20-33. Што му навел Бог на Аврама како причина за неговата посета на Земјата? Каков бил одговорот на Аврам на веста дека Бог планира да ги уништи тие расипани градови?**

---

Поради неговата загриженост за Лот и за неговото семејство, Аврам почнал да се спогодува со Бога за да го убеди да ги поштеди тие градови доколку во нив се најдат неколку праведни луѓе. Тој започнал со бројот 50 и се спуштил до 10. И Бог, во согласност со Својот карактер полн со љубов, не престанал да дава милост сè додека Аврам не престанал да бара! Бог и двајцата ангели лично ги спасиле Лот, неговата сопруга и двете ќерки. Меѓутоа, жената на Лот погледнала назад и станала столб од сол. Така, Лот влегол во Содом како богат човек, а излегол речиси без ништо. Со оглед на тоа, колку треба да бидеме внимателни во врска со одлуките што ги носиме, особено кога размислуваме само за краткорочни придобивки, губејќи ја од вид општата слика (видете го текстот Марко 8,36.37).

## ОД ИЗМАМНИК ДО КНЕЗ

Како млад човек кој го сакал Бога и се плашел од Него, Јаков се понижил толку многу што, заедно со својата мајка Ревека, сковал заговор како да го измами својот татко и да го добие неговиот благослов. Како последица на тоа, тој ја започнал својата зрела доба на погрешен пат, принуден да бега од евентуално соочување со прерана смрт. Ревека му рекла на Јакова: „Стани и бегај (во Месопотамија) кај Лаван, братот мој, во Харан, и живеј кај него некое време, додека му помине гневот на братот твој... А тогаш, јас ќе пратам, да те доведат оттаму. Зошто да останам без вас двајцата во еден ден?“ (1. Мојсеева 27,43-45). Меѓутоа, Јаков всушност бил отсутен цели 20 години и никогаш повеќе не го видел лицето на својата мајка.

**Прочитајте 1. Мојсеева 32,22-31. Што се случило со Јаков тука и кои духовни поуки можеме да извлечеме од таа сторија кога станува збор за Божјата благодат, дури и кога ќе донесеме погрешни одлуки?**

---

„Со понизност, со покајание и со целосна потчинетост, тој грешен, заблуден смртник, го совладал небесното Величество. Тој грчевито се држел за Божјето ветување, а срцето на бесконечната Љубов не можело да се оглуши на молбите на грешникот. Сега на Јакова јасно му стоела пред очи заблудата што го навела со измама да се добере до правото на првородството. Тој немал доверба во Божјите ветувања, туку се напрегал со лични напори да го оствари она што Бог секако би го извршил во свое време и на свој начин... Јаков го добил благословот за кој му копнеела душата. Му било простено она што го потиснал брата си и го измамил татка си“ (Е. Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 197, 198 ориг.).

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 49,29-33. Иако Јаков повеќе немал имот во Ханан, какви упатства им дал на своите синови во врска со неговиот погреб? Кои други се исто така закопани во таа пештера? Што мислите, зошто Јаков го барал ова?**

---

Библијата нè известува дека сите тројца патријарси и нивните сопруги биле погребани во истата пештера. И покрај сè, довербата на Јаков во Бога била силна и тој се сметал себеси за странец и придојденик на земјата (види Евреите 11,13). И покрај неговите грешки, тој си заминал од дома без ништо, а во Ханан се вратил како богат човек.

**Затоа, и покрај нашите грешки, Бог сепак може да нè благослови. Меѓутоа, колку е подобро да се избегнат грешките уште од самиот почеток! Со какви одлуки се соочувате во моментов и како можете да ги избегнете грешките?**

# МОЈСЕЈ ВО ЕГИПЕТ

Ликот на Мојсеј доминира во раните години на светата историја. Тој бил сочуван во живот според Божјата промисла, преку храбрата мајка и грижливата сестра. Кога го пронашла бебето Мојсеј во плетена кошница, ќерката на фараонот ја замолила неговата мајка Еврејка да се грижи за него, па дури и ѝ платила за тоа. Колку само благословен предизвик за оваа млада мајка која била туѓинка и робинка! Јохаведа имала само 12 години на располагање за да го научи своето дете да се моли, да верува во Бога и да го почитува – да го обликува карактерот на својот син за живот на служба. Од друга страна, со години Мојсеј бил обучуван на дворот на египетскиот фараон. „И Мојсеј ја изучи целата египетска мудрост, и беше силен во своите зборови и дела“ (Дела 7,22). Но, кога созреал како човек, Мојсеј донел свесна одлука што го променила неговиот живот и текот на историјата.

**Прочитајте Евреите 11,24-29. Размислете што оставил Мојсеј зад себе и со што морал да се соочи наместо тоа. Обидете се да го согледате тоа од неговата позиција, пред да го направи таквиот избор. Што остава зад себе, а што решава да прифати со своето заминување?**

---

Во тоа време Египет бил една од најголемите, ако не и најголемата сила на стариот свет. Реката Нил ја наводнувала почвата и ја правела толку плодна што Египет, со своето изобилство на земјоделски култури, бил богато и моќно царство, а на чело требало да биде самиот Мојсеј. Тешко е воопшто и да се замисли колку била силна привлечноста на тој свет за него, во неговите рани години – Египетското царство со сите негови богатства. Мноштвото што го обожавало, различните задоволства и големото богатство сигурно му изгледале примамливо. Без сомнение, тој лесно можел да ја оправда својата одлука да остане во сето тоа, наместо да ја поврзе својата судбина со толпа презрени робови.

Па сепак, што се случило? Како што вели Светото писмо, тој првенствено избрал „да страда заедно со Божјиот народ, отколку да се насладува за кратко време на гревот“ (Евреите 11,25). А што да кажеме за тие страдања? Голем дел од 2. Мојсеева се занимава со борбите и искушенијата на Мојсеј, кој, дури и по сè низ што поминал, сепак не успеал да влезе во Ветената земја (видете 4. Мојсеева 20,12). Меѓутоа, на крајот на краиштата, сите знаеме дека Мојсеј направил добар избор, иако тој самиот можеби понекогаш се прашувал дали тоа е навистина така.

**Гледано од световна перспектива, Мојсеј требало да остане во Египет. Меѓутоа, како христијани, ние сме добиле таков увид во реалноста што нè издигнува подалеку од овој свет. Како можеме, кога светот нè искушува, секогаш да ја имаме на ум таа поширока слика? Зошто е тоа толку важно?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Бог ја испочитувал својата страна на заветот со благословот на Аврам. А Аврам, од своја страна, му оддал чест на Бога со тоа што не собирал богатства на земјата. „Наследството што му го ветил Бог на својот народ не е на овој свет. Аврам на овој свет немал земја ’ниту една стапка‘ (Дела 7,5). Бил мошне богат со подвижно богатство што го употребувал да го слави Бога и да им помага на ближните, но овој свет не го сметал за свој роден крај. Господ го повикал да ги напушти своите идолопоклонички земјаци и за вечни времиња му ја ветил хананската земја; но сепак, неа не ја наследиле ниту тој, ниту неговиот син, ниту синовите на неговиот син. Кога посакал да има посебно место да ги закопа своите мртви, и тоа морал да го купи од еден Хананец. Единствениот негов имот во ветената земја се состоел од една гробница изделкана во камен во пештерата Макпела“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 169 ориг.).

Во текот на животот, понекогаш сме во искушение да се насочиме кон богатството и задоволствата. Потребна е силна вера за да се практикува одложувањето на задоволствата. „Нему примамливо му ја истакнувале сјајната фараонова палата и владетелскиот престол, но тој знаел дека во тие господствени одаи се кријат уживања поради кои човекот го заборава Бога. Преку велелепноста на раскошниот двор и над владетелската круна, неговиот поглед бил насочен кон повисоките почести што ќе им бидат укажани на светците на Севишниот во неговото царство неопоганeто со валканост на гревот. Тој во вера ги видел круните и венците на непоминливата слава што ќе ги стави небесниот Цар на главите на победниците. Таа вера му дала храброст да ги напушти горделивите великодостојници на египетскиот двор и да му се придружи на сиромашниот, понизен и презрен народ кој, наместо да му служи на гревот, решил да му служи единствено на Бога“ (*Патријарси и пророци*, стр. 246 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Што ќе се случи со нашиот имот кога ќе дојде Исус? (Види 2. Петрово 3,10.) Што впрочем може со него да се случи, дури и пред да дојде Исус? (Видете Матеј 6,20.) Тогаш, зошто е важно секогаш да се гледаат работите од вистинската перспектива?**
2. **Исус предупредувал за нешто што го нарекол „измамливоста на богатството“ (Марко 4,19). Што сакал да каже со тоа? Како може богатството да нè измами?**
3. **Разговарајте како класа за сите начини на кои Мојсеј можел да го оправда останувањето во Египет, наместо да остави сè зад себе, да побегне со толпата робови во неплодната пустина? Што, во крајна линија, можело да го доведе до таква одлука?**

**Лекција 7**
**Од 11 до 17 февруари 2023**

# „НА ЕДЕН ОД ОВИЕ МОИ НАЈМАЛИ БРАЌА“



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Лука 4,16-19; Исаија 62,1.2; 5. Мојсеева 15,11; Матеј 19,16-22; Лука 19,1-10; Јов 29,12-16.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тогаш Царот ќе им каже на оние што Му се од десната страна:,Дојдете, благословени од Мојот Отец; наследете го царството, подготвено за вас од почетокот на светот“ (Матеј 25,34).**

Библијата често зборува за странци (нарекувајќи ги туѓинци или дојденци), за сираци и вдовици. Овие би можеле да бидат токму оние на кои мислел Исус кога зборувал за „еден од овие мои најмали браќа“ (Матеј 25,40).

Со кого можеме да ги поистоветиме овие луѓе денес? Туѓинците од библиско време биле поединци кои морале да ја напуштат својата татковина, можеби поради војна или глад. Нивниот еквивалент во денешно време можат да бидат милионите бегалци, кои останале без ништо под околности што не ги избрале сами.

Сирачиња се деца кои ги загубиле своите татковци поради војна, несреќа или болест. Во оваа група може да се вбројат и оние чиишто татковци се во затвор или се отсутни поради некоја друга причина. Колку широко поле на служба се отвора!

Вдовици се оние кои ги изгубиле своите сопружници од истата причина како и сираците. Многу од нив се самохрани родители и добредојдена би им била помошта што може да им ја обезбеди црквата.

Како што ќе видиме оваа седмица, бидејќи ние сме управители на Божјите работи, помагањето на сиромашните не е незадолжително за нас. Тоа значи да се следи Исусовиот пример и да се послушаат Неговите заповеди.

## ЖИВОТОТ И СЛУЖБАТА НА ИСУС

На почетокот на својата јавна служба Исус отпатувал во Назарет, во областа Галилеја. Тоа бил неговиот роден град, а мештаните веќе слушнале за Неговите дела и чуда. Според неговиот обичај, Исус присуствувал на саботната служба во синагогата. Иако не служел како рабин, тие му го дале свитокот на пророкот Исаија и го повикале да чита. Исус го прочитал текстот на Исаија 61,1.2.

**Прочитајте го текстот Лука 4,16-19 и споредете го со текстот Исаија 61,1-2 (видете и Лука 7,19-23). Што мислите, зошто Исус го избрал токму тој текст? Зошто тие стихови од Книгата на пророк Исаија се сметаат за месијански? Што откриваат тие за делото на Месија?**

---

---

Бидејќи верските водачи очигледно ги превиделе пророштвата кои зборувале за Месија кој страда и погрешно ги примениле оние што укажувале на славата на Неговото Второ доаѓање (што треба да ни послужи како потсетник за тоа колку навистина е важно да ги разбереме пророштвата), повеќето луѓе ја прифатиле заблудата дека задачата на Месија била да го ослободи Израел од неговите освојувачи и угнетувачи, Римјаните. Мислата дека изјавата за мисијата на Месија потекнува од текстот на Исаија 61,1.2, сигурно претставувала вистински шок.

Бескрупулозните службеници, како што биле даночниците, деловните луѓе, па дури и нивните соседи, генерално ги презирале сиромашните. Владеело општо верување дека сиромаштијата е проклетство од Бога и дека самите луѓе се виновни за нивната состојба. Со оглед на таквите предрасуди, малкумина се грижеле за сиромашните и за нивните несреќни околности.

Меѓутоа, Исусовата љубов кон сиромашните била една од најсилните докази за неговото месијанско потекло, како што може да се види од Неговиот одговор на прашањето на Јован Крстител за Него како Месија (види Матеј 11,1-6). „Како и учениците на Спасителот, Јован Крстителот не ја сфатил природата на Христовото царство. Очекувал Исус да го заземе Давидовиот престол, и како времето поминувало, а Спасителот не барал никаква царска власт, Јован се збунил и се вознемирил“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 215 оригинал).

**„Чиста и непорочна вера пред Бога Отецот е оваа: да се грижиш за сираци и вдовици во нивните маки и да се пазиш да останеш неосквернет од светот“ (Јаков 1,27). Како треба овој стих да ни помогне да ги поставиме нашите верски приоритети?**

# БОЖЈАТА ГРИЖА ЗА СИРОМАШНИТЕ

Библиските писатели во своите списи споменуваат многу Божји одредби кои се однесуваат на сиромашните, странците, вдовиците и сирачите. Записите за ова ги наоѓаме уште на горатa Синај. „Шест години сеј ја земјата своја и собирај ги плодовите нејзини, а седмата – остави ја нека отпочине, за да се хранат сиромасите на твојот народ; а со она, што ќе остане по нив, нека се хранат полските ѕверови; така прави и со лозјето твое и со маслинарникот твој“ (2. Мојсеева 23,10.11).

**Прочитајте ги текстовите 3. Мојсеева 23,22 и 5. Мојсеева 15,11. Колку и да се разликува нивниот контекст од нашиот живот денес, кои принципи треба да ги преземеме од тие стихови?**

___

Главно се подразбира дека зборот „брат“ во тие стихови се однесува на Израелците или на припадници на иста вера. Исто така, нив ги сметаме како достојни сиромашни или „за еден од овие мои најмали браќа“. Псалмите ни даваат упатства како треба да се однесуваме кон оние на кои им е потребна помош. „Бидете праведни кон сирак и беден, праведен и сиромав, ослободувајте го сиромавиот и бедниот од рацете на нечестивите“ (Псалм 82,3.4). Овој текст укажува дека нашето ангажирање во оваа насока не треба да се ограничи само на обезбедување храна.

Потоа, тука се и ветувањата за оние кои им помагаат на сиромашните. „Кој дава на сиромав, нема да осиромаши“ (Мудри изреки 28,27). „Ако царот им суди на сиромасите по правда, престолот негов ќе се зајакне засекогаш“ (Мудри изреки 29,14). А царот Давид забележал: „Блажен е оној, што се грижи за бедните! Во злочест ден Господ ќе го избави“ (Псалм 41,1). Ова, значи, отсекогаш претставувало приоритет во древниот Израел, дури и ако понекогаш се губело од вид.

Спротивно на ова, под влијание на она што е познато како „социјален дарвинизам“, особено во Англија, дури и во поново време, многумина сметаат дека помагањето на сиромашните не само што не претставува морален императив, туку дека е, всушност, погрешно. Според примерот на силите на природата, во кои силните преживуваат на сметка на слабите, „социјалните дарвинисти“ се убедени дека за општеството би било штетно да им се помага на сиромашните, болните, слабите, бидејќи ако се намножат, тие само би го ослабеле општественото ткиво на нацијата како целина. Колку и да е сурово, таквото размислување е логичен резултат на верувањето во еволуцијата и лажниот наратив што таа го наметнува.

**Како треба евангелието – мислата дека Христос умрел за сите луѓе – да влијае на нашето однесување кон сите, кои и да се тие?**

# БОГАТИОТ МЛАДИЧ

Не знаеме ништо за богатиот младич освен дека бил млад, богат и дека имал власт. А се интересирал и за духовни работи. Бил толку енергичен што со трчање му пристапил на Исуса (Марко 10,17). Тој бил воодушевен од можноста да дознае нешто за вечниот живот. И неговата приказна е толку важна што е запишана во сите три синоптички евангелија: Матеј 19,16-22; Марко 10,17-22 и Лука 18,18-23.

**Прочитајте го текстот Матеј 19,16-22. Што сакал да каже Исус кога рекол: „Ако сакаш да бидеш совршен, оди, продај го имотот свој и раздели го на сиромаси, и ќе имаш богатство на небото; па дојди и врви по Мене“ (Матеј 19,21)?**

---

Од повеќето од нас Исус не бара да продадеме сè што имаме и да им ги дадеме парите на сиромашните. Но, за овој млад човек парите мора да биле бог, и иако Исусовиот одговор звучи прилично остро, тој знаел дека за овој човек тоа е единствената надеж за спасение.

Библијата вели дека си заминал тажен затоа што бил мошне богат, што докажува колку многу ги обожавал своите пари. Нему му бил понуден вечен живот и место во внатрешниот круг на Исус („дојди и врви по Мене“ – истите зборови со кои Исус ги повикал своите 12 ученици). А сепак, за тој младич повеќе никогаш ништо не се слушнало. Тој ја заменил вечноста за световните добра.

Каков ужасен компромис, зар не? Колку тажен пример за непочитување на принципот „одложено задоволство“ (видете ја лекцијата од минатата седмица). Изборот што го направил тој човек е всушност голема измама бидејќи, без оглед на материјалното богатство што може да ни го даде сега, порано или подоцна сите ќе умреме и ќе се соочиме со изгледите за вечноста. Во меѓувреме, толку многу богати луѓе откриле дека нивното богатство не им го донело мирот и среќата на кои се надевале. Впрочем, во многу случаи се случило токму спротивното. Напишани се толку многу биографии, кои сведочат за фактот дека многу од овие богати луѓе се чувствувале навистина мизерно. Всушност, една од најдобрите илустрации во целата запишана историја за тоа колку самото богатство може да не донесе задоволство, се наоѓа во книгата Проповедник. Помеѓу многуте лекции што може да се извлечат од неа, јасно произлегува еден заклучок – мирот и среќата не можат да се купат со пари.

**„Зашто, кој сака да го спаси својот живот, ќе го загуби; а кој го загуби животот свој заради Мене и Евангелието, тој ќе го спаси. Зашто каква полза има човек, ако го придобие целиот свет, а на душата своја и напакости? Или каков откуп ќе даде човек за својата душа?“ (Марко 8,35-37) Што значи да се изгуби животот заради евангелието?**

## ЗАХЕЈ

Захеј бил богат Евреин кој своите пари ги заработувал собирајќи даноци за омразените Римјани. Поради тоа, но и затоа што, како и другите даночници, земал повеќе отколку што навистина му требало, Захеј бил омразен и сметан за „грешник“.

Живеел во Ерихон, кој се наоѓал на раскрсницата на многу трговски патишта. Средбата на Захеј и Исус не била случајна. Захеј очигледно доживеал извесно духовно осведочување и сакал да внесе некои промени во својот живот. Слушнал за Исуса и посакал да Го види. Сигурно се прочуло дека групата со која патувал Исус ќе пристигне во Ерихон тој ден. Од Галилеја, Исус морал да помине низ Ерихон на неговото последно патување до Ерусалим. Првите Христови зборови упатени до Захеј откриле дека, уште пред да влезе во градот, Тој знаел сè за овој човек.

**Прочитајте го текстот Лука 19,1-10. Која е разликата меѓу искуството на овој богат човек со Исуса и искуството на богатиот младич?**

---

Захеј и богатиот младич имале нешто заедничко. И двајцата биле богати, и двајцата сакале да го видат Исуса, и двајцата сакале вечен живот. Сепак, сличностите завршуваат тука.

Забележете дека Исус, кога Захеј рекол дека „половината од својот имот“ (Лука 19,8) ќе им го даде на сиромашните, го прифатил тој гест како израз на вистинско искуство на преобратување. Не му рекол: *Жал ми е Зак, но како во случајот со богатиот младич, правилото е с или ништо. Половина нема да биде доволно*. Зошто? Најверојатно затоа што за Захеј, иако и тој сигурно го сакал своето богатство, тоа сепак не претставувало бог како што претставувало за богатиот младич. Иако не знаеме што точно му рекол Исус, всушност Захеј бил прв што спомнал давање пари на сиромашните. Наспроти тоа, Исус морал изречно да му каже на богатиот младич да се откаже од својот имот или тоа ќе го уништи. Иако Захеј, како и секоја богата личност, морал да се чува од опасностите поврзани со богатството, се чини дека тој имал подобра контрола над самиот себе отколку богатиот младич.

„Кога богатиот млад поглавар си заминал од Исуса, учениците се чуделе на зборовите на својот Учител: ’Колку им е тешко на оние што се потпираат врз своето богатство да влезат во царството Божје!‘ А тие си рекле еден на друг: ’Тогаш кој може да се спаси?‘ Сега имале приказ за вистинитоста на Христовите зборови: ’Што не им е можно на луѓето, можно му е на Бога‘ (Марко 10,24.26; Лука 18,27). Виделе како еден богаташ со Божја милост може да влезе во царството“ (*Копнежот на вековите*, стр. 555 ориг.).

## „ОБРНА ЛИ ВНИМАНИЕ НА МОЈОТ СЛУГА ЈОВ?“

**Прочитајте го текстот Јов 1,8. Како самиот Бог го опишал Јов?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Тоа звучи прилично добро, имајќи предвид дека дури и Бог рекол за Јов дека тој е „добар“, „праведен“ (Јов 1,8), толку беспрекорен и непорочен што никој друг на земјата во тоа време не му бил рамен. И повторно, тоа сам Бог, буквално, го кажал за Јов.

Дури и откако катастрофите, една по друга, го снашле Јов, Бог го повторил истото што го кажал за Јов и првиот пат – дека на земјата нема никој сличен на него, непорочен, праведен и слично, освен што во оваа прилика додал уште еден нов елемент. Сето тоа за Јов било вистина, „иако ти Ме поттикнуваше, да го погубам без вина“ (Јов 2,3).

И иако добиваме моќен увид во совршенството и чесноста на Јов врз основа на неговото одбивање да се откаже од Бога и покрај сè што се случило, дури и покрај потсмевот на неговата несреќна сопруга, која му рекла: „Зар си уште постојан во непорочноста? Проколни Го Бога и умри!“ (Јов 2,9), книгата открива уште еден аспект од животот на Јов пред драмата што се одвива овде.

**Прочитајте го текстот Јов 29,12-16. Што е прикажано овде, а ни дава уште подобар увид во тајната на карактерот на Јов?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Она што веројатно ни дава најјасна слика се следните зборови на Јов: „Внимателно ја проучував поплаката, која не ја знаев“ (Јов 29,16). Со други зборови, Јов не чекал само, на пример, некој просјак во партали да дојде кај него и да му даде нешто. Наместо тоа, Јов бил проактивен во забележувањето на потребите, а потоа постапувал во согласност со тоа.

Елена Вајт предложила: „Не чекајте тие (сиромашните) да ви ги предочат нивните потреби. Постапувајте како Јов. Се распрашувал за она што не го знаел. Обиколете ја вашата околина за да дознаете какви потреби постојат и како тие можат да се задоволат на најдобар начин“ (*Сведоштва за црквата*, кн. 5, стр. 151). Тоа е ниво на управување со парите и со Божјите ресурси, што далеку го надминува она што многу од Божјите деца го практикуваат денес.

**Прочитајте го текстот Исаија 58,6-8. Како можеме да ги примениме тие древни зборови на нас денес?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„’Кога ќе дојде Синот човечки со својот сјај, во придружба на сите ангели, ќе седне на престолот на својата слава. Тогаш пред него ќе се соберат сите народи, а Тој ќе ги раздели едни од други.‘ Вака Христос на Маслинската гора им ја опишал на своите ученици сцената на големиот суден ден. Истакнал дека одлуката на овој суд ќе се донесе врз основа на една подробност. Кога народите ќе се соберат пред него ќе постојат само две групи луѓе, а нивната вечна судбина ќе биде одредена со она што го сториле или што занемариле да го сторат за него во личноста на сиромашните и на настраданите“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 637 оригинал).

„Кога ќе им ја отворите вратата на Христовите претставници кои се во неволја и кои страдаат, ги примате со добредојде небесните ангели. Повикувате друштво на небесните суштества. Тие му донесуваат на светот атмосфера на радост и мир. Тие доаѓаат со фалба на усните, а на небото се слуша песна што одговара. Секое дело на милосрдие на небото создава музика. Отецот на својот престол несебичните работници ги реди во своето најдрагоцено благо“ (*Копнежот на вековите*, стр. 639 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. „Зашто сиромаси ќе има секогаш во земјата“ (5. Мојсеева 15,11). Освен што тоа пророштво старо повеќе илјади години за жал се остварило, како уште треба да ги разбереме тие зборови денес? Некои ги користат дури и за да го оправдаат тоа дека не им помагаат на сиромашните, резонирајќи вака: „Ете, и Бог вели дека меѓу нас секогаш ќе има сиромашни, па мора да биде така.“ Што не е во ред во таквиот начин на размислување?**

**2. Прочитајте го текстот 1. Тимотеј 6,17-19: „Заповедај им на богатите од овој свет да не се гордеат, ниту да се надеваат во непостојаното богатство, туку на живиот Бог, Кој ни дава за наслада сè во изобилие; нека прават добро, нека се збогатуваат со добри дела, да бидат штедри и сочувствителни. И на таков начин да си собираат сокровиште – добра основа за иднината, за да постигнат живот вечен.“ Забележете каде лежи опасноста: да се надеваме во нашето богатство наместо на живиот Бог. Зошто тоа толку лесно им се случува на оние кои имаат пари, иако се свесни дека на крајот ни сите пари што ги имаат нема да ги спасат во животот? Зошто сите ние мора да внимаваме да не се надеваме на ништо друго, освен на живиот Бог?**

**Лекција 8**
**Од 18 до 24 февруари 2023**

# ПЛАНИРАЊЕ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ УСПЕХ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Проповедник 12,1; 1. Мојсеева 2,15; 1. Тимотеј 5,8; Колошаните 3,23.24; 1. Мојсеева 39,2-5; Мудри изреки 3,5-8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И сè што правите, правете го од душата, како за Господ, а не за луѓе, знаејќи дека како награда ќе добиете од Господ наследство, бидејќи на Господ Христос Му служите“ (Колошаните 3,23.24).**

Повеќето луѓе сакаат да имаат „успешен“ и среќен живот.

Се разбира, во овој паднат свет, каде што трагедија и несреќа можат да нè снајдат во секој момент, таа цел не е секогаш лесно да се постигне.

Освен тоа, се поставува и прашањето како го дефинираме „успехот“. Го имаме случајот со Јосиф во Египет. Ако некој некогаш имал успешен живот, тоа сигурно би бил тој, зар не? Од затвор во палата итн. Од друга страна, што е со Јован Крстител? Неговиот пат водел од затвор до гроб. Тогаш, колку бил успешен неговиот живот? И повторно, сè зависи од тоа како го дефинираме „успехот“.

Оваа седмица ќе го разгледаме концептот на „успех“ во контекст на основните принципи за водење на повереничката служба и финансиите. Кои и да сме, каде и да живееме, сакале или не, парите и финансиите ќе бидат дел од нашиот живот. Тогаш, кои се практичните чекори што можеме да ги преземеме на тој пат, а кои, иако не гарантираат „успех“, сепак можат да ни помогнат да ги избегнеме вообичаените стапици и грешки кои го попречуваат финансискиот успех?

# ПРАВИЛНО ПОСТАПУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТИТЕ

**Прочитајте Проповедник 12,1. Која порака се наоѓа тука за нас?**

___

___

Во текот на созревањето кај младите се развива свеста дека во животот мора да се обезбедат некои основни потреби – храна, облека и засолниште. Меѓутоа, во врска со овие потреби, самиот Исус ни кажал како да ги поставиме приоритетите, велејќи: „Но барајте го најнапред царството на Бога и Неговата правда, и сè ова ќе ви се придодаде“ (Матеј 6,33). Се разбира, дури и за оние постарите, кои не се одлучиле за Исуса уште во младоста, сè уште има време да донесат правилни одлуки во поглед на управувањето со материјалните средства.

Како што видовме во 1. Мојсеева 28,20-22, Јаков донел некои важни животни одлуки, и во духовна и во финансиска смисла. Во визија, Господ му се претставил на Јакова како „Господ Бог на таткото твој Аврам и Бог Исаков“ (1. Мојсеева 28,13). Тогаш, како дел од својот завет кон Бога, Јаков изјавил: „Господ ќе биде мој Бог“ (1. Мојсеева 28,21).

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 29,9-20. Зошто е важно во кој момент од животот на Јаков се случуваат овие настани?**

___

___

Дури откако Јаков се обврзал спрема Бога духовно и финансиски, Тој го упатил кон Рахела кај бунарот (видете 1. Мојсеева 29,9-20). Затоа, соодветно е човек да донесе одлука за својот духовен живот и животно занимање пред да се посвети на прашањето за бракот. Нашиот иден брачен другар треба да знае „во што се впушта“. Дали лицето е посветен христијанин? Каква работа ќе работи тој или таа? Дали ќе биде учителка, медицинска сестра, адвокат, работник, што и да е? Каков живот ќе водиме? Други прашања, на кои треба да добиеме одговори пред да се обврземе и да стапиме брак, се: Кое ниво на образование има постигнато нашиот иден брачен другар? Со колку долгови ќе влеземе во бракотс? Дали сме подготвени да ја прифатиме постојната ситуација како дел од нашата одговорност?

**Прочитајте го текстот 2. Коринќаните 6,14.15. Зошто е толку важно да се земе предвид овој принцип кога бараме животен другар? Иако не гарантира добар брак, зошто сепак ги зголемува шансите тоа да се оствари?**

## БЛАГОСЛОВИТЕ ОД РАБОТАТА (ВО ИДЕАЛЕН СЛУЧАЈ)

Освен ако не сте екстремно богати или ако мама и тато не ви оставиле такво наследство за да не мора да работите ниту еден ден во животот (ако читате приказни за такви деца, тогаш знаете дека парите што требало да им служат на благослов, често водат до трагедија кога ќе пораснат), порано или подоцна ќе мора да заработувате за живот. Идеално е, се разбира, ако најдете нешто што ве одушевува и што може да ви обезбеди добар приход, тогаш одлучете се за тоа, најдете работа и поминете го целиот работен век правејќи го тоа. Секако, тоа е идеал и не секогаш тој се остварува така.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 2,15 (видете и Проповедник 9,10 и 2. Солуњаните 3,8-10). Какво е значењето на тоа што на Адам (и секако на Ева), уште пред да падне во грев, му била дадена одредена работа? Како ова го објаснува фактот дека оние кои никогаш не морале да работат, како што е претходно наведено, сфатиле дека тоа е всушност нивно проклетство?**

---

Таквата работа очигледно не претставувала казна. Таа била осмислена за нивно добро. Според тоа, дури и во Рајот, дури и во светот каде што гревот, смртта и страдањето не постоеле, Бог знаел дека човечките суштества треба да работат.

„На Адам му била доверена задачата да се грижи за градината. Создателот знаел дека Адам не би можел да биде среќен без работа. Убавината на градината го одушевувала, но сепак тоа не било доволно. Морал да добие работа во која ќе ги развива чудесните органи на неговото тело. Кога среќата би се состоела во тоа да не се прави ништо, човекот, во состојба на света невиност, би бил оставен без работа. Но, Оној што го создал човекот знаел што ќе му донесе среќа и, штом го создал, му дал одредена задача. Ветувањето за идната слава и одлуката дека човекот мора да се труди за својот секојдневен леб, доаѓа од истиот престол" (Елена Вајт, *Нашиот возвишен повик,* стр. 223 оригинал).

Меѓутоа, дури и по падот, кога работата (како и сѐ друго) била извалкана од гревот, Бог му рекол на Адама: „Земјата ќе е проклета заради тебе: во мака ќе се храниш од неа сите денови на својот живот!" (1. Мојсеева 3,17). Забележете, Бог ја проколнал земјата „заради тебе" – поради Адам, со идејата дека работата ќе му биде навистина неопходна, особено како паднато суштество.

**Што е тоа во работата што, во идеален случај, би требало да биде благослов за нас?**

## ГОДИНИ НА СТЕКНУВАЊЕ

Како што видовме, Божја намера, во секој случај, била луѓето да работат. Тој дел од нашиот живот (работен век) обично трае околу 40 години. За многу луѓе, тоа е и време кога децата се воспитуваат и се школуваат, кога се купува стан или куќа и се прават други големи стекнувања. Во финансиска смисла, тоа може да биде многу интензивен период. Тоа е и многу чувствително време, бидејќи членовите на семејството тогаш учат да соработуваат и да воспоставуваат врски кои ќе траат цел живот. Финансискиот стрес во тој период може да го уништи бракот, а тоа често и го прави. Сепак, семејствата во кои и двајцата сопружници имаат христијанска определба и се подготвени да ги следат библиските принципи, се многу постабилни.

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Тимотеј 5,8; Дела 14,23 и Колошаните 3,23-24. Кои важни заклучоци можеме да ги извлечеме од тие текстови, кога се во прашање финансиите во куќата?**

---

Во повеќето случаи, мажот е главниот хранител, иако често и двајцата сопружници работат. Се разбира, може да се појават неочекувани околности – болест, економски колапс, што и да е – што го отежнуваат постигнувањето на тој идеал. Тогаш луѓето мора да се прилагодат на настанатите околности.

Децата кои се родени во овој период од животот се прогласени за „наследство од Господа“ (Псалм 127,3). Меѓутоа, мораме да запомниме дека децата носат со себе огромна одговорност. Целта на христијанските родители е да ги оспособат своите деца за, кога ќе пораснат, да станат самостојни луѓе во овој живот и да се подготват за животот што доаѓа. Еве три совети кои можат да им помогнат на родителите:

1. *Обезбедете домашно христијанско опкружување.* Тоа подразбира редовни и интересни семејни богослужби, редовно доаѓање во црква и во саботната школа, како и верност во давањето на десетокот и приносите. Ова се добри навики кои треба да се формираат рано во животот.

2. *Научете ги да сакаат да работат и да ја ценат работата.* Децата ќе откријат дека трудољубивоста и чесноста на работа секогаш се забележуваат, се ценат и наградуваат. Тие ќе научат дека до пари доаѓаме така што го трошиме нашето време извршувајќи задачи што се вредни за другите.

3. *Помогнете им да стекнат добро образование.* Образованието е скапо денес – особено христијанското образование во приватните училишта. Но, за родителите кои прават планови за своите деца не само за овој живот, туку и за оној што доаѓа, тоа е исплатлив трошок.

**Се разбира, што и да направат родителите, никој не може да им гарантира во која насока ќе тргнат нивните деца. Зошто е важно родителите да не се обвинуваат себеси за погрешните одлуки што би можеле да ги донесат нивните возрасни деца?**

# ДА СЕ РАБОТИ ЧЕСНО

Друга фаза на „успешниот“ живот, последната фаза, има потенцијал да биде и најпријатна – ако одлуките донесени во младоста биле мудри и ако неочекуваните настани не ги попречиле. Во идеален случај, родителите ги извеле децата на пат, подготвувајќи ги и оспособувајќи ги за самостоен живот, вратен е кредитот за куќата или станот, задоволени се потребите за превоз, нема долгови, а обезбедени се и доволно приходи за потребите на постарите во домаќинството.

Од друга страна, Бог ги повикува своите деца да достигнат едно повисоко мерило во животот и работата. Тоа мерило е Божјиот закон запишан во срцето (видете Еремија 31,33), кој се огледува во карактерот. Колку повеќе општеството пропаѓа, а христијанското учење се разводнува и минимизира, на поединецот му станува сè поважно да достигне такво ниво во животот и работата што нема за што да му се замери. Библијата вели: „Подобро е добро име, отколку големо богатство, и подобро е благонаклоност, отколку сребро и злато“ (Мудри изреки 22,1).

Библијата бележи случаи на работодавци кои сфатиле дека се благословени затоа што имале побожен работник. Кога Јаков посакал да го остави дедо му Лаван и да се врати во својата татковина со семејството, Лаван го молел да не заминува, велејќи: „Немој, ако сум нашол милост пред тебе. Гледам дека Бог ме благослови поради тебе“ (1. Мојсеева 30,27). Кога Јосиф бил продаден во ропство во Египет, неговиот господар Петефриј направил слична забелешка за работата на Јосиф и соодветно го наградил.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 39,2-5. Иако текстот не ни го наведува тоа изречно, што мислите дека направил Јосиф што го натерало неговиот господар да гледа на него толку благонаклоно?**

---

„И така било да јадете, или да пиете, или нешто друго да правите, сето тоа правете го за слава Божја“ (1. Коринќаните 10,31). Затоа, дури и кога станува збор за нашата работа, за управувањето со финансиите, што и да работиме, сето тоа треба да го правиме за слава Божја. А Тој е оној кој ни дава знаење и сила да успееме во животот. „Твое е, Господи, и величието, и силата, и славата, и победата, и блесокот; и сè, што е на небото и на земјата, Твое е; Твое е, Господи, царството, Ти стоиш над сè одозгора како Владетел. Од Тебе се и богатството и славата; Ти владееш над сè, во Твојата рака е и силата и цврстината, и во Твоја власт е да издигнеш и да зацврстиш сè“ (1. Летописи 29,11.12).

**До кои принципи се придржувате, не само во работата, туку и во животот воопшто? Какви промени можеби ќе треба да направите?**

# БАРАЊЕ ПОБОЖЕН СОВЕТ

Има многу секуларни „гуруа“ за управување со парите, но Бог нѐ предупредува да не се консултираме со нив кога станува збор за управување со сето она што ни го доверил. „Блажен е оној, што не го следи советот на безбожниците, не застанува на пат на грешници и не седи во друштво на развратници, туку му омилел Законот Господов и за Законот Негов дење и ноќе грижливо размислува; тој е како дрво посадено крај вода изворска, кое својот род го дава навреме, и чиј лист не венее; и во сѐ што прави, напредува“ (Псалм 1,1-3).

Затоа човекот кој ужива во законот Господов (законот овде во поширока смисла може да се разбере како Слово Божјо), ќе биде благословен. Едноставно е, зар не? И тој ќе напредува – ќе биде успешен.

**Прочитајте Мудри изреки 3,5-8. Како треба да го примениме овој принцип во нашето справување со основните финансиски прашања?**

---

Прегледот на библиските совети за управување со финансиите ни дава многу вредни насоки што треба да ги следиме. Да погледнеме некои од нив.

1. *Организирајте се. Направете план за трошоците* (Мудри изреки 27,23.24). Многу семејства едноставно преживуваат од плата до плата. Без едноставен план кој ги зема предвид заработката, трошењето и штедењето, животот станува многу постресен.

2. *Трошете помалку отколку што заработувате. Донесете одлука да живеете според вашите можности* (Мудри изреки 15,16). Многу семејства во западните земји, всушност, трошат повеќе отколку што заработуваат. Ова се случува само поради достапноста на кредитите и можноста за задолжување. Меѓутоа, многу проблеми ги мачат оние кои се во долгови.

3. *Заштедувајте по малку од секоја плата* (Мудри изреки 6,6-8). Треба да штедиме за да можеме во иднина да направиме некои поголеми купувања и да се справиме со непланираните трошоци, како болест или несреќни случаи. Дел од таа заштеда треба да зачуваме за времето кога, поради старост, веќе нема да можеме да се вработиме.

4. *Пазете се од долговите како од ковид-19* (Мудри изреки 22,7)! Каматата е трошок од кој можете да се откажете. Лицето или семејството што живее во долгови – односно од позајмени пари – всушност денес живее од парите што очекува да ги заработи во иднина. Но, доколку има некакви непредвидени промени, тоа би можело да доведе до сериозни финансиски непријатности.

5. *Бидете вреден работник*. „Душата на мрзливиот посакува, но напразно; а душата на работливиот ќе се насити“ (Мудри изреки 13,4).

6. *Бидете му верни на Бога во поглед на финансиите* (5. Мојс. 28,1-14). Ниту едно семејство не може да си дозволи да живее без Божјиот благослов.

7. *Имајте на ум дека оваа земја не е нашиот вистински дом*. Начинот на кој управуваме со нашите средства кажува многу за тоа кои се нашите крајни приоритети (видете Матеј 25,14-21).

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Ниту една деловна шема или животен план не можат да бидат здрави или целосни ако ги опфаќаат само кусите години од овој сегашен живот и не водат сметка за бескрајната иднина … Никој не може да собира богатство на Небото, а притоа неговиот живот на оваа Земја да не е збогатен и облагороден“ (Елена Вајт, *Воспитување*, стр. 145 оригинал).

„Темел на деловната чесност и вистинскиот успех е признавањето дека Бог е сопственик на сѐ. Создателот на сѐ е вистинскиот сопственик. Ние сме негови повереници. Сѐ што имаме Тој ни доверил да го употребуваме во согласност со неговите упатства“ (*Воспитување,* стр. 137 ориг.).

Поради притисокот да се грижиме за нашето семејство, ние често мислиме дека нашата работа е едноставно да обезбедиме приход. Меѓутоа, како христијани, ние исто така се соочуваме и со потребата да го извршиме нашиот дел во рамките на Големиот налог што Исус им го дал на сите свои следбеници. Откако го цитирала тој налог онака како што е запишан во текстот Марко 16,15, Елена Вајт напишала: „Не се сите повикани да бидат проповедници или мисионери во вообичаената смисла на зборот; но сите можат да бидат Христови соработници во објавувањето на ’радосната вест‘ на своите ближни. Заповедта им е упатена на сите, големи и мали, учени и неуки, стари и млади“ (*Воспитување*, стр. 264 ориг.).

„Ние мораме попрецизно да се придржуваме до Божјиот план за животот. Да ја извршуваме колку е можно подобро работата која е пред нас, да му ги довериме на Бога нашите патишта и да внимаваме на знаците на Неговото провидение – тоа се правилата што служат како сигурен водич при изборот на професијата“ (*Воспитување*, стр. 267 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како ние како христијани го дефинираме „успешниот“ живот? Која е разликата помеѓу тоа како светот го дефинира успехот и како би требало ние (во идеален случај) да го дефинираме? Земете го, на пример, Јован Крстителот. Како би го окарактеризирале неговиот живот, кој завршил неславно, во затвор, а сето тоа поради каприцот на една расипана жена? Дали тоа би го нарекле успех? Како би го образложиле вашиот одговор?**

**2. Како да се објасни фактот дека има толку многу „успешни“ луѓе кои не следат ниту еден од библиските принципи, кога е во прашање управувањето со богатството или воопшто во животот? Или, што е со оние кои се обидуваат да го следат нивниот пример, а не успеваат? Можеби затоа што се разболуваат или им се случува некоја несреќа. Како да ги разбереме таквите ситуации?**

**Лекција 9**
Од 25 февруари до 3 март **2023**

# ЧУВАЈТЕ СЕ ОД АЛЧНОСТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 14,12-14; Ефесјаните 5:5; Исус Навин 7; Јован 12,1-8; Дела 5,1-11; 1. Коринќаните 10,13.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Потоа им кажа: „Внимавајте! Чувајте се од алчноста, зашто животот на човека не зависи од изобилието на неговиот имот!“ (Лука 12,15)**

Алчноста или сребројубиeто или зависта се дефинираат како преголема желба за богатство или имот што не ви припаѓа. Алчноста е голем проблем – доволно голем, всушност, за да се стави на исто ниво со лажењето, крадењето и убивањето. Тоа е толку штетно што Бог решил да предупреди против тоа во неговиот голем морален закон. „Не посакувај ја куќата на ближниот свој, не ја посакувај жената на ближниот свој, ниту неговиот слуга, ниту неговата слугинка, ниту неговиот вол, ниту неговото магаре, ниту нешто што е на твојот ближен“ (2. Мојсеева 20,17).

Алчноста често се вбројува меѓу оние грозоморни гревови што ќе го спречат човекот да влезе во царството Божјо. „Или не знаете дека неправедните нема да го наследат царството Божјо? Не се залажувајте: ниту блудниците, ниту идолопоклониците, ниту прељубниците, ниту прељубниците, ниту разбојниците, ниту лакомите, ниту пијаниците, ниту тепачите, ниту разбојниците нема да го наследат царството Божјо“ (1. Коринќаните 6,9.10).

Значи, алчноста се поистоветува со изнуда, идолопоклонство, блуд и прељуба? Библиските стихови го кажуваат токму тоа, а оваа седмица ќе разгледаме примери кои ни покажуваат колку е навистина лошо и што можеме да направиме за да го надминеме.

## ПРВОБИТНИОТ ГРЕВ?

Често се поставува прашањето, и тоа со причина, како воопшто гревот настанал во Божјиот универзум. Можеме да разбереме како – барем до одреден степен. А во својата срж, настанал поради алчност. Според тоа, алчноста би можела да биде тој првобитен грев.

**Прочитајте го текстот Исаија 14,12-14. Какви навестувања се дадени таму во врска со падот на Луцифер? Како алчноста одиграла пресудна улога во тој пад?**

________________________________________________________

________________________________________________________

„Бидејќи не бил задоволен со својата положба, иако бил ценет повеќе од кој било припадник на небесните војски, тој (Луцифер) се осмелил да једнее за обожавањето што му припаѓа само на Творецот. Наместо да се труди сите создадени суштества да ги упатува на приврзаност и верност кон Бога и тоа да биде нивни највисок идеал, тој настојувал нивната служба и преданост да си ги обезбеди за себе. Копнеејќи дрчно за славата со која вечниот Отец го опкружил својот Син, овој ангелски кнез се стремел и кон власта која била првенствено Христово право“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 35 оригинал).

**Прочитајте ги текстовите Ефесјаните 5,5 и Колошаните 3,5. Со што ја поистоветува Павле алчноста и зошто?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Фасцинантно е што Павле двапати ја изедначува алчноста со идолопоклонството. Луѓето се оддаваат на идолопоклонство кога се поклонуваат – односно го посветуваат својот живот – на нешто друго наместо на Бога, на нешто создадено наместо на Создателот (Римјаните 1,25). Според тоа, дали алчноста е всушност желба за нешто што не би требало да го имаме, и тоа толку силна желба што таа, а не Господ, зазема централно место во нашето срце?

Несомнено е дека на почетокот Луцифер не знаел каде ќе го одведат неговите погрешни желби. Тоа може да биде случај и со нас. Меѓутоа, заповедта против алчноста, единствената заповед која се занимава исклучиво со мислите, може да нè одврати од дела што би довеле до кршење и на другите заповеди. (Видете, на пример, 2. Самоилова 11).

**Прочитајте го текстот 1. Тимотеј 6,6,7. Како нè штити од алчноста сосредоточеноста на она за што пишува Павле овде?**

# ПРОКОЛНАТИ ПРЕДМЕТИ ВО ЛОГОРОТ

Тоа бил веројатно еден од најзначајните моменти во историјата на Израел. По 40 години талкање во пустината, тие конечно влегувале во Ветената земја. Благодарение на едно драматично чудо, Израелците ја преминале реката Јордан во фаза на висок водостој – на суво. Тоа преминување било толку импресивно што срцата на незнабожечките владетели во Ханан омекнале и нивниот борбен дух стивнал (Исус Навин 5,1).

Првиот вистински предизвик при освојувањето на Ханан бил Ерихон, град опкружен со силни ѕидишта. Никој не знаел што да прави за да ги победи луѓето од Ерихон – дури ни Исус Навин. Само како одговор на молитвата на Исус Навин, Бог им го открил планот за уништувањe на градот што тие го следеле. Меѓутоа, настаните понатаму добиваат изразито негативен тек.

**Прочитајте Исус Навин 7. Што се случило по моќната победа кај Ерихон и каква порака за самите нас треба да извлечеме од таа сторија?**

---

Кога бил соочен со вината, Ахан признал што направил, велејќи дека се „полакомил“ за тие работи. Еврејскиот збор преведен како „полакоми“ (или „допадна“ заб. на прев.), *chmd*, се користи на некои места во Библијата во многу позитивна смисла. Истиот корен се појавува во текстот Даниел 9,23, на пример, кога Гаврил му рекол на Даниел дека е „сакан човек“.

Меѓутоа, во овој случај зборот *chmd* бил лоша вест. И покрај јасната заповед да не го земаат пленот од освоените градови (Исус Навин 6,18.19), Ахан го направил токму тоа, нанесувајќи срам на целата нација. Всушност, по поразот кај Гај, Исус Навин се исплашил и помислил: „Хананците и сите жители на земјата ќе чујат, ќе нè опколат и ќе нè истребат нас од земјата. И што ќе направиш за Твоето големо име?“ (Исус Навин 7,9). Со други зборови, Господ сакал да ги искористи тие големи победи за да им даде до знаење на околните народи колку е голема Неговата моќ и како Тој дејствува меѓу својот народ. Нивните освојувања требало да бидат (на посебен начин) сведоштво на народите за моќта на Јахве. Секако, по поразот кај Гај, покрај загубата на човечки животи, и тоа сведоштво било компромитирано.

**Размислете колку лесно Ахан можел да ги оправда своите постапки: Па, тоа е толку мала сума во споредба со целиот плен. Никој нема да знае, и како може тоа да нанесе штета? Освен тоа, на моето семејство му требаат пари. Како да се заштитиме од ваквата опасна рационализација?**

## СРЦЕТО НА ЈУДА

Една од најтрагичните извештаи во Библијата е онаа за Јуда Искариотски. Тој човек имал таква привилегија што ја имале само единаесет други луѓе во историјата на светот – да биде со Исуса цело време и да ги учи вечните вистини директно од самиот Учител. Колку е тажно што многу луѓе, кои ги немале ни приближно таквите предности што ги имал Јуда, ќе бидат спасени, додека самиот Јуда, како што знаеме, сега е предодреден за вечно уништување.

Што се случило? Одговорот може да се најде во еден збор – алчност, копнежот на неговото срце.

**Прочитајте го текстот Јован 12,1-8. Што направила Марија што привлекло толку големо внимание за време на празникот? Како реагирал Јуда? Зошто? Што одговорил Исус?**

---

Нежниот укор на Спасителот, како одговор на неговата алчна забелешка, го натерала Јуда да ја напушти вечерата и да отиде директно во палатата на првосвештеникот, каде што се собрале Исусовите непријатели. Тој им понудил да го предаде Исуса во нивни раце за многу помалку од дарот на Марија. (Видете Матеј 26,14-16).

Што се случило со Јуда? Со оглед на тоа што имал толку прекрасни можности, толку ретки привилегии, зошто направил толкаво зло? Според Елена Вајт, Јуда „го сакал големиот Учител и сакал да биде со него. Копнеел да го измени карактерот и животот и се надевал дека тоа ќе го искуси ако се поврзе со Исуса. Спасителот не го одбил Јуда. Му дал место меѓу дванаесеттемина. Му доверил да врши дело на еден евангелист. Го обдарил со сила да лекува болни и да истерува ѓаволи. Но Јуда не му се предал потполно на Христа“ (*Копнежот на вековите,* стр. 716 ориг.).

На крајот на краиштата, сите ние имаме недостатоци во карактерот кои, ако му се предадеме на Бога, можат да бидат надминати со дејствувањето на Неговата сила во нас. Но Јуда не му се предал целосно на Христа, и гревот на алчноста, кој можел да го победи со Христовата сила, го совладал со трагични последици.

Кој од нас не се бори со алчноста за ова или она? Во овој случај, Јуда го посакувал парите, а таа алчност – проблем на срцето – го довела до тоа да краде (Јован 12,6), што на крајот го навела да го предаде Исуса.

**Колку страшна лекција е тоа за сите нас, кога станува збор за опасностите во кои може да нè доведе алчноста. Нешто што изгледа толку ситно, обична желба на срцето, може да доведе до сериозна несреќа и вечна загуба.**

## АНАНИЈА И САФИРА

Во тоа време било возбудливо да се биде член на црквата. По големото излевање на Светиот Дух на денот Педесетница, апостолите го проповедале Евангелието со посебна сила и илјадници се придружувале на црквата.

„И откако се помолија, се затресе местото каде што беа собрани, и сите се исполнија со Дух Свети и слободно го проповедаа словото Божјо. А народот, што поверува, имаше едно срце и една душа: и никој ништо од својот имот не го нарекуваше свое, туку сѐ им беше заедничко“ (Дела 4,31.32).

Каква само предност имале тие двајца луѓе, Ананија и Сафира, да бидат дел од раната црква, да го гледаат нејзиниот раст и да го посматраат излевањето на Светиот Дух на таков впечатлив начин. „Не постоеше ниеден меѓу нив што имаше потреба за нешто, бидејќи оние што имаа ниви и куќи, ги продаваа и парите земени за нив ги донесуваа и ги оставаа пред нозете на апостолите: и секому му се даваше според неговите потреби“ (Дела 4,34.35).

Во тоа опкружување, Ананија и Сафира, очигледно импресионирани од она што се случува, и сакајќи да бидат дел од сето тоа, решиле да продадат дел од имотот и да ги дадат приходите на Црквата. До тој момент сѐ било добро.

**Прочитајте Дела 5,1-11. Според вас што е полошо, тоа што задржале дел од парите или што лажеле за тоа? Зошто добиле толку остра казна?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

На почетокот се чинело дека се искрени во нивната желба да го поддржат делото со својот прилог. „Меѓутоа, Ананија и Сафира подоцна го ожалостиле Светиот Дух, оддавајќи се на грев и лакомост. Почнале да жалат што воопшто дале завет и набргу го загубиле благотворното влијание на благословот што ги загреал нивните срца со желба да сторат нешто големо во полза на Христовото дело“ (Елена Вајт, Делата на апостолите, стр. 72 оригинал). Со други зборови, иако тие влегле во тоа со најдобра намера, нивната алчност ги навела погрешно да се претставуваат, преправајќи се дека се нешто што не се.

**„И голем страв ја обзеде целата Црква и сите оние што го слушнаа тоа“ (Дела 5,11). По тој инцидент, луѓето сигурно биле многу повнимателни околу враќањето на десетокот. Меѓутоа, тој тажен извештај не е вклучен во Библијата како предупредување за верност во давањето десеток. Што всушност нѐ учи за тоа до што може да доведе алчноста?**

## НАДМИНУВАЊЕ НА АЛЧНОСТА

Алчноста е работа на срцето и, како гордоста и себичноста, често останува незабележана, поради што може да биде толку измамлива, па дури и смртоносна. Веќе е доволно тешко да се надминат гревовите кои се очигледни, како што се лажењето, прељубата, кражбата, идолопоклонството, кршењето на саботата. А сепак тоа се надворешни дела за кои мораме да размислиме пред да ги направиме. Но, надминувањето на самите погрешни мисли може да биде навистина тешко.

**Прочитајте 1. Коринќаните 10,13. Какво ветување се дава таму и зошто е толку важно да го разбереме во контекст на алчноста?**

---

Како тогаш, со Божја сила, можеме да се заштитиме од тој опасен, измамлив грев?

1. Донесете одлука да му служите на Бога, да се потпирате на Него и бидете дел од неговото семејство. „Тогаш денес изберете кому ќе му служите... а, пак, јас и домот мој ќе му служиме на Господ“ (Исус Навин 24,15).

2. Бидете секојдневно во молитва и вклучете ги зборовите од текстот Матеј 6,13: „И не воведувај нè во искушение, но избави нè од лукавиот. Зашто Твое е царството, и силата, и славата, во сите векови. Амин.“ Кога чувствувате желба за нешто што знаете дека не треба да го имате, молете се за тоа, мислејќи на библиските ветувања за победа, како што е она во 1. Коринќаните 10,13.

3. Редовно проучувајте ја Библијата. „Ги сокрив во срцето свое заповедите Твои, за да не грешам пред Тебе“ (Псалм 119,11).

Исус се впрегнал во борба против проблемот со човечкиот грев. Тој бил искушан во секој детаљ во кој сме и ние искушувани. И за да прими сила да се спротивстави, цели ноќи минувал во молитвена заедница со својот Отец. И тој не го напуштил овој свет сè додека не ни го отворил патот со свој пример, а потоа ни ветил и сила што ќе му овозможи на секој човек да живее во вера и послушност – да развие карактер сличен на Христовиот.

„Барајте го Господа, додека можете да Го најдете; викајте Го додека е близу. Нечесниот нека го остави патот свој, и беззаконикот – помислите свои и нека се обрати кон Господ, нашиот Бог, – и Тој ќе го помилува, зашто е многу милостив“ (Исаија 55,6.7).

**Кои се, доколку ги има, последиците од алчноста во вашиот живот? Кои лекции ги научивте? Што друго треба да научите од нив?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

При освојувањето на Ерихон, Ахан не бил единствениот што донел сребро и злато во израелскиот логор. Исус Навин им рекол на луѓето да донесат сребро и злато, како и садови направени од месинг и железо, во ризницата на Божјиот дом (Исус Навин 6,19.24). Сè друго морало да се запали. Ахан, сепак, бил единствениот што задржал нешто за себе. „Меѓу повеќето милиони Израелци се нашол само еден човек кој во тој свечен миг на триумф и суд се осмелил да ја престапи Божјата заповед. Кога видел скапоцена вавилонска ткаенина, Ахан не можел да ја совлада својата алчност. Дури и во мигот кога на смртта ѝ гледал во очи, не можел да не каже: 'Убава вавилонска наметка.' Еден грев повлекува по себе друг, и тој присвоил од златото и среброто посветено на Господовата ризница – закинувајќи го со тоа Бога во првите плодови на хананската земја" (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 496 оригинал).

На Павловата листа со знаци на последното време, првите две ставки го вклучуваат нашиот однос кон парите и имотот. „Но ова знај го: во последните денови ќе настанат тешки времиња. Зашто луѓето ќе станат себељубиви, среброљубиви (алчни)..." (2. Тимотеј 3,1.2). Себичноста и љубовта кон парите претставуваат значајна карактеристика на човештвото на последното време – нашето време.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Прочитајте 1. Тимотеј 6,6-10: „А голема печалба е, навистина, да биде човек благочестив и задоволен со себе. Бидејќи ништо не сме донеле на светов, јасно е дека не можеме и ништо да однесеме. Но кога имаме храна и облекло, со тоа да бидеме задоволни. А оние што сакаат да се збогатуваат, паѓаат во искушение, во стапици и во многу неразумни и штетни страсти, што го потопуваат човекот во пропаст и погибел. Зашто коренот на сите зла е среброљубието, на што некои му се предадоа, се отклонија од верата и си навлекоа многу маки." Разговарајте во класата за примерите на оние кои поради љубовта кон парите „си навлекоа многу маки". Има многу такви примери, зар не? Како да го најдеме вистинскиот баланс, знаејќи дека ни требаат пари за да преживееме, без да паднеме во стапицата на која предупредува Павле?**
2. **Што друго постои, освен парите, а би можеле за тоа да се полакомиме?**
3. **Која е разликата меѓу легитимната желба за нешто и алчноста? Кога таа легитимна желба за нешто се претвора во алчност?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 10**
**Од 4 до 10 март 2023**

# ВОЗВРАЌАЊЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Лука 12,16-21; Проповедник 2,18-22; Мудри изреки 27,23-27; 2. Коринќаните 4,18; Проповедник 5,10; Колошаните 1,15-17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Чув глас од небото како да ми вели: ’Напиши – блажени се мртвите кои отсега умираат во Господ! Да – вели Духот – нека се одморат од трудот свој, зашто делата нивни ги следат!‘“ (Откровение 14,13).**

Како што се приближуваме кон крајот на нашиот работен век, нашиот финансиски фокус се свртува кон зачувување на средствата во пресрет на крајот на животот. Преминувањето од работниот однос во пензија може да биде многу трауматично искуство. Кој е најдобриот начин да продолжиме понатаму, кога се во прашање нашите финансии?

Како што луѓето стареат, тие речиси природно почнуваат да се грижат за иднината. Најчести стравови се: дека ќе умрат прерано (пред да го згрижат своето семејство); дека ќе живеат предолго (ќе ги надживеат своите поседи или заштеди); сериозна болест (сите мои ресурси би можеле да исчезнат во еден момент); и ментална и/или физичка попреченост (кој ќе се грижи за мене?).

Коментирајќи ги тие стравови, Елена Г. Вајт напишала: „Сите овие стравови доаѓаат од сатаната... Кога би го зазеле ставот којшто Бог сака да го заземат, последната животна доба би можела да биде најдобрата и најсреќна за нив... Треба да ги остават настрана своите грижи и товари и своето време да го поминуваат што е можно посреќно, подготвувајќи се за небото“ (*Сведоштва за црквата*, кн. 1, стр. 424).

Оваа седмица ќе го разгледаме Божјиот совет во врска со нашите последни години. Што да правиме, што да избегнуваме и кои принципи треба да ги следиме?

## БОГАТИОТ БЕЗУМНИК

**Прочитајте го текстот Лука 12,16-21. Која важна порака се наоѓа тука за нас? Каков строг прекор му дал Господ на тој безумен човек и што ни кажува тоа за односот што треба да го имаме спрема она што го поседуваме?**

---

Иако таа порака има пошироко значење, може да се каже дека Исус *со таа парабола* покажал *што не треба да се прави во пензија*. Следствено на тоа, ако некој сака да ја напушти работата со намера да ги потроши своите заштеди само на себе, треба да се замисли и оваа парабола да му биде при срце. Проблемот не е во напорната работа и стекнувањето богатство, особено кога годините ќе поодминат, а можеби дури и почнувате да заработувате повеќе. Проблемот е во односот кон сето тоа. Зборовите на човекот: „Почивај, јади, пиј и весели се" (Лука 12,19) – ја погодуваат суштината на проблемот.

„Целите на овој човек не биле повозвишени од целите на животните што гинат. Живеел како да нема Бог, како да нема небо, како да нема иден живот; сè што имал како да било само негово, како ништо да не му должел ниту на Бога ниту на луѓето" (Елена Вајт, *Христовите параболи*, стр. 257, 258 ориг.).

Ако во таа фаза од животот мислиме само на себе, занемарувајќи го Божјото дело и потребите на другите, тогаш го следиме примерот на тој богат безумник. Во Исусовата парабола нема никакви показатели дека тој богаташ бил мрзлив или нечесен. Единствениот проблем бил само во тоа како сакал да го потроши она што Бог му го доверил. Бидејќи не го знаеме денот на нашата смрт, секогаш треба да се подготвуваме за тој момент со тоа што ќе ја вршиме Божјата волја наместо да водиме себичен живот.

Според општата слика дадена во Библијата, човекот треба да работи и да остане продуктивен сè додека може. Всушност, интересно е да се забележи дека писателите на големите пророчки книги, Даниел и Јован, писателот на Откровението, како што многумина веруваат, биле веќе во своите 80-ти кога ја завршиле својата работа. И тоа во време кога просечниот животен век изнесувал околу 50 години. Елена Вајт, некои од своите најпознати и најомилени книги, како што е *Копнежот за вековите*, ги објавила околу својата 70-та година. Значи, сè додека сме здрави, годините не треба да бидат причина да престанеме да бидеме продуктивни и сè додека можеме да правиме нешто добро.

Исус ги советувал оние што го чекаат Неговото второ доаѓање не само да останат будни, туку и да продолжат ревносно да работат (Матеј 24,44-46).

**Како можеме, на која било возраст и со која било сума на пари, да избегнеме да паднеме во истата стапица како човекот во таа парабола? Запрашајте се: „За што живеам?"**

## НЕ МОЖЕШ ДА ГИ ПОНЕСЕШ СО СЕБЕ

Некој еднаш го прашал познатиот евангелист Били Греем, што најмногу го изненадило во врска со животот сега, кога е постар (тогаш имал 60 години). Греем одговорил: „Неговата краткост“.

Несомнено, животот брзо минува.

**Што нè учат следните текстови за човечкиот живот? Псалм 49,17; 1. Тимотеј 6,6.7; Псалм 39,11; Јаков 4,14; Проповедник 2,18-22.**

---

И не само што животот брзо поминува, туку и кога ќе умреш, ништо не можеш да понесеш со себе, барем од материјалните добра што си ги натрупал. (А карактерот? Е, тоа е веќе друга приказна.) „Зашто, умирајќи, ништо нема да земе, ниту, пак, богатството негово ќе појде по него“ (Псалм 49,17), што значи дека човекот го остава тоа за некој друг да го добие. А кој ќе го добие, се разбира, зависи од тоа какви планови се направени однапред.

Иако, се разбира, немаат сите големи имоти, повеќето луѓе, особено ако работеле со години, успеваат да стекнат некакви средства. А што ќе се случи со тие средства кога ќе нè нема, тоа е навистина важно прашање што треба да се разгледа.

Кога станува збор за оние кои при крајот на својот живот поседуваат некаков имот, без разлика колку е голем или мал, оставањето во наследство на тој имот може да биде нивниот последен чин како добри повереници – чин на внимателно управување со она со што Бог ги благословил. Ако немате план за својот имот во вид на тестамент или наследство, можат да се вклучат државните и граѓанските закони (се разбира, сè зависи од тоа каде живеете). Ако умрете без тестамент, повеќето граѓански власти едноставно го предаваат вашиот имот на вашите роднини, без разлика дали им треба или не, дали тие добро ќе ги искористат тие пари или не, и дали сте сакале да им ги дадете или не. Црквата во тој случај нема да добие ништо. Ако тоа е она што го сакате, тоа е во ред, но ако не е, плановите треба однапред да ги разработите.

Наједноставно речено, бидејќи Бог е Сопственик на сè (видете Псалм 24,1), од библиска перспектива би било логично, кога ќе завршиме со она што Бог ни го доверил, да му го вратиме она што ќе ни преостане Нему, на вистинскиот Сопственик, откако ќе ги задоволиме потребите на своите најблиски.

**Смртта, како што знаеме, може да настапи во секое време, неочекувано, дури и денес. Што би се случило со вашите најблиски ако умрете денес? Што би се случило со вашиот имот? Дали би се распределил во согласност со вашите желби?**

## ЗАПОЧНЕТЕ СО ЛИЧНИТЕ ПОТРЕБИ

Во старозаветно време многу Израелци биле земјоделци и пастири. Затоа некои од Божјите ветени благослови се изразени на јазикот на земјоделецот. На пример, во текстот Мудри изреки 3,9.10, Бог вели дека, ако сме Му верни во финансиска смисла, нашите „житници ќе се исполнат до врвот“. Се разбира, многу христијани денес веројатно немаат штали и амбари. Сепак, јасно е дека Бог ќе ја благослови нашата работа и нашите деловни потфати ако сме подготвени да Го следиме и да Го слушаме.

**Прочитајте го текстот Мудри изреки 27,23-27. Како би ја протолкувале пораката: „Добро надгледувај го добитокот свој, води грижа за стадата свои“, во контекст на денешниот христијански живот?**

---

Колку и да ги предупредувала богатите да не ги газат сиромашните и да не бидат алчни при располагањето со својот имот, Библијата никогаш не го осудува богатството или напорите на луѓето да го стекнат, под услов, се разбира, да не го прават тоа нечесно или угнетувајќи ги другите. Имено, текстовите што ги читаме денес, од Мудри изреки Соломонови, укажуваат дека треба да бидеме вредни во управувањето со нашите работи за да имаме доволно за самите нас и за нашето семејство. „Ќе имаш доволно козјо млеко за тебе и за твоите домашни за храна и на твоите слугинки за исхрана“ (Мудри изреки 27,27).

Како можеме поинаку да ја изразиме пораката од тој стих, за да биде актуелна во денешно време? Еве неколку предлози: „Надгледувај ги финансиските извештаи и утврди ја состојбата на своите работи.“ Или: „Направете биланс и запознајте се со односот на својот долг и расположливите средства.“ Пожелно е, одвреме-навреме, додека сè уште сте во работен однос, да го прегледате својот тестамент, останатите документи и сегашниот имот и да ги ажурирате по потреба. Документите како тестаменти и завештанија се составуваат рано во процесот на планирање на управување со имотот за да се заштитите себеси во случај на прерана смрт или неможност да одлучите како треба да се распределат вашите средства од здравствени причини. Има смисла однапред да испланирате што ќе се случи со вашиот имот кога повеќе нема да ви припаѓа.

Накратко, доброто управување со она со што Бог нè благословил не се однесува само на она што го имаме додека сме живи, туку и на она што ќе се случи кога ќе нè нема – затоа што, ако Господ не се врати додека сме живи, еден ден нема да нè има повеќе, но нашите материјални добра, мали или големи, ќе останат зад нас. Значи, наше е да преземеме чекори сега, за да може она со што сме благословени да послужи како благослов за другите и за да го унапредиме Божјото дело.

**„Зашто богатството не трае довека“ (Мудри изреки 27,24). Зошто е важно секогаш да се има на ум оваа мисла?**

## МИЛОСРДИЕ НА СМРТНА ПОСТЕЛА

**Кои принципи можеме да ги преземеме од следните стихови, кога станува збор за тоа како треба да постапуваме со нашите пари?**

**1. Тимотеј 6,17** ______________________________________________

________________________________________________________________

**2. Коринќаните 4,18**__________________________________________

________________________________________________________________

**Мудри изреки 30,8** ___________________________________________

________________________________________________________________

**Проповедник 5,10** ____________________________________________

________________________________________________________________

Парите можат да имаат силно влијание врз луѓето – влијание што довело до пропаст на многумина. Кој не слушнал за поединци кои правеле ужасни работи за пари – дури и тогаш кога имале многу?

Но, не мора да биде така. Со Божја сила можеме да го спречиме обидот на непријателот да го претвори во проклетство она што било замислено како благослов (материјалните добра).

Во контекст на напорите однапред да се подготват за смрт како добри повереници, опасноста со која се соочуваат луѓето е искушението да се насоберат средства во сегашноста, оправдувајќи се со мислата: „Кога ќе умрам, ќе разделам сѐ“. Иако и тоа е подобро отколку да потрошиме сѐ сами (еден милијардер изјавил дека ќе знае дека живеел правилно само ако биде одбиен чекот за неговиот погреб), можеме и треба да направиме повеќе од тоа.

„Видов дека многу луѓе задржуваат од Божјото дело додека се живи, смирувајќи ја совеста со мислата дека по смртта ќе остават богато наследство. Тие тешко се осмелуваат да покажат доволно вера и доверба во Бога за да дадат каков било дар во текот на нивниот живот. Меѓутоа, таквото милосрдие на смртна постела не е она што Христос го бара од своите следбеници. Тоа не може да ги оправда за покажаната себичност во текот на нивниот живот. Оние што се држат грчевито за својот имот до последниот момент, го предаваат на смртта наместо на Божјото дело. До загуби доаѓа секој ден. Банките пропаѓаат и имотот се уништува на многу начини. Многумина имаат намера да направат нешто, но тоа го одложуваат, а сатаната вешто работи на тоа нивните средства никогаш да не влезат во Божјата ризница. Така парите се загубени пред да се вратат на Бога, а сатаната се радува на тоа“ (Е.Г. Вајт, *Сведоштва за црквата*, кн. 5, стр. 154).

**Зошто мора да бидеме многу внимателни во тоа како го правдаме користењето на материјалните благослови што ги поседуваме, колкави и да се тие?**

# ДУХОВНО НАСЛЕДСТВО

Иако е тешко да се замисли како би изгледал животот на земјата ако луѓето не згрешиле, можеме да бидеме сигурни во едно: нема да има натрупување на материјални работи, алчност, сиромаштија – сето она што го мачи нашиот свет од почетокот на пишаната историја. Нашето чувство за сопственост над она за што сме работеле, а кое, ако сме работеле чесно, со право ни припаѓа, сепак покажува дека живееме во паднат свет. На крајот на краиштата, колку и да имаме или да немаме, секогаш треба да бидеме свесни за еден важен факт.

**Прочитајте ги следните текстови. Која е централната мисла во сите нив и како таа мисла треба да влијае на она што го правиме со материјалните средства со кои Бог нè благословил? (Псалм 24,1; Евреите 3,4; Псалм 50,10; 1. Мојсеева 14,19; Колошаните 1,15-17).**

---

Ние сме повереници или управители на она што Бог ни го доверил. Тоа значи дека сепак Тој поседува сè, и дека Тој е оној кој ни дава живот, здравје и сила воопшто да стекнеме нешто. Затоа, кога ќе завршиме со она што ни го дал Бог и ќе се погрижиме за нашето семејство, би било логично да Му го вратиме она што ќе преостане.

„Кога давате за Божјото дело, вие собирате богатство за себе на небото. И сето она што ќе го ставите таму горе е заштитено од несреќи и загуби, и прераснува во нешто вечно и трајно“... ’(а) се запишува на вашата сметка во небесното царство’“ (Е.Г. Вајт, *Counsels on Stewardship*, стр. 342).

Има многу придобивки од тоа да даваме сега, додека сме живи. Еве неколку:

1. Дарителот навистина може да ги види резултатите од својот дар – нова црковна зграда, младо лице на школување, платена евангелизација итн.

2. Некоја служба или лице можат да имаат корист од тоа сега кога потребата за тоа е најголема.

3. По вашата смрт нема да има имотни спорови меѓу семејството или пријателите.

4. Тоа дава добар пример за семејните вредности – великодушност и љубов кон другите.

5. Данокот на имот се намалува.

6. Тоа гарантира дека дарот ќе му биде врачен на оној на кого вие сакате (без мешање на судот или незадоволните роднини).

7. Тоа покажува дека срцето на дарителот е преобразено од себично во несебично.

8. Така се собира богатство на небото.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во „Сведоштва за заедницата“ Елена Г. Вајт има напишано две поглавја за таа важна тема околу распределбата на нашиот имот. Видете го поглавјето со наслов: „До имашливите родители“ („To /Aged and/ Wealthy Parents“), *Testimonies for the Church*, vol. 3, pp. 116 – 130, и „Тестаменти и завештанија“ („Wills and Legacies“), *Testimonies for the Church*, vol. 4, pp. 476 – 485).

Во книгата *„Counsels on Stewardship“*, исто така, има дел кој зборува за планирање на имотот (стр. 323-335). Елена Вајт го напишала и следново: „Она што многумина сакаат да го одложат до пред смртта, доколку навистина се христијани, би го направиле тоа додека сè уште цврсто се држат за животот“. Тие би се посветиле себеси и својот имот на Бога и, постапувајќи како Негови управители, би нашле задоволство во фактот дека ја извршуваат својата должност. Кога би станале извршители на сопствениот тестамент, тие самите би можеле да одговорат на Божјите барања, наместо да ја префрлаат таа одговорност на другите“ (*Сведоштва за Црквата*, кн. 4, стр. 480).

Што подразбира таа под „извршители на сопствениот тестамент“? Во типичен тестамент, оној што го составува тестаментот именува извршител кој ќе го распредели имотот по неговата смрт во согласност со неговите желби изразени во тестаментот. Но, ако станете сопствен извршител, вие едноставно сами го распределувате својот имот додека сте живи. А кога го правите тоа, имате задоволство да ги набљудувате резултатите и да бидете сигурни дека правилно се управувате со талентите што ви ги доверил Бог.

За христијаните, второто Христово доаѓање е „блажена надеж“. Сите барем понекогаш сме замислувале колку ќе биде величествено кога ќе го гледаме Исуса како доаѓа на небесните облаци. Посакуваме да ги слушнеме зборовите „Добро, добар и верен слуго“. Но, што ако мора да одиме да одиме на починка пред да се врати Исус? Меѓутоа, ако сме ја следеле Неговата откриена волја, веќе сега можеме да го имаме задоволството да гледаме како работата напредува благодарение на нашите напори, свесни дека планот за распределба на нашиот имот ќе придонесе делото да продолжи и откако нас ќе нè нема.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Иако веќе сега можеме да собираме богатство на небото, зошто тоа не е исто со обидот да го заработиме, па дури и да го „купиме“ нашето сопствено спасение?**

**2. Иако треба да бидеме великодушни во давањето на она што го имаме, воедно треба да бидеме и мудри. Колку често слушаме дека луѓето, особено оние што одредуваат датуми, бараат пари затоа што таков и таков настан ќе се случи на тој и тој датум, и дека е подобро, бидејќи нашите пари и онака ќе ни бидат бескорисни, да ги испратиме веднаш за нивната служба? Како можеме да научиме да правиме разлика меѓу таквите измами и легитимните начини на кои уште сега можеме да ги употребиме нашите пари за Божјото дело?**

**Лекција 11**
**Од 11 до 17 март 2023**

# ПОВЕРЕНИЧКО УПРАВУВАЊЕ ВО ТЕШКИ ВРЕМИЊА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Дневникот 20,1-22; 1. Летописи 21,1-14; 2. Петрово 3,3-12; 1. Јованово 2,15-17; Откровение 13,11-17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Принеси Му на Бога благодарна жртва, исполни ги своите завети на Севишниот! И повикај ме во тежок ден: ќе те ослободам, а ти ќе Ме славиш“ (Псалм 50,14.15).**

Понекогаш ситуацијата во нашиот свет се чини дека е надвор од контрола – гледаме војни, крвопролевања, криминал, неморал, природни катастрофи, пандемии, економска неизвесност, политичка корупција и уште многу други девијантни појави. Силно се ургира поединците и семејствата најпрво да размислуваат за својот опстанок. Следствено, многу се размислува за барање сигурност во овие несигурни времиња, што е, се разбира, разбирливо.

Животните напори во голема мера секојдневно го окупираат нашето внимание. Долгови што треба да се платат, децата да се згрижат, имотот да се одржува, сето тоа бара многу време и размислување. И, се разбира, ни треба облека, храна и засолниште. Во Проповедта на горага, Исус се осврнал на овие основни потреби, а потоа рекол: „Зашто сето тоа го бараат народите, зашто вашиот небесен Татко знае дека ви е потребно сето ова. Но, барајте го првин царството Божјо и Неговата правда, и сè тоа ќе ви се додаде“ (Матеј 6,32-33).

Во тешки времиња, кога треба да се потпреме на Господа повеќе од кога и да е, постојат некои конкретни чекори, засновани на библиските принципи, кои треба да ги следиме.

## ДА ГО СТАВИМЕ БОГА НА ПРВО МЕСТО

**Прочитајте го текстот 2. Летописи 20,1-22. Кои важни духовни принципи од овој запис можеме да ги примениме на нас, без оглед со какви борби се соочуваме?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Кон крајот на владеењето на Јосафат, Јудеја била нападната. Јосафат бил храбар човек. Со години ја зајакнувал војската и ги утврдувал градовите. Тој бил добро подготвен да се соочи со речиси секој непријател. Сепак, во оваа криза, тој не се потпирал на сопствената сила, туку на Божјата моќ. Се подготвил да го бара Господа и објавил пост низ сета Јудеја. Целиот народ се собрал во дворот на храмот, во согласност со она што Соломон го барал во својата молитва кога им се заканувала опасност. Сите Јудејци стоеле пред Господа со своите жени и деца. Се молеле Бог да предизвика збунетост меѓу нивните непријатели за да се прослави Неговото име. Тогаш царот се помолил: „О Боже, зар нема да им судиш? Зашто во нас нема сила спрема тоа големо мноштво кое доаѓа на нас, ниту ние знаеме што да правиме, туку очите ни се насочени во Тебе“ (2. Летописи 20,12).

Откако тие му се предале на Бога на овој начин, Господовиот Дух слегол врз Божјиот човек кој рекол: „Слушајте, сите Јудејци, Ерусалимци и ти цару Јосафате! Господ ви зборува вака: ’Не бојте се и не плашете се од тоа големо мноштво, зашто ова не е ваша војна, туку Божја... Не треба да се биете; поставете се, стојте па гледајте како ќе ви помогне Господ!“ (2. Летописи 20,15-17).

Така царот, рано следното утро, го собрал народот предводен од левитскиот хор кој со песна го фалел Бога. Потоа ги опоменал: „Верувајте Му на Господ, вашиот Бог, и бидете цврсти; верувајте им на пророците Негови и ќе имате успех“ (2. Дневникот 20,20). Тогаш хорот почнал да пее, а нивните непријатели се бореле меѓу себе „и ниту еден од нив не остана жив“ (2. Летописи 20,24). На Евреите им требало три дена само да го соберат пленот од битката, а четвртиот ден пеејќи се вратиле во Ерусалим.

Се разбира, ние го сакаме и обожаваме истиот Бог што ги избавил нив, а Неговата моќ е исто толку голема денес како и тогаш. Затоа и ние сме повикани да веруваме во Него и во Неговото водство.

**Прочитајте го повторно текстот 2. Летописи 20,20. Какво посебно значење треба да има тој текст за адвентистите на седмиот ден?**

# НАДЕВАЈТЕ СЕ НА БОГА, А НЕ ВО СОПСТВЕНИТЕ РЕСУРСИ

Царот Давид требало да биде помудар. Врз основа на искуството на неговиот најдобар пријател Јонатан, тој требал да знае дека кога сте во заветна врска со Бога, не е важно дали имате само неколку луѓе со вас или многу – во секој случај Бог може да ви обезбеди победа. Во текстот 1. Самоилова 14,1-23, Библијата дава извештај за тоа како синот на Саул, Јонатан, и неговиот оклопоносец победиле цел филистејски гарнизон – со Божја помош. Меѓутоа, и покрај тоа искуство и многу други искуства од историјата на Божјиот народ, царот Давид, кога настапиле тешки времиња, му дозволил на сатаната да го наведе да се потпре на сопствената сила и снаодливост.

**Прочитајте го текстот 1. Летописи 21,1-14. Зошто Давид решил да ги преброи своите војници? Зошто неговиот воен заповедник Јоав го одвраќал од тоа?**

_______________________________________________________________

Забележете дека пребројувањето на војската била сатанска идеја. Тој го искушал Давид да има повеќе доверба во сопствената сила наместо да се потпре на Божјото провидение за неговата заштита. Јоав, водачот на израелската војска, се обидел да го убеди да не го пребројува народот, бидејќи видел дека Бог работи во полза на Израел, но Давид побарал броењето да продолжи. И како што открива текстот, неговите постапки му навлекле голема несреќа на народот.

Никој никогаш залудно не се надевал на Бога. Но, секогаш кога треба да ги водите Господовите битки, подгответе се. И тоа добро подгответе се. Постои еден цитат, кој му се припишува на британскиот владетел Оливер Кромвел (1599 – 1658), кој, пред битката, на својата војска ѝ порачал: „Имајте доверба во Бога, момци мои, и чувајте го вашиот прав сув!“ (Тој прав бил барут.) Со други зборови, направете сè што е во ваша моќ за да успеете, но сепак бидете свесни дека само Господ може да ви даде победа.

Во нашиот непосреден контекст, многу е примамливо да се верува во моќта на владата или во сопствената банкарска сметка, но во секоја криза спомната во Библијата, секогаш кога луѓето имале доверба во Бога, Тој ја оправдувал нивната доверба и се грижел за нив.

Времето што ни е на располагање треба да го искористиме за да се усогласиме со Бога, да се ослободиме од долговите и да бидеме великодушни со она што ни е дадено. Како што вели старата госпел химна: „Ако некогаш ни бил потребен Господ, тогаш тоа е токму сега“.

**Како да воспоставиме вистинска рамнотежа меѓу обидот да направиме сè што можеме за, на пример, да се обезбедиме финансиски, а сепак едновремено да имаме доверба во Господа за сè?**

## ДАЛИ Е ВРЕМЕ ДА ГО ПОЕДНОСТАВИМЕ ЖИВОТОТ?

Како христијани адвентисти, што треба да правиме во тешки времиња? Дали треба да преминеме во режим на преживување? Не, всушност, сосема спротивно. Бидејќи знаеме дека крајот на светот и второто Христово доаѓање е близу, треба да ги користиме нашите средства за да ја објавуваме добрата вест за евангелието, да им кажуваме на другите што подготвил Бог за оние што Го љубат. Затоа што нам ни е јасно дека еден ден, наскоро, сè на оваа земја ќе изгори.

**Прочитајте 2. Петрово 3,3-12. Што ни порачува Петар со тие зборови?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Од Неговата реч гледаме дека Бог нема да ни испрати камиони во движење за да ги пренесат нашите работи на небо. Сето тоа ќе изгори во огромен, последен оган, кога сите траги на гревот и злото, освен лузните на Христовите раце, ќе бидат уништени засекогаш.

Затоа, што да правиме со нашиот имот? „Нашите браќа сега треба да ги намалуваат своите имоти, а не да ги зголемуваат. Ни претстои преселба во подобра татковина – небесната. Тогаш да не бидеме жители на овој свет, туку да стекнуваме работи во што е можно помал обем“ (Ellen G. White*, Counsels on Stewardship*, стр. 59).

Се разбира, таа ги напишала тие зборови пред повеќе од еден век! Но, принципот сè уште важи: времето е секогаш кратко, бидејќи нашиот живот е краток. Што се 60, 80 или 100 години (ако имате добри гени и здрави животни навики) во споредба со вечноста? Вашиот живот би можел да заврши пред да завршите со читањето на лекцијата за оваа седмица, а следното нешто за што ќе станете свесни е второто Христово доаѓање. *(О, ѿоа би било нависѿина брзо, зар не?)*

Како христијани адвентисти, ние секогаш мора да живееме во светлината на вечноста. Да, се разбира, ние исто така треба да работиме напорно за да се обезбедиме себеси и нашето семејство. Ако сме благословени со богатство, нема ништо лошо во тоа да уживаме во него, под услов да бидеме дарежливи кон сиромашните и да не станеме алчни. Меѓутоа, секогаш мораме да имаме на ум дека сè што стекнуваме овде е минливо, непостојано и, ако не внимаваме, има потенцијал духовно да нè расипе.

**Кога би знаеле дека Исус ќе дојде за десет години, што би промениле во вашиот живот? Или за пет години? Или три?**

## ПРИОРИТЕТИ

Исусовите параболи и учења, сториите за библиските херои и советите од Елена Вајт јасно укажуваат дека не постои такво нешто како половична преданост и посветеност на Христа. Или сме на Господова страна или не сме.

Кога еден книжевник Го прашал која заповед е најголема, Исус одговорил: „Возљуби Го Господа, твојот Бог, со сето свое срце и со сета своја душа, и со сиот свој разум, и со сета своја сила!‘ Ова е најважната заповед“ (Марко 12,30). Кога сè ќе му предадеме на Христа, ништо не останува за друг господар. Тоа е така. И така мора да биде.

**Прочитајте го текстот Матеј 6,24. Какво е вашето лично искуство во врска со вистинитоста на тие зборови?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Забележете, Исус не рекол дека е тешко да му служите и на Бога и на парите, или дека треба да внимавате како да им служите и на двете. Напротив, Тој рекол дека тоа е *невозможно*. И точка. Таа мисла треба да предизвика страв и трепет во нашите души (Филипјаните 2,12).

**Прочитајте 1. Јованово 2,15-17. Како се манифестираат овие три подробности во нашиот свет и зошто опасноста што тие ја претставуваат понекогаш е потешко воочлива отколку што сме свесни за тоа?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Не е ни чудо што Павле напишал: „Мислете за небесното, а не за земното“ (Колошаните 3,2). Се разбира, тоа е полесно да се каже отколку да се направи, бидејќи она што е на земјата е пред нашите очи секој ден. Привлечноста на „земното“ е навистина силна – понудата за моментално задоволување е секогаш присутна, шепотејќи ни во уши, или засукувајќи ни ги ракавите, или и двете. Зар ни најверниот христијанин барем еднаш не почувствувал љубов кон она што е „земно“? Иако знаеме дека сето тоа ќе исчезне еден ден, сепак ја чувствуваме таа привлечност, зар не? Меѓутоа, добра е веста дека не треба да дозволиме тоа да нè оддалечи од Господа.

**Прочитајте го текстот 2. Петрово 3,10-14. Како треба она што го кажува Петар овде да влијае на нашиот начин на живот, вклучувајќи го и нашиот однос спрема нашите ресурси?**

## КОГА НИКОЈ НЕ ЌЕ МОЖЕ ДА КУПУВА И ПРОДАВА

Библијата дава болна слика за тоа како ќе изгледа светот пред второто доаѓање на Исус. Данило вели: „И ќе настане време тешко, какво што немало откако постојат луѓето, па сè до денес“ (Даниел 12,1). Со оглед на некои од особено проблематичните времиња во минатото, она за што тој зборува овде мора да биде прилично лошо.

Книгата Откровение укажува и на тешките времиња пред Христовото враќање.

**Прочитајте го текстот Откровение 13,11-17. Како ќе бидат вклучени финансиските прашања во прогонството на крајот од времето?**

____________________________________________________________________

Нема да може да се купува или продава? Во колкава мера нашиот живот денес се врти околу купувањето и продавањето? Нашата работа е, во извесна смисла, продавање на нашето време, вештини и добра на оние кои сакаат да ги купат. Да не можете да купувате и да продавате, во суштина значи да не можете да функционираш во општеството. Во тој момент притисокот врз оние кои ќе останат верни ќе биде огромен. Освен тоа, колку повеќе пари имате, толку повеќе ќе имате удел во овој свет, барем во поглед на материјалните добра, па сигуно и притисокот да се прилагодите ќе биде уште посилен.

Како тогаш да се подготвиме? Се подготвуваме сега на тој начин што водиме сметка, според Божјата благодат, да не бидеме робови ниту на нашите пари ниту на она што е во светот. Ако сега не сме приврзани за нив, нема да бидеме ни тогаш кога, за да останеме верни, ќе мора да се откажеме од нив.

**Прочитајте го стихот 5. Мојсеева 14,22 и последниот дел од стихот 23. Што требало да прави Божјиот народ со својот вишок и со приносот секоја година? Зошто Бог барал од нив да го прават тоа?**

____________________________________________________________________

Бог објаснил преку Мојсеја дека една од причините зошто го воспоставил системот на десеток е: „За да се научиш да се плашиш од Господ, твојот Бог, во сите денови“ (5. Мојсеева 14,23). Во поетскиот паралелизам на стихот Псалм 31,19, гледаме дека овој „страв“ е всушност синоним за доверба.

„Колку е голема добрината Твоја, Господи, што си ја запазил за оние, кои имаат страхопочит кон Тебе, и што си ја приготвил за оние, кои имаат верба во Тебе пред очите на синовите човечки!“

Овие паралелни мисли ни покажуваат дека да се плашиме од Господа значи да се надеваме во Него. Од ова гледаме дека Бог го воспоставил системот на десеток за да нè заштити од себичноста и да нè поттикне да веруваме дека Тој ќе се погрижи за нас. Иако верноста во десетокот, секако, не е гаранција дека луѓето на крајот ќе останат верни, оние што не се верни во десетокот сигурно ризикуваат да западнат во неволји.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Иако Библијата не кажува ништо против богатството, таа исто така не тврди ни дека богатството е знак на некоја поголема духовна посветеност. Всушност, вистинската опасност лежи токму во ова. „Љубовта кон парите, желбата за богатство, е златен синџир што ги врзува (луѓето) со сатаната“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа*, стр. 44 оригинал).

Всушност, од основањето на христијанството, црквата никогаш не уживала во такво богатство и удобно живеење какво што ужива црквата денес во многу земји во светот. Меѓутоа, прашањето гласи: по која цена? Таквото богатство секако влијае на нашата духовност – и тоа не на добро. И како би можело? Од кога богатството и материјалното изобилство ги негуваат христијанските доблести на самооткажување и самопожртвуваност? Може ли враќањето дома, каде што имаме фрижидер со повеќе храна отколку што можеме да изедеме, како и тоа што поседуваме еден или повеќе автомобили, одиме на одмор, купуваме преку интернет и го имаме најновиот домашен компјутер и паметен телефон – може ли сето тоа да ни помогне помалку да го сакаме светот и она што е на светот? Иако повеќето членови на нашата црква немаат таков луксуз, сепак многумина го имаат – ставајќи ја својата душа во опасност. Не станува збор за оние кои сега се сметаат за „богати“, за милионери и слично. Тие барем се свесни дека се богати и можат да ги послушаат (ако сакаат) библиските предупредувања упатени до нив. Овде, всушност, станува збор за многуте припадници на средната класа, кои – и покрај своите паметни телефони, компјутери, клима-уреди и теренски возила – сè уште се залажуваат со мислата дека, бидејќи се „само средна класа“, не се во опасност да станат духовно расипани од сопствената благосостојба. Затоа десетокот може да биде, ако ништо друго, моќен духовен лек против опасностите поврзани со богатството, дури и за оние луѓе кои не се сметаат себеси за особено „богати“.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Дури и ако не сме богати според световните мерила, зошто сепак мора да внимаваме на нашиот однос кон парите и богатството?**
2. **Кои други практични чекори, освен давањето десеток, можеме да ги преземеме а би ни помогнале да се ослободиме од преголемата преокупираност со работите на овој свет?**
3. **Што би се случило со вас утре ако одеднаш не можете повеќе ниту да купувате ниту да продавате, затоа што припаѓате на оние „што ги пазат заповедите Божји и верата во Исус“ (Откровение 14,12)? Како тогаш би се покажала вашата вера?**

**Лекција 12**
**Од 18 до 24 март 2023**

# НАГРАДИ ЗА ВЕРНОСТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Евреите 11,6; Исаија 62,11; Римјаните 6,23; Јован 14,1-3; Откровение 21; Матеј 25,20-23; Римјаните 8,16-18.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Господарот му рече: ‚Убаво, добар и верен слуго! Во малку беше верен, над многу ќе те поставам; сподели ја радоста со својот господар!'" (Матеј 25,21)**

Иако никогаш не би можеле да го заработиме спасението, Библијата ја користи нашата надеж во наградата за да нè охрабри, како незаслужни приматели на Божјата благодат, да живееме живот со вера. Зашто, на крајот на краиштата, за сè што добиваме можеме да благодариме, секогаш и единствено, на Божјата благодат.

Како што напишал Давид: „Непорочен е Законот Божји – душите ги укрепува; верно е откровението на Господ – ги учи неуките, и Господовите повелби се праведни – го веселат срцето; Господовата заповед зрачи светлина; ги просветлува очите. Страхопочитта кон Господ е чиста-пребива довека; судовите Господови се вистина – сите се праведни; поскапи се од злато и од скапоцени камења – послатки се од восочен мед. Слугата Твој ги пази; а кој ги пази, голема награда добива" (Псалм 19,7-11).

Библијата на различни места зборува за нашата награда, за она што, благодарение на Христа, ни е ветено дека ќе го примиме по Неговото второ доаѓање, и откако ова страшно искуство со гревот ќе заврши еднаш засекогаш.

Според тоа, што ни е ветено и какви гаранции имаме дека тоа ќе го добиеме?

## НАГРАДА ЗА ВЕРНОСТ

**Прочитајте Евреите 11,6. Што треба да значи тој стих за нас? Како треба да одговориме на она за што тој зборува? Видете исто така: Откровение 22,12; Исаија 40,10 и Исаија 62,11. Што можеме да научиме од сите овие текстови?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Наградата што Бог ја наменил за своите верни деца е нешто единствено и, како и многу други духовни работи, ја надминува нашата ограничена способност за разбирање. „Ниту едно човечко перо не може да ја опише наградаташтo ќе ја добијат праведните. Таа ќе им биде позната само на оние што ќе ја видат. Ниту еден ум на смртен човек не е способен да ја сфати славата на Божјиот рај“ (Е. Вајт, *Големата борба*, стр. 674 ориг.).

Блаженствата, со кои ја започнал Беседата на гората, Исус ги завршил со следните зборови: „Блажени сте вие, кога ќе ве срамат и прогонуваат и кога лажно ќе говорат против вас секакви лоши зборови – заради Мене! Радувајте се и веселете се, зашто голема е вашата награда на небесата! Така ги гонеа и пророците што беа пред вас“ (Матеј 5,11.12). По набројувањето на хероите на верата во Евреите 11 глава, авторот ја започнува следната глава со објаснување зошто Исус бил подготвен да умре на крстот.

„Затоа и ние, имајќи толку многу сведоци, да отфрлиме од себе секакво бреме и грев, што лесно се прилепува за нас, и со трпеливост да побрзаме кон претстојната борба, имајќи Го пред очи Зачетникот и Довршителот на верата – Исус, Кој, поради Неговата идна радост претрпе крст, занемарувајќи го срамот, и седна од десната страна на престолот Божји“ (Евреите 12,1.2).

Меѓутоа, да се биде награден за верноста, не е исто што и спасение со дела. Кој меѓу нас, или меѓу библиските личности, би можел некогаш да се пофали со доволно добри дела за да му обезбедат каква било заслуга пред Бога? Никој, се разбира. Тоа е целата смисла на крстот. Да сме можеле да се спасиме со дела, Исус никогаш не би отишол на крстот. Меѓутоа, спасението морало да биде по благодат. „Но, ако е по благодат, не е веќе по дела, зашто тогаш благодатта не би била благодат“ (Римјаните 11,6). Значи, наградата е само резултат на она што Бог го направил за нас и во нас.

**Како ја разбираме разликата меѓу спасението по благодат и наградата за делата? Изнесете го вашиот одговор во саботношколската класа.**

# ВЕЧНИОТ ЖИВОТ

Пред нас, како човечки суштества, (сакале или не), се наоѓа сета вечност. Според Библијата, таа вечност, во случајот на секој поединец, ќе се појави во една од двете можни форми – како вечен живот или вечна смрт. Тоа е тоа. Нема средина. Нема преминување од една на друга страна. Постои или само едното – живот, или само другото – смрт. Тоа е буквално сѐ или ништо.

**Прочитајте ги стиховите Римјаните 6,23 и Јован 3,16. Кои можности ни се претставени овде?**

___

___

Тешко е да се замислат два поостро спротивставени и различни избори, зар не?

Ако го читате ова, тогаш голема е веројатноста дека сте го избрале вечниот живот или дека барем размислувате за тоа. Бог има единствена способност да го направи сето она што вели дека ќе го направи – да ги исполни сите свои ветувања. Нашиот удел е едноставно да му веруваме, да се потпираме на Исусовите заслуги и со вера да се покоруваме на Неговата реч.

**Прочитајте го текстот Јован 14,1-3. Каков совет ни упатува Господ во првиот стих, а што ни ветува во вториот и третиот?**

___

___

Во последните денови од својата земна служба, Исус им ги упатил овие неверојатни зборови на надеж и охрабрување на своите ученици. Тие зборови им го подигале духот во моментите кога биле искушани и обесхрабрени. Тие исто така треба да делуваат и на нас. Исус слегол од небото, а потоа се вратил на небото и ни ветил: „Пак ќе дојдам и ќе ве земам вас кај Себе за да бидете и вие каде што сум Јас“.

А Христовата смрт на крстот, повеќе од што било друго, ни гарантира дека Тој повторно ќе дојде, бидејќи без Второто доаѓање, каква би била користа од првото? Како што сме сигурни дека Исус умрел на крстот заради нас, исто така можеме да бидеме сигурни дека Тој ќе го исполни она што го ветил: „Пак ќе дојдам и ќе ве земам вас кај Себе за да бидете и вие каде што сум Јас“ (Јован 14,3).

**Задржете се повеќе на мислата дека првото Христово доаѓање е гаранција за Неговото второ доаѓање. Што се случило при Неговото прво доаѓање што го прави ветувањето за Второто доаѓање толку сигурно?**

## НОВИОТ ЕРУСАЛИМ

Библискиот опис на Новиот Ерусалим одговара на она што Аврам го видел со вера. „Зашто тој го очекуваше оној град што има основи, чиј градител и творец е Бог“ (Евреите 11,10). Новиот Ерусалим е Божјо ремек-дело, изградено за оние кои Го сакаат и ги држат Неговите заповеди. Новиот Ерусалим ќе биде дом на Божјите верни деца на небото во текот на милениумот, а потоа и на новата земја низ сета вечност. Има добри вести за оние меѓу нас кои не сакаат да се пакуваат и да се селат. Бог се грижи за сѐ. Јован вели дека го видел градот.

„Тогаш јас, Јован, го видов светиот град Ерусалим, нов, како слегува од Бога, од небото, стокмен како невеста променета за својот маж“ (Откровение 21,2).

**Прочитајте Откровение 21. Што друго ни е ветено?**

___

Има толку многу работи што нашиот ум едвај може да ги разбере, со оглед на тоа дека е оштетен од гревот, и дека го познава само овој паднат, од гревот оптоварен свет. Меѓутоа, и она што можеме да го разбереме ни дава толку голема надеж.

Прво, како што Исус живеел со нас во овој паднат свет кога дошол во тело, така ќе живее со нас и во новиот свет. Каква ли само привилегија имале оние што лично и одблизу го гледале Исуса! И таа можност повторно ќе ја имаме, само сега без превезот на гревот кој го искривува она што го гледаме.

Потоа, како можеме ние, кои знаеме само за солзи, тага, плач и болки, да го разбереме едно од најголемите ветувања во целата Библија: „И ќе ја избрише Бог секоја солза од очите нивни, и смрт нема да има веќе; ни плач, ни пискот, ниту болка нема да има веќе, бидејќи поранешното помина“ (Откровение 21,4)? Сето тоа „поранешно“ ќе помине, сето она што никогаш не требало ни да постои на овој свет.

Освен тоа, од Божјиот престол тече чистата река на животот, а од двете страни на неа се наоѓа дрвото на животот. Значи, Божјиот престол е таму, и откупените „ќе го гледаат лицето негово“ (Откровение 22,4). Тие ќе живеат во близок однос со Бога што ние, во најголем дел, го немаме.

**Прочитајте Откровение 21,8, за судбината на оние кои ќе се соочат со втората смрт. Кој грев, од оние што се таму наведени, Исус не можел да го прости? Зошто тогаш тие луѓе ќе бидат изгубени, а некои други, кои го правеле истото, ќе бидат спасени? Која е суштинската разлика меѓу тие две групи?**

## ПОРАМНУВАЊЕ НА СМЕТКИТЕ

Кон крајот на Исусовата служба, учениците му пристапиле насамо и Го прашале: „Кажи ни, кога ќе биде тоа, и каков ќе биде знакот за Твоето доаѓање и за крајот на светот?“ (Матеј 24,3) Во следните две глави, Исус одговара на овие нивни прашања. Текстот Матеј 24 зборува за знаците во светот околу нас, како што се војни, несреќи итн. Потоа, Матеј 25 зборува за состојбата во црквата непосредно пред второто Исусово доаѓање. Оваа состојба е илустрирана со три приказни, од кои едната е параболата за талантите, која кажува како Неговиот народ ги користи даровите што Бог им ги дал.

**Прочитајте го текстот Матеј 25,14-19. Кој е тој што отпатувал во далечна земја? Кому му ги доверил своите добра? Што значи тоа дека „побара да му поднесат сметка“ (видете Матеј 25,19)?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Понекогаш за талантите размислуваме како природни дарови како што се пеење, зборување и слично. Меѓутоа, во паралелната приказна за довереното богатство во Лука 19,12-24, конкретно се спомнуваат парите и управувањето со нив. Елена Вајт исто така тврди: „Покажано ми е дека параболата за таланатите не е целосно сфатена. Таа значајна поука е дадена на учениците за добро на христијаните што живеат во овие последни денови. Тие таланти не ги претставуваат само способностите да се проповеда и да се поучува од Светото Писмо. Оваа парабола се однесува и на земните средства што Бог му ги доверил на Својот народ“ *(Сведоштва за црквата*, кн. 1, стр. 197).

**Прочитајте го текстот Матеј 25,20-23. Што им кажува Бог на оние кои верно управувале со парите поддржувајќи го Неговото дело? Што значи да се влезе „во радоста на својот господар“ (Матеј 25,23)?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Нам ни е сосема природно да мислиме дека некој друг има повеќе таленти од нас и затоа има поголема одговорност пред Бога. Меѓутоа, во оваа парабола, човекот со само еден талант – со најмалку пари – се покажал неверен и го изгубил царството. Наместо да размислуваме за одговорностите на другите, ајде да се сосредоточиме на она што Бог ни го доверил нам и да размислуваме како да го употребиме на Негова слава.

**Како ќе поминете кога Бог ќе дојде да се „пресмета“ со вас?**

# ПОГЛЕДОТ НАСОЧЕН КОН НАГРАДАТА

По своето преобратување, Павле целосно се посветил на Христовото дело. Благодарение на своето образование и остриот ум, тој можел да биде многу успешен човек, гледано од световна перспектива. Меѓутоа, како Мојсеј, Павле претпочитал да страда со Божјите верни деца заради Христа. Издржал тепања, каменување, затвор, бродолом, глад, студ и многу други работи запишани во 2. Коринќаните 11,24-33. Како успеал сето тоа да го поднесе?

**Прочитајте Римјаните 8,16-18. Како сознанието дека тој е Божјо дете станало значаен фактор на неговата верност?**

_______________________________________________

Вредноста што Павле ја придава на наградата на верните е она што го поттикнувало трпеливо да поднесува страдања за Христа. Од затвор напишал: „Браќа, јас не мислам дека сум го достигнал тоа; но едно правам: го заборавам она што е зад мене, а се стремам кон она што е пред мене, трчам кон целта – кон наградата на горното призвание од Бога во Исус Христос“ (Филипјаните 3,13.14).

**Прочитајте го текстот 1. Тимотеј 6,6-12, што веќе го разгледавме, но вреди повторно да се навратиме на него. Која е клучната порака на тие стихови, особено за нас христијаните?**

_______________________________________________

Од библиска перспектива, благосостојба е да го имаме она што ни е потребно кога ни треба. Тоа не е натрупување на имот. Благосостојбата претставува и можност да се повикаме на Божјото ветување од Филипјаните 4,19: „Мојот Бог, по Своето богатство, нека ја исполни секоја ваша потреба, за слава преку Христос Исус.“ И конечно, благосостојба е кога сме благодарни за она што го имаме во Господа и кога се надеваме на Него во сè.

Бог не им ветува на своите деца дека сите ќе бидат богати во добрата на овој свет. Всушност, Тој вели дека сите што живеат побожно ќе бидат прогонувани. Она што Тој го нуди е подобро од секое друго световно богатство. Тој вели: „Јас ќе ги задоволам твоите потреби, и каде и да одиш, јас ќе бидам со тебе.“ И тогаш, на крајот, на своите верни ќе им даде вистинско богатство, вистински задолженија и вечен живот. Колку прекрасна награда!

При крајот на својот живот, Павле можел да каже: „Зашто јас веќе се изливам како жртва леаница, а времето за моето заминување настапи. Добро се борев, патот го завршив, верата ја запазив. Понатаму ме очекува венецот на правдата, што ќе ми го даде во оној ден Господ, праведниот Судија; но не само мене, туку и на сите кои се радуваат на Неговото појавување“ (2. Тимотеј 4,6-8). Нека даде Бог сите ние, според Неговата благодат, да го кажеме истото и со истата сигурност.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Овде изнесуваме сликовит приказ на едно црковно семејство кое, во финансиска смисла, верно управува со Божјите работи на земјата.

**Визија за повереничко управување во адвентистичките цркви насекаде во светот:**

Тоа се случува некаде во иднината. Пасторите и локалните црковни водачи успешно создале соодветна средина за добро повереничко управување во црквата. Тие го учеле, го подготвувале, го поддржувале и го охрабрувале црковното семејство да управува на библиски начин со финансиските средства.

Луѓето ги применуваат библиските принципи во сопствениот живот. Тие се сè подарежливи во давањето прилози, редовно одвојуваат одредена сума за непредвидени ситуации и се ослободуваат од потрошувачкиот долг.

Нивниот начин на живот е обележан со умереност, дисциплина и задоволство. Парите се отстранети од нивниот пиедестал и луѓето сè повеќе растат во личниот однос со Бога Создателот.

Сабота е наутро и луѓето пристигнуваат на богослужение. Нивното држење зрачи со спокојство – нема вознемиреност за финансиски прашања, тие зрачат со чувство на задоволство и благодарност.

Брачните судири околу парите речиси целосно се исчезнати. Луѓето пристапуваат на богослужението со чувство на исчекување на Божјото присуство и Неговото дејствување меѓу нив.

Црковните служби се финансиски целосно покриени и имаат силно влијание. Тие допираат со Христовата љубов, на многу опиплив начин, до оние на кои им е потребна.

Обезбедени се средства за одржување на црковните објекти кои се целосно погодни за служба и се одржуваат во одлична состојба.

Прашањето со кое сите се соочуваме е: „Што нè повикува Бог да правиме со сретствата што ни ги доверил, какви и да се тие?

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Разговарајте во класата за тоа како да ги разбереме двете многу јасни библиски учења: за спасението со вера и наградувањето според делата. Како да ги усогласиме овие два концепта?**
2. **Зошто учењето да бидеме задоволни со она што моментално го поседуваме не значи дека не треба да се стремиме да ја подобриме нашата финансиска состојба? Односно, зошто овие идеи не се нужно во судир?**
3. **Нема сомнеж дека еден ден нас нè чека вечноста. Какви одлуки носиме денес, дури и „малите“, а со помош на кои одредуваме каде ќе ја поминеме таа вечност?**

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македониіа



# УТРИНСКИ СТИХОВИ – ЈАНУАРИ
## НЕБЕСЕН ЦАР

### АЛФА И ОМЕГА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Недела* | **Откровение 22,13.** | *Алфа и Омега* |
| *2. Понеделник* | **Матеј 11,28.** | *Носач на товари* |
| *3. Вторник* | **Јован 15,5.** | *Жива Лоза* |
| *4. Среда* | **Исаија 28,16.** | *Избран камен* |
| *5. Четврток* | **Матеј 22,14.** | *Судија на сите човечки созданија* |
| *6. Петок* | **Матеј 6,29.** | *Врвен уметник* |
| *7. Сабота* | **Дела 17,28.** | *Зачетник на нашето постоење* |

### БЕСКРАЈНА ЉУБОВ

| | | |
|---|---|---|
| *8. Недела* | **Ефесјаните 6,10.** | *Избавител* |
| *9. Понеделник* | **Јован 11,25.** | *Зачетник на воскресението* |
| *10. Вторник* | **Галатјаните 6,14.** | *Возљубен* |
| *11. Среда* | **Исаија 40,29.** | *Победник кој има право на својата победа* |
| *12. Четврток* | **Матеј 6,15.** | *Бескрајна Љубов* |
| *13. Петок* | **1. Коринќаните 3,11.** | *Темел* |
| *14. Сабота* | **Јован 15,15.** | *Најдобар Пријател* |

### НЕБЕСЕН ЦАР

| | | |
|---|---|---|
| *15. Недела* | **Евреите 7,26.** | *Поглавар свештенички* |
| *16. Понеделник* | **Јован 8,58.** | *Оној што вечно постои* |
| *17. Вторник* | **1. Петрово 1,18.19.** | *Небесен цар* |
| *18. Среда* | **Софонија 3,17.** | *Оној што има моќ да спаси* |
| *19. Четврток* | **Исаија 60,1.** | *Младоженец* |
| *20. Петок* | **Јован 1,11.** | *Божествен глас* |
| *21. Сабота* | **Евреите 2,17.** | *Семоќен Помошник* |

### СРЕДИШТЕ НА СЕТА ДОБРОТА

| | | |
|---|---|---|
| *22. Недела* | **2. Мојсеева 14,14.** | *Заповедник на Господовата војска* |
| *23. Понеделник* | **Јован 3,17.** | *Возвишен лек против гревот* |
| *24. Вторник* | **Откровение 14,12.** | *Сјајната ѕвезда Деница* |
| *25. Среда* | **Еремија 30,17.** | *Божествен Лекар* |
| *26. Четврток* | **Псалм 119,68.** | *Средиште на сета доброта* |
| *27. Петок* | **Матеј 21,37.** | *Светец Израелев* |
| *28. Сабота* | **Матеј 7,20.** | *Божествената Глава* |

### СОВРШЕН ПРИМЕР

| | | |
|---|---|---|
| *29. Недела* | **1. Петрово 2,21.** | *Совршен пример* |
| *30. Понеделник* | **Матеј 9,2.** | *Заповедник над десет илјади* |
| *31. Вторник* | **Исаија 9,6.** | *Посилен од најсилните* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ФЕВРУАРИ

# СОЧУВСТВИТЕЛЕН ОТКУПИТЕЛ

### НЕБЕСНА ЛОЗА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Среда* | **Дела 16,9.** | *Најголемиот мисионер* |
| *2. Четврток* | **Михеј 5,2.** | *Детето од Витлеем* |
| *3. Петок* | **Јован 15,2.** | *Небесна Лоза* |
| *4. Сабота* | **Матеј 25,36.** | *Драгоцен Спасител* |

### ГОЛЕМ УЧИТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *5. Недела* | **Псалм 34,15.** | *Свет Стражар* |
| *6. Понеделник* | **1. Јованово 2,6.** | *Беспрекорен пример* |
| *7. Вторник* | **Лука 21,27.** | *Царот се приближува* |
| *8. Среда* | **Лука 19,9.** | *Новооткриен Учител* |
| *9. Четврток* | **Јован 6,50.** | *Леб испратен од Небото* |
| *10. Петок* | **Римјаните 7,18.** | *Голем учител* |
| *11. Сабота* | **Јован 1,3.** | *Заповедник на небесните сили* |

### СОЧУВСТВИТЕЛЕН ОТКУПИТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *12. Недела* | **1. Коринќаните 2,9.** | *Сопатник* |
| *13. Понеделник* | **Лука 22,43.** | *Оној на кого ангелите му укажувале почит* |
| *14. Вторник* | **Јован 11,21.** | *Воскресение и Живот* |
| *15. Среда* | **2. Коринќаните 4,6.** | *Сочувствителен Откупител* |
| *16. Четврток* | **1. Јованово 2,1.** | *Единствениот Посредник* |
| *17. Петок* | **Езекиел 3,17.** | *Големиот поглавар на Црквата* |
| *18. Сабота* | **Мудри изреки 18,24.** | *Пријател поверен од брат* |

### ГОСПОД И УЧИТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *19. Недела* | **Јован 2,19.** | *Победник* |
| *20. Понеделник* | **Лука 2,29.30.** | *Утеха на Израел* |
| *21. Вторник* | **Матеј 13,35.** | *Создател* |
| *22. Среда* | **2. Мојсеева 34,33.** | *Божествен Посредник* |
| *23. Четврток* | **Јован 13,8.** | *Господ и Учител* |
| *24. Петок* | **Евреите 10,10.** | *Јагнје* |
| *25. Сабота* | **Јован 3,16.** | *Посредник меѓу Бога и човештвото* |

### ПОМОЌЕН ОД САТАНАТА

| | | |
|---|---|---|
| *26. Недела* | **Откровение 15,4.** | *Таинствена Жртва* |
| *27. Понеделник* | **2. Тимотеј 3,12.** | *Помоќен од сатаната* |
| *28. Вторник* | **Исаија 53,2.** | *Божество* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – МАРТ
# ГОЛЕМ БОГ

## НЕБЕСЕН ДАР

| | | |
|---|---|---|
| *1. Среда* | **Римјаните 8,34.** | *Застапник пред Божјиот престол* |
| *2. Четврток* | **Лука 17,25.** | *Презрениот Назареец* |
| *3. Петок* | **1. Петрово 1,3.** | *Првина од оние што спијат* |
| *4. Сабота* | **Јован 3,19.** | *Небесен дар* |

## БОЖЕСТВЕН ПРИМЕР

| | | |
|---|---|---|
| *5. Недела* | **Откровение 6,2.** | *Божествен Победник* |
| *6. Понеделник* | **Јован 6,38.** | *Голем мисионски работник* |
| *7. Вторник* | **Лука 12,12.** | *Божествен Пример* |
| *8. Среда* | **2. Коринќаните 5,19.** | *Средиште на церемонијалниот систем* |
| *9. Четврток* | **Јован 5,17.** | *Најголемиот Работник* |
| *10. Петок* | **Јован 3,14.** | *Учителот од Галилеја* |
| *11. Сабота* | **Јован 15,4.** | *Жива Лоза* |

## ГОЛЕМ БОГ

| | | |
|---|---|---|
| *12. Недела* | **Псалм 32,8.** | *Божествен учител* |
| *13. Понеделник* | **Евреите 1,3.** | *Просветител* |
| *14. Вторник* | **Римјаните 1,20.** | *Создател на небото и земјата* |
| *15. Среда* | **Плачот на Еремија 3,22.23.** | *Секој ден Христос е наш дар* |
| *16. Четврток* | **Римјаните 12,2.** | *Голем Бог* |
| *17. Петок* | **Михеј 5,2.** | *Соработник* |
| *18. Сабота* | **Филипјаните 2,7.** | *Кроток и понизен* |

## ГОЛЕМ ИСЦЕЛИТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *19. Недела* | **Јован 10,27.** | *Спасител – Пастир* |
| *20. Понеделник* | **Марко 4,14.** | *Божествен Сејач* |
| *21. Вторник* | **Матеј 9,2.** | *Исцелител на душата* |
| *22. Среда* | **Марко 16,18.** | *Голем Исцелител* |
| *23. Четврток* | **Јован 9,4.** | *Божествен работник* |
| *24. Петок* | **Јован 13,13.** | *Учител пратен од Бога* |
| *25. Сабота* | **Матеј 11,29.30.** | *Стариј Брат* |

## СОВРШЕН ПРИМЕР

| | | |
|---|---|---|
| *26. Недела* | **Лука 19,10.** | *Врховен Мисионер* |
| *27. Понеделник* | **Евреите 7,25.** | *Вечен Спасител* |
| *28. Вторник* | **Марко 9,35.** | *Возвишен* |
| *29. Среда* | **Колошаните 4,6.** | *Совршен Пример* |
| *30. Четврток* | **Матеј 13,52.** | *Верен Домаќин* |
| *31. Петок* | **Јован 14,2.** | *Спасител на светот* |

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ



















Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Споријата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!







**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Јануари*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Мојс. 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| 4. | 10-12 |
| 5. | 13-15 |
| 6. | 16-19 |
| **7.** | 20-23 |
| | |
| 8. | 24-26 |
| 9. | 27-30 |
| 10. | 31-33 |
| 11. | 34-36 |
| 12. | 37-39 |
| 13. | 40-42 |
| **14.** | 43-46 |
| | |
| 15. | 47-50 |
| 16. | 2. Мојс. 1-3 |
| 17. | 4-6 |
| 18. | 7-9 |
| 19. | 10-12 |
| 20. | 13-15 |
| **21.** | 16-18 |
| | |
| 22. | 19-21 |
| 23. | 22-26 |
| 24. | 27-29 |
| 25. | 30-31 |
| 26. | 32-34 |
| 27. | 35-37 |
| **28.** | 38-40 |
| | |
| 29. | 1-4 |
| 30. | 5-7 |
| 31. | 8-10 |

## *Февруари*

| | |
|---|---|
| 1. | 3. Мојс. 11-13 |
| 2. | 14-16 |
| 3. | 17-19 |
| **4.** | 20-23 |
| | |
| 5. | 24-27 |
| 6. | 4. Мојс. 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| 8. | 7-9 |
| 9. | 10-13 |
| 10. | 14-16 |
| **11.** | 17-19 |
| | |
| 12. | 20-22 |
| 13. | 23-26 |
| 14. | 27-29 |
| 15. | 30-32 |
| 16. | 33-36 |
| 17. | 5. Мој. 1-3 |
| **18.** | 4-6 |
| | |
| 19. | 7-9 |
| 20. | 10-13 |
| 21. | 14-16 |
| 22. | 17-19 |
| 23. | 20-22 |
| 24. | 23-25 |
| **25.** | 26-28 |
| | |
| 26. | 29-31 |
| 27. | 32-24 |
| 28. | И. Навин 1-3 |

## *Март*

| | |
|---|---|
| 1. | И. Навин 3-4 |
| 2. | И. Навин 5-9 |
| 3. | 10-13 |
| **4.** | 14-17 |
| | |
| 5. | 18-21 |
| 6. | 22-24 |
| 7. | Судии 1-3 |
| 8. | 4-6 |
| 9. | 7-9 |
| 10. | 10-12 |
| **11.** | 13-15 |
| | |
| 12. | 16-18 |
| 13. | 19-21 |
| 14. | За Рута 1 и |
| 15. | 3 и 4 |
| 16. | 1. Сам. 1-3 |
| 17. | 4-6 |
| **18.** | 7-9 |
| | |
| 19. | 10-12 |
| 20. | 13-17 |
| 21. | 18-20 |
| 22. | 21-23 |
| 23. | 24-26 |
| 24. | 27-31 |
| **25.** | 2. Сам. 1-3 |
| | |
| 26. | 4-6 |
| 27. | 7-11 |
| 28. | 12-14 |
| 29. | 15-17 |
| 30. | 18-20 |
| 31. | 21-24 |

## *Јануари*

1. Псалм 1
2. Псалм 2
3. Псалм 3
4. Псалм 4
5. Псалм 5
6. Псалм 6
**7.** Псалм 7
8. Псалм 8
9. Псалм 9
10. Псалм 10
11. Псалм 11
12. Псалм 12
13. Псалм 13
**14.** Псалм 14
15. Псалм 15
16. Псалм 16
17. Псалм 17
18. Псалм 18,1-15
19. Псалм 18,16-30
20. Псалм 28,31-50
**21.** Псалм 19
22. Псалм 20
23. Псалм 21
24. Псалм 22,1-15
25. Псалм 22,16-31
26. Псалм 23
27. Псалм 24
**28.** Псалм 25
29. Псалм 26
30. Псалм 27
31. Псалм 28

## *Февруари*

1. Псалм 29
2. Псалм 30
3. Псалм 31,1-14
**4.** Псалм 31,15-24
5. Псалм 32
6. Псалм 33
7. Псалм 34
8. Псалм 35,1-14
9. Псалм 35,15-28
10. Псалм 36
**11.** Псалм 37,1-19
12. Псалм 37,20-40
13. Псалм 38
14. Псалм 39
15. Псалм 40
16. Псалм 41
17. Псалм 42
**18.** Псалм 43
19. Псалм 44,1-12
20. Псалм 44,13-26
21. Псалм 45
22. Псалм 46
23. Псалм 47
24. Псалм 48
**25.** Псалм 49
26. Псалм 50,1-5
27. Псалм 50,16-23
28. Псалм 51

## *Март*

1. Псалм 52
2. Псалм 53
3. Псалм 54
**4.** Псалм 55
5. Псалм 56
6. Псалм 57
7. Псалм 58
8. Псалм 59
9. Псалм 60
10. Псалм 61
**11.** Псалм 62
12. Псалм 63
13. Псалм 64
14. Псалм 65
15. Псалм 66
16. Псалм 67
17. Псалм 68
**18.** Псалм 69 ,1-16
19. Псалм 69,17-36
20. Псалм 70
21. Псалм 71,1-15
22. Псалм 71,15-24
23. Псалм 72
24. Псалм 73,1-15
**25.** Псалм 73,16-28
26. Псалм 74
27. Псалм 75
28. Псалм 76
29. Псалм 77
30. Псалм 78 ,1-14
31. Псалм 78,15-28

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈАНУАРИ 2023 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | ***6.*** | ***13.*** | ***20.*** | ***27.*** |
| **Виница** | **16:15** | **16:22** | **16:30** | **16:39** |
| **Колешино** | **16:15** | **16:22** | **16:30** | **16:39** |
| **Стар Дојран** | **16:16** | **16:23** | **16:31** | **16:40** |
| **Куманово** | **16:17** | **16:25** | **16:33** | **16:42** |
| **Неготино** | **16:18** | **16:25** | **16:33** | **16:42** |
| **Струмица** | **16:16** | **16:23** | **16:31** | **16:39** |
| **Кочани** | **16:15** | **16:22** | **16:31** | **16:39** |
| **Велес** | **16:18** | **16:26** | **16:34** | **16:42** |
| **Кавадарци** | **16:18** | **16:25** | **16:33** | **16:42** |
| **Дебар** | **16:24** | **16:31** | **16:39** | **16:48** |
| **Скопје** | **16:19** | **16:26** | **16:34** | **16:43** |
| **Битола** | **16:22** | **16:29** | **16:37** | **16:46** |
| **Кичево** | **16:22** | **16:29** | **16:37** | **16:46** |
| **Лаки** | **16:14** | **16:22** | **16:30** | **16:39** |
| **Чифлик** | **16:17** | **16:25** | **16:33** | **16:41** |
| **Штип** | **16:17** | **16:24** | **16:32** | **16:41** |
| **Тетово** | **16:21** | **16:28** | **16:36** | **16:45** |
| **Јегуновце** | **16:20** | **16:27** | **16:35** | **16:44** |
| **Росоман** | **16:18** | **16:25** | **16:34** | **16:42** |
| **Гевгелија** | **16:17** | **16:24** | **16:32** | **16:41** |
| **Свети Николе** | **16:17** | **16:24** | **16:33** | **16:41** |
| **Делчево** | **16:14** | **16:21** | **16:29** | **16:38** |
| **Валандово** | **16:16** | **16:24** | **16:32** | **16:40** |
| **Охрид** | **16:24** | **16:31** | **16:39** | **16:48** |
| **Радовиш** | **16:16** | **16:23** | **16:31** | **16:40** |
| **Прилеп** | **16:20** | **16:28** | **16:36** | **16:44** |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ФЕВРУАРИ 2023 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 3. | 10. | 17. | 24. |
| Виница | 16:48 | 16:57 | 17:06 | 17:14 |
| Колешино | 16:48 | 16:57 | 17:05 | 17:14 |
| Стар Дојран | 16:48 | 16:57 | 17:06 | 17:14 |
| Куманово | 16:51 | 17:00 | 17:08 | 17:17 |
| Неготино | 16:50 | 16:59 | 17:08 | 17:16 |
| Струмица | 16:48 | 16:57 | 17:06 | 17:14 |
| Кочани | 16:48 | 16:57 | 17:06 | 17:15 |
| Велес | 16:51 | 17:00 | 17:09 | 17:17 |
| Кавадарци | 16:51 | 17:00 | 17:08 | 17:17 |
| Дебар | 16:57 | 17:05 | 17:14 | 17:23 |
| Скопје | 16:52 | 17:01 | 17:10 | 17:19 |
| Битола | 16:54 | 17:03 | 17:12 | 17:20 |
| Кичево | 16:55 | 17:04 | 17:12 | 17:21 |
| Лаки | 16:47 | 16:56 | 17:05 | 17:14 |
| Чифлик | 16:50 | 16:59 | 17:08 | 17:16 |
| Штип | 16:49 | 16:58 | 17:07 | 17:16 |
| Тетово | 16:54 | 17:03 | 17:12 | 17:20 |
| Јегуновце | 16:53 | 17:02 | 17:11 | 17:20 |
| Росоман | 16:51 | 17:00 | 17:08 | 17:17 |
| Гевгелија | 16:49 | 16:58 | 17:07 | 17:15 |
| Свети Николе | 16:50 | 16:59 | 17:08 | 17:17 |
| Делчево | 16:47 | 16:56 | 17:05 | 17:13 |
| Валандово | 16:49 | 16:58 | 17:06 | 17:15 |
| Охрид | 16:56 | 17:05 | 17:14 | 17:22 |
| Радовиш | 16:49 | 16:57 | 17:06 | 17:15 |
| Прилеп | 16:53 | 17:02 | 17:10 | 17:19 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МАРТ 2023 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 3. | 10. | 17. | 24. |
| Виница | 17:23 | 17:31 | 17:39 | 17:47 |
| Колешино | 17:22 | 17:30 | 17:38 | 17:45 |
| Стар Дојран | 17:22 | 17:30 | 17:38 | 17:46 |
| Куманово | 17:26 | 17:34 | 17:42 | 17:50 |
| Неготино | 17:25 | 17:33 | 17:41 | 17:48 |
| Струмица | 17:23 | 17:31 | 17:38 | 17:46 |
| Кочани | 17:23 | 17:31 | 17:39 | 17:47 |
| Велес | 17:26 | 17:34 | 17:42 | 17:50 |
| Кавадарци | 17:25 | 17:33 | 17:41 | 17:49 |
| Дебар | 17:31 | 17:39 | 17:47 | 17:55 |
| Скопје | 17:27 | 17:35 | 17:43 | 17:51 |
| Битола | 17:28 | 17:36 | 17:44 | 17:51 |
| Кичево | 17:29 | 17:37 | 17:45 | 17:53 |
| Лаки | 17:22 | 17:30 | 17:38 | 17:46 |
| Чифлик | 17:24 | 17:32 | 17:40 | 17:48 |
| Штип | 17:24 | 17:32 | 17:40 | 17:48 |
| Тетово | 17:29 | 17:37 | 17:45 | 17:53 |
| Јегуновце | 17:28 | 17:36 | 17:44 | 17:52 |
| Росоман | 17:25 | 17:33 | 17:41 | 17:49 |
| Гевгелија | 17:23 | 17:31 | 17:39 | 17:47 |
| Свети Николе | 17:25 | 17:33 | 17:41 | 17:49 |
| Делчево | 17:22 | 17:30 | 17:38 | 17:46 |
| Валандово | 17:23 | 17:31 | 17:39 | 17:46 |
| Охрид | 17:30 | 17:38 | 17:46 | 17:53 |
| Радовиш | 17:23 | 17:31 | 17:39 | 17:47 |
| Прилеп | 17:27 | 17:35 | 17:43 | 17:50 |

*Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).

# ИСТОЧНОЦЕНТРАЛНА АФРИКАНСКА ДИВИЗИЈА




| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| Бурунди | 505 | 498 | 193.649 | 11.866.000 |
| Источно Конго | 336 | 450 | 125.519 | 16.740.259 |
| Источна Кенија | 3.582 | 1.966 | 616.654 | 48.346.493 |
| Источна Етиопија | 590 | 363 | 106.207 | 99.245.849 |
| Северно Конго | 1.239 | 892 | 245.269 | 30.112.762 |
| Северна Танзанија | 2.449 | 1.634 | 637.533 | 33.570.508 |
| Руанда | 1.893 | 668 | 980.598 | 12.952.000 |
| Јужна Танзанија | 1.239 | 1.066 | 200.184 | 26.163.492 |
| Уганда | 1.259 | 2.425 | 438.172 | 45.741.000 |
| Западно Конго | 671 | 510 | 342.275 | 42.741.979 |
| Западна Кенија | 3.505 | 2.277 | 481.788 | 21.074.507 |
| Западна Етиопија | 429 | 146 | 110.378 | 16.658.151 |
| Додадени полиња | 99 | 254 | 57.471 | 14.740.000 |
| **ВКУПНО** | **17.796** | **13.149** | **4.535.697** | **419.926.000** |

## ПРОЕКТИ:

**① Изградба на блок студентски дом во медицинската школа Мугонеро во Руанда**
**② Изградба на станови за персоналот на медицинската школа и универзитетот Масоро во Руанда**

**③ Изградба на агрикултурен центар во Нчванга, Уганда**

**④ Изградба на повеќенаменска сала на адвентистичкиот кампус во Етиопија**

**⑤ Изградба на блок спални соби и повеќенаменска сала на кампусот во адвентистичката школа Мвата за глуви деца во Кенија**

**⑥ Изградба на повеќенаменска сала на кампусот при универзитетот Аруша во Танзанија.**